ВАНЧО ЃОРЃИЕВ

# ПЕТАР ПОП АРСОВ

## ПРИЛОГ КОН ПРОУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ

ММ
СКОПЈЕ
1997

ЕДИЦИЈА ИСТРАЖУВАЊА


Рецензенти: Д–р Димитар ДИНЕСКИ
Д–р Стојан КИСЕЛИНОВСКИ

Издавач МАТИЦА МАКЕДОНСКА

Директор и главен уредник Раде СИЛЈАН

Уредник Антонио Б. ПАВЛОВСКИ

Ликовно графички уредник Нико П. ТОЗИ

КНИГОИЗДАТЕЛСТВО
МАТИЦА МАКЕДОНСКА
СКОПЈЕ

М-Р ВАНЧО ЃОРЃИЕВ

# ПЕТАР ПОП АРСОВ

## ПРИЛОГ КОН ПРОУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ

ММ
СКОПЈЕ
1997

# С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| ПРЕДГОВОР | | 7 |
| I. | РАСТЕЖ | 11 |
| II. | ВО ПОТРАГА ПО СОПСТВЕН ИДЕНТИТЕТ | 25 |
| III. | СЕБЕНАОЃАЊЕ | 37 |
| IV. | РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ЧЕКОРЕЊА | 57 |
| V. | СТРАДАЛНИЧКИ ГОДИНИ | 73 |
| VI. | БУРИ И ПРЕВИРАЊА | 91 |
| VII. | ЗАД ГРАНИЦАТА | 107 |
| VIII. | НОВИ НАДЕЖИ | 127 |
| IX. | НИЗ МАКЕДОНСКИТЕ СУДБИНИ | 141 |
| X. | ВРЕМЕ НА МОЛЧЕЊЕ | 153 |
| XI. | ЗАКЛУЧОК | 157 |
| ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА | | 163 |
| ИНДЕКС | | 177 |
| SUMMARY | | 195 |

# *ПРЕДГОВОР*

*Македонското националноослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XX век, глобално или парцијално, со сите свои компоненти и од различни аспекти, претставува голем предизвик и интерес кај сите проучувачи на поновата историја на македонскиот народ.*

*Секако, не помал интерес владее и за проучувањето на местото, улогата и значењето на одделни личности од македонското националноослободително движење кои го инспирирале и раководеле со него во споменатиот период. Еден од нив бил и Петар Поп Арсов.*

*Тој со својата широкоспектрална активност, што била распространета на повеќе полиња, на македонската историска сцена, активно опстојувал во временски интервал подолг од три децении, притоа појавувајќи се низ повеќе македонски пулсации.*

*Петар Поп Арсов е еден од основачите на "Младата македонска книжевна дружина" и редактор на нејзиното списание "Лоза". Поп Арсов се вброил меѓу шестмината величествени Македонци основоположници на Македонската револуционерна организација. Нему му припаднала и честа да го подготви првиот устав на Организацијата и да ја напише знаменитата брошура "Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници". Тој бил член на ЦК на МРО и на Претставничкото тело.*

*Петар Поп Арсов е вдахновител на идејата за отворање на Висока педагошка школа во Скопје со статус на државен факултет и поборник за независна македонска црква. Тој фанатички бил убеден во можноста за постоење на независна и самостојна Македонија како рамноправен фактор на Балканот и огорчен противник на нејзината делба.*

*Петар Поп Арсов се појавил како револуционер - идеолог, публицист и филолог. Тој е борец за национално, социјално, културно и духовно издигање на сопствениот народ. Воедно, Поп Арсов е борец и страдалник за македонската самобитност.*

*Сепак, неговото име и дело во современата историска наука кај нас до сега не нашле соодветен третман и место. Прв обид за расветлување на личноста и делото на Поп Арсов направил Петар Стојанов во 1963 година, кој е во рамките на дотогашните историографски достигнувања. Бугарската историографија која често се занимава со македонското националноослободително движење а со цел да ни ја докажува познатата теза за наводниот бугарски карактер на движењето, до сега не нашла за потребно, а ние мислиме дека и нема интерес да се занимава со делото на Петар Поп Арсов поради неговите кристални македонски определби. Оттука е и*

*определбата тоа да биде предмет на нашите проучувања. Доколу низ страниците на трудот успеавме да ја разрешиме поставената задача нашата сатисфакција ќе биде поголема.*

*Да спомeнеме дека проблематиката што ја третираме во книгава во основа е нашиот магистерски труд кој беше одбранет на Филозофскиот факултет во Скопје на 5. 07. 1995 година пред комисијата: проф. д-р Димитар Димески (ментор), проф. д-р Михајло Миноски и д-р Глигор Тодоровски (членови). Користам прилика да му се заблагодарам на менторот кој со своите конструктивни сугестии ни помогна при заокружувањето на трудот. Благодарност и кон сите оние кои на своевиден начин ни го олеснија истражувањето и ни помогнаа во работата. Благодарност и кон рецензентите на трудот (д-р Димитар Димески и д-р Стојан Киселиновски).*



*ПЕТАР ПОП АРСОВ 1868-1941*

# I

# РАСТЕЖ

1. Во крајниот југозападен дел на велешката околија се простира областа Азот – планинско–ритчеста висорамнина. Според народните преданија, областа го добила своето име од турскиот збор "асси" поради бунтовниот и непокорлив карактер на населението од овој крај.[1] Во втората половина на XIX век Азот претставувал посебна административно–управна единица во рамките на Велешката каза со нахиски центар во селото Богомила.[2] Нахијата опфаќала 14 села[3] распространети по долината на реката Бабуна и по падините на истоимената планина. Поголемиот дел од населението во Азот е од словенското племе Брсјаци, додека мијачки биле само селата Папрадиште и Ореше.[4] Само во две–три села живееле исламизирани Македонци, додека во селото Согле тенденциозно биле населени Арнаути.[5]

Над сите села во Азот по својата големина и дух се издигала Богомила, која своето име го добила по основоположникот на богомилското движење поп Богомил.[6] Тука, во таа некогашна лулка на Богомилството, во август 1868 год.[7], во семејството на поп Илија[8] и презвитера Ѕуна[9] Поп Арсови, се родил нивниот втор син Петар. Семејството Поп Арсови било едно од водечките во Богомила и во постојана служба на народот. По нивна

---

[1] Революционни борби въ Азотъ (Велешко) и поръчието, отъ Стефанъ Н. Аврамовъ, София 1929, 3–5.

[2] Архив на Македонија, фонд "Велешко–Бугарска митрополија" 1895 (натаму АМ. ВБМ). Д. VII/1а, 75.

[3] Исто.

[4] Революционни борби въ Азотъ ..., 5.

[5] Исто.

[6] Исто.

[7] Свидѣтелство (за завршен факултет), № 507, 8. VII. 1892 год. София, Архивско одделение на Институтот за национална историја – Скопје (натаму АО. ИНИ) Ф II 1434. Тоа е и единствениот официјален документ во кој е забележан месецот и годината на раѓањето на Петар Поп Арсов. Инаку, како година на неговото раѓање се посочува 1870 – види Ср. П. Петровъ, Помен за Петър П. Арсовъ, Ил. Илинденъ, XV/2 (142), София, 1943, 13. Потоа, се посочува и 1872 год. – види Л. Томаловъ, Петъръ Попъ Арсовъ, Ил. Илинденъ, XIII/1 (121), София, 1941, 6. Во жалната вест објавена по повод неговата смрт стои дека починал на 68–годишна возраст па аналогно на тоа произлегува дека е роден во 1872 год. – види Скръбна вестъ, АО ИНИ Ф II 1433.

[8] Според искажувањата на Стамен Поп Арсов на 18. II. 1993 год. во Скопје, гробот на поп Илија се наоѓал покрај олтарот во црквата во с. Богомила без никаков натпис (Исказите се запишани од авторот на овој труд).

[9] Македония, сборник отъ документи и материяли, София, 1978, 404.

иницијатива во 1868 год., токму кога се родил Петар, во Богомила било отворено четиригодишно основно училиште[10], во кое се предавало на народен македонски јазик. Училиштето било изградено со заеднички средства од селаните чија вкупна вредност била 10.000 гроша и со површина од 110,34 м².[11]

Петар раното детство го минува во своето потесно семејство кое што исцело било предадено на развојот на црковно-училишното дело. Во Богомила, Петар се стекнува и со своето основно образование кое траело од 1877/78 до 1880/81 учебна година.[12] Во Богомила се задржал до својата тринаесетта година од животот и притоа имал можност да го почувствува неподносливиот живот на своите соселани наметнат од османската власт. Во исто време се запознал и со слободарските стремежи на народот изразени преку разновидни форми на отпор, вклучувајќи го и вооружениот кој бил насочен кон официјалната османска власт и против разбојничките арнаутски банди.

---

[10] Петар Стојанов, Петар Поп Арсов во национално революционерното движење на македонскиот народ (1868–1919), Скопје, 1963, 14.

[11] АМ. ВБМ. Д. VII/2, АЕ. 3/5.

[12] Петар Стојанов, во веќе цитираниот труд за Поп Арсов, изнесува поинаква хронологија на неговото севкупно школување. Според него, Петар го завршил основното образование од 1878 до 1882 год. – види П. Стојанов, цит. дело, 16. Потоа вели дека во 1885/86 год. завршил четврти клас нижа гимназија во Велес. Исто, 21–31. Следствено на тоа, заклучува дека во 1887/88 год. Петар бил запишан во VI клас на Солунската гимназија, а на крајот заклучува дека во 1888/89 год. се запишал во VII клас во Белград. Исто, 49.

Меѓутоа, оваа хронологија, според постојната документација е неодржлива. Според еден документ од 03. 10. 1889 год. се гледа дека Поп Арсов бил сместен во пансионот на друштвото "Свети Сава" како студент во втора година. (в. Граѓа за историјата на Македонскиот народ од архивите на Србија (1888–1889), Т. IV кн. III, приредил д-р Климент Џамбазовски, Београд 1987, 595). Според друг документ од 31. 08. 1888 год. се гледа дека Поп Арсов, соодветно на својата школска подготовка и свидетелство, бил запишан како студент во прва година на високата школа (в. Граѓа ..., Т. IV кн. III, 203. Истото го потврдува уште еден документ од 22. 11. 1888 год. (Исто, 276–278).

Најголемиот број од исклучените ученици чии имиња не се споменуваат по класови за време на солунските настани од 1888 биле од седмиот клас (в. АМ Ф. "Политичко просветно одделение", МФ 439, пов. бр. 2, од 21. 01. 1888 год.; Георги Ст. Кандиларовъ, Българскитѣ гимназии и основни училища въ Солунъ, София 1930, 50–51; Погледь върху дѣятелноста на българската екзархия, (1877–1902), Leipzig, 1902, 61–63.

Понатаму, тврдењето на П. Стојанов дека во 1885/86 год. П. Арсов завршил IV клас нижа гимназија во Велес го побиваме со фактот што во тоа време во Велес не постои четирикласно образование, бидејќи IV клас бил отворен дури во 1886/87 год. (в. Тодор Д. Шоптрајанов, Сто години гимназијално образование во нашиот град, Зборник – 100 години Велешка гимназија, Титов Велес 1961, 130; Поглѣдъ върху дѣятелноста ..., 49).

Според сето напред кажано може да се заклучи следново:

1. Од учебната 1877/78 год. до 1880/81 Петар Поп Арсов завршил основно образование во Богомила;

2. Од 1881/82 год. до 1883/84 год. завршил трикласно ниже гимназиско образование во Велес;

3. Од 1884/85 год. до 1887/88 год. се школувал во Солун и тоа од IV до VII клас и

4. Од 1888/89 год. до 1889/90 год. бил студент во прва и втора година во Белград.

Во Азот крстареле бројни разбојнички банди во текот на 50-тите и 60-тите години на XIX век. Меѓу нив, со своите зулуми над мирното христијанско население, се издигал Зендил-ага со својата дружина. Бандата била ликвидирана во почетокот на 60-тите години од страна на Андреја Ќулљашев и неколкумина орешани.[13] Охрабрени од овој смел подвиг на орешани и жителите на селото Црешново набргу потоа го ликвидирале својот изедник арамијата Ибраим[14]. Во периодот од 1865 до 1875 год. во Азот дејствувал разбојникот Фета Џока, а околу 1880 год. Фејзо-ага.[15]

Во заштита на христијанското население во Азот во тоа време особено се истакнувало семејството Ќулљашеви од селото Ореше. Така, браќата Андреја и Мано Ќулљашеви во 1872 год. го ликвидирале Селман-ага заедно со неговото седумчлено семејство и сиот добиток на неговиот чифлик во с. Согле.[16] Последниот бил ликвидиран поради подршката што ја давал на патријаршистите и малтретирањето што го извршил над попот Спасе во с. Теово.

Во борбата против разбојничките банди во Азот, од Богомила се истакнал Темелко.[17]

За сите овие настани, Петар Поп Арсов слушал од постарите и тоа оставило длабока трага врз неговата детска душа што подоцна ќе најде одраз во неговиот расказ "На Мокров".

Поради слабата плодност на ова претежно планинско подрачје, луѓето рано почнале да одат на печалба во други земји, а особено во Србија. Првиот човек од Богомила што заминал на гурбет во Србија бил некојси дедо Мирче поради што бил наречен "Србот".[18] Набргу потоа бројот на печалбарите во Србија се зголемил. Паралелно со тоа се зголемувала и опасноста од ширењето на српската пропаганда во Богомила што печалбарите ја носеле со себе. Младиот Петар имал прилика во 1882 год. да види како поп Ангеле отворено застанал на страната на србоманите. Со тоа фактички настанал дефинитивен раздор на жителите на Богомила на две спротивставени страни.[19] Сиот овој амбиент, додека Поп Арсов се школувал во Богомила, бил надополнет со настаните од големата источна криза[20], кога

---

[13] Революционни борби въ Азотъ ..., 16-17.

[14] Исто.

[15] Исто, 17-20.

[16] Исто, 21-23.

[17] Исто, 24-25.

[18] АМ. ВБМ. Д. VII/1а, 75.

[19] Революционни борби въ Азотъ ..., 27.

[20] Види Крсте Битоски, Македонија во времето на големата источна криза, Скопје 1982; Зб. Македонија во источната криза (1875-1881), Скопје 1978; Васа Поповић, Источно питање, Београд 1928.

македонскиот народ преку Разловечкото[21] и македонското – Кресненско[22] востание се обиде да се избори за своите елементарни права.

2. По завршувањето на основното образование во Богомила, Петар Поп Арсов во 1881/82 учебна година[23] се запишал во велешката нижа гимназија која била финансирана од Велешката црковноучилишна општина[24]. Во поглед на црковноучилишното дело велешкото граѓанство било доста хомогено. Токму затоа со успех била крунисана борбата за еманципација од Цариградската патријаршија во 1868 год., кога била отфрлена нејзината јурисдикција[25]. Во 70–тите години на XIX век дошло до обединување на двете општини во една Велешка црковно–училишна општина[26]. Таа врз себе ги презела сите ингеренции од црковно–училишен и општествен карактер, дејствувајќи сосем самостојно и врз принципите од црковното и обичајното право.

Во отсуство на самостојна македонска држава и црква, општините претставувале еден вид неофицијален народен парламент како што ги нарекол и самиот Петар Поп Арсов, преку кои народот го "закрепнувал и зачувал стариот словенски демократски дух"[27]. Меѓутоа, против таквиот ôд на работите истапила новата духовна покровителка на велешани – Бугарската егзархија. Имено, според член 10 од султанскиот ферман од 28.02.1870 год. за основањето на Егзархијата, таа под своја јурисдикција ја добила Велешката епархија.[28]

Согледувајќи го значењето на општините, Егзархијата настојувала на нивно чело да доведе личност што ќе ги спроведува и ќе ги брани големобугарските интереси во Македонија.[29] Работејќи во тој правец, Бугарската егзархија во текот на учебната 1882/83 учебна год., кога Петар бил во вториот клас, успеала под своја контрола да ги постави сите училишта во Велес.[30] Според Егзархискиот правилник за училиштата, со нив управувал главен учител или директор над кого била спроведувана

---

[21] Види К. П. Стояновъ, Тридесетъ години назадъ. Исторически записки отъ първото македонско въстание прѣзъ 1876 година, Кюстендилъ, 1903; Љубен Лапе, Разловечкото востание од 1876 година и личноста на неговиот организатор Димитар Поп Георгиев Беровски, Скопје 1976.

[22] Види Зб. Кресненското востание во Македонија 1878–1879, Скопје 1982; Иван Катарџиев, Борба до победа, Т. I, Скопје 1983.

[23] Види белешка 12.

[24] Поглѣдъ върху дѣятелноста ..., 29–30.

[25] Александар Трајановски, Црковно–училишните општини во Македонија, Скопје, 1988, 203.

[26] Исто, 204.

[27] Вардарски (Петар П. Арсов б.н.), Стамболовщината въ Македония и нейнитѣ прѣтставители, Виена (София б.н.) 1894, 47.

[28] Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел (Трето дополнето и проширено издание), Скопје 1975, 164–167.

[29] Поглѣдъ върху дѣятелноста ..., 30.

[30] Исто, 24.

контрола од претседателот на општината.[31] Последниот бил должен да доставува редовни тримесечни рапорти до Егзархијата и годишен отчет за сета работа.[32]

Во прилог на Егзархијата и одел и општиот економски колапс што ја зафатил Османската империја во тоа време[33], а со тоа и градот Велес. Со пуштањето во промет на железничката линија Солун – Скопје во 1873 год. забрзано започнало продирање на ефтини западноевропски стоки на пазарите во Македонија па и во Велес. Тоа, од своја страна, довело до слабеење и пропаѓање на велешките занаетчии коишто не можеле да ја издржат силната конкуренција.[34] Воопшто за опаѓањето на економската моќ на Велес придонеле и територијалните промени што настанале на Балканот во времето на големата источна криза. Тоа значело стеснување на пазарите каде се пласирале велешките занаетчиски и мануфактурни производи, а секако придонес во тоа имала и зголемената царинска такса од страна на Австроунгарија дури за 30%.[35]

Сета оваа состојба се одразила врз приходите на општините кои веќе не биле во состојба сами да ги плаќаат своите учители. Во прашање дошла дури и работата на класното училиште кое најдлабоката криза ја преживеало во периодот од 1878 до 1882 год.[36] Ваквата состојба вешто била искористена од Егзархијата и на тој начин успеала да воспостави целосна контрола над училиштето. Оттогаш датираат и првите борби што ги повело будното велешко граѓанство и интелигенцијата, против мешањето на Егзархијата во нивните општински работи.

Во таква атмосфера, во учебната 1883/84 год. Поп Арсов го завршил трикласното нижо гимназиско образование. Антиегзархиското движење кое тогаш се зародило во Велес предизвикало голема омраза кај петнаесет-годишниот богомилчанец кон Егзархијата. Тој, со право подоцна станал нејзин најголем критичар и противник на нејзината денационализаторска и асимилаторска политика во Македонија.

3. Во почетокот на учебната 1884/85 год.[37] Петар Поп Арсов се запишал во IV клас на Солунската гимназија "Св. Кирил и Методиј"[38]. Солун, како

---

[31] Исто, 30.

[32] Исто.

[33] Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893–1903), II издание, Скопје 1982, 44–47.

[34] Данчо Зографски, Стопанскиот живот на Велес во XIX и почетокот на XX век. 100 години Велешка гимназија ..., 61–62.

[35] Исто, 62–63.

[36] Тодор Д. Шоптрајанов, цит. дело, 129–130.

[37] Види белешка 12.

[38] Гимназијата била основана на 05. 11. 1881 год. Види: Ил. Ивановъ, Македонската Almamater, Сб. Илинденъ, София 1927, 91–101.

економски и културен центар на Македонија и нејзина врска со светот, одиграл значајна улога врз проширувањето на мирогледот на многумина Македонци дојдени од внатрешноста на земјата, па и врз самиот Петар Поп Арсов.

"Солунската гимназија, без оглед на нејзиниот егзархиски ,езуитски' режим, била вистински расадник на револуционерни идеи"[39]. Во нејзината библиотека се наоѓала разновидна литература. Биле застапени делата на Шекспир, Писарев, Лермонтов, Пушкин, Гоголь, Виктор Иго и др.[40], а помеѓу нејзините ученици циркулирале и забранети книги. Гимназијата уште од своето основање се наоѓала во "фокусот на револуционерните пулсации".[41]

Петар Поп Арсов таквата клима во гимназијата имал можност да ја почувствува уште во првата година од своето школување во Солун. Всушност, тоа бил ученичкиот бунт од почетокот на 1885 год.[42] со којшто раководеле Ѓорче Петров и Пере Тошев. Поради бунтот биле исклучени 14 ученици.[43] Оваа ригорозна мерка придонела за привремено смирување на духовите во гимназијата.

Во меѓувреме, во Солунската гимназија пристигнувале други ученици од сите краишта на Македонија. Тие меѓусебно се запознавале и взаемно си влијаеле. Така, во 1886/87 год. во петти клас на гимназијата се запишал и Даме Груев.[44] Петар и Даме брзо се запознале и заедно формирале ученички кружок. На состаноците биле разгледувани разновидни прашања од историското минато и се воделе дискусии, како за минатото, така и за современите настани.[45] Кружокот со својата активност особено ќе се пројави во учебната 1887/88 год. за време на нередите и ученичкиот бунт во гимназијата. Тогаш Поп Арсов го добил првото "револуционерно крштевање"[46] и заедно со своите сомисленици отворено застанал на патот на големобугарските намери во Македонија.

Според директорот на гимназијата Георги Кандиларов, причина за споменатиот бунт била "тројца од учителите[47] повлијаени од едниот, настроен од некаде, (кои б.н.) пројавија дрска претенциозност..., некоректно држење и нередовно исполнување на должноста".[48] Според други податоци,

---

[39] Д. Димески, Македонското националноослободително движење ..., 117.

[40] Х. А. Полјански, Гоце Делчев и неговото време, I, Скопје 1972, 78.

[41] Д. Димески, цит. дело, 116–117.

[42] Исто, 120.

[43] Славко Димески, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија, Скопје 1960, 22–24; Ѓорче Петров, Спомени. Коресподенција (вовед, коментар и редакција Љубен Лапе), Скопје 1984, 40.

[44] Душан Хр. Константинов, Даме Груев, Смилево 1984, 19; П. Стојанов, цит. дело, 34.

[45] Д. Константинов, цит. дело, 21.

[46] П. Стојанов, цит. дело, 27.

[47] Се однесува на учителите: Александар Кулев, Коста Шахинов и Георги Попов.

[48] Георги Ст. Кандиларов, Българскитѣ гимназии ..., 49.

причина за нередите и бунтот била "клерикалноста на Кандиларов... којшто мнозина го сметаа за езуит и нетактичките интриги на споменатите учители родум бесарабци".[49] Нешто повеќе светлина врз овој настан фрла еден извештај на српскиот конзул во Солун од 21.01.1888 год.[50] Според него се добива впечаток дека бунтот бил директно условен од политичката ситуација во Бугарија т.е. од политиката на Стефан Стамболов (1887–1894) кој настојувал својот диктаторски режим да го наметне и врз црковно–училишното дело во Македонија преку Училишниот оддел при Егзархијата во Цариград.[51] Во споменатиот извештај, меѓу другото, се вели: "Во сите бугарски гимназии по Македонија, дотичните професорски совети се делат на русофилски и русофобски партии. Секоја од тие две партии гледа на своја страна да ги поведе и децата. Русофилите се држат за Русија и Егзархијата, русофобите до бугарската влада. Последните, овде во Солун ја постигнаа својата цел".[52] Во извештајот понатаму се истакнува дека Г. Кандиларов бил директор на гимназијата со помош на русофобите.[53]

Од тоа се гледа дека бунтот во гимназијата бил насочен против директорот Кандиларов, а индиректно против Стамболовата политика во црковно–училишен поглед во Македонија, чија што крајна цел била "да создаде во Македонија Бугари"[54]. Според тоа, тврдењето на Кандиларов дека "злобата и зависта... подбуцнувани... од некаде"[55], се причина за бунтот, губат секаква реална основа.

Политичките пресметки во Бугарија помеѓу Стамболов и неговите противници, пренесени преку нивните симпатизери во Македонија, со себе ја повлекле и Солунската црковно–училишна општина[56] и учениците од гимназијата[57] коишто во тоа гледале погоден момент за остварување на своите посебни барања.

Учениците зеле учество во нередите затоа што "не можеле да работат на бугарски јазик, туку сакале да работат и да им се предава на нивниот домашен македонски дијалект"[58]. Освен тоа, поттикнувачки врз учениците

---

[49] П. Динековъ, Македония въ преписката на професор М. Дриновъ, Македонски преглед, XIII/2, София 1942,77.

[50] АМ. Ф ППО МФ 439 пов. бр. 2.

[51] За Стамболовиот однос кон црковно–училишното дело во Македонија види: Вардарски, цит. дело, 3–5.

[52] АМ. ППО МФ 439 пов. бр. 2.

[53] Исто.

[54] Вардарски, цит. дело, 26.

[55] Г. Кандиларов, цит. дело, 49.

[56] С. Димески, Просветната политика ..., 27; П.Стојанов, Петар Поп Арсов ..., 42.

[57] АМ ППО цит. извештај.

[58] АМ ППО МФ 439, пов. бр. 32; Блаже Ристовски, Крсте П. Мисирков, Скопје 1966, 57; Климент Џамбазовски, културно–општествените врски на македонците во Србија во текот на XIX век, Скопје 1960, 191.

влијаел и економот на гимназијата Темко Попов од Охрид[59] кој бил во тесни врски со српскиот конзул во Солун Петар Карастојановиќ.[60] Темко Попов, со својата програма од јуни 1887 год.[61] во која се разработува прилично силна македонска национална идеологија, успеал да го разбранува и така веќе постоечкиот бунтовнички дух кај младите македонци.[62]

Бунтот започнал поради спротивставувањето на учителите: Александар Кулев, Коста Шахинов и Георги Попов[63], на "Еволуционната... воспитувачка задача... за која држеше и директорот по барање на Егзархот".[64] За нивното држење директорот Кандиларов го известил Егзархот. Последниот, за тоа веќе имал информации од друго место. За да се расветли случајот, Егзархот, од своја страна во Солун го испратил секретарот Хранов.[65] Во меѓувреме, тројцата учители си поднеле оставка на должноста.[66] Тоа било сигнал да се побунат и учениците.[67]

Во прво време се побунил целиот VI клас и петмина од седмиот. Тие телеграфски го известиле Егзархот дека доколку не биде сменет директорот сите ќе го напуштат училиштето.[68] Ултимативното барање на учениците и вмешувањето на црковно–училишната општина[69], повлијаеле Г. Кандиларов да биде разрешен од директорската должност, а за привремен управник да биде назначен Стателов.[70] Од тој момент, споменатите учители се вратиле на работа и го примиле раководството на гимназијата и училишниот совет.[71] Тогаш настанало подвојување меѓу членовите на општината и помеѓу самите ученици. Поттикнати од тројцата наставници, осумнаесет ученици од VII клас, кон крајот на јануари се побуниле и го напуштиле пансионот.[72] Поради тоа, егзархот бил принуден да го повика во Цариград главниот воспитувач во пансионот Радивоев.

---

[59] Б. Ристовски, Идејно–политичката подготвеност на Даме Груев (1887–1892), Зб. Даме Груев во македонското националноослободително движење, Скопје 1989, 42.

[60] Климент Џамбазовски, Нови прилози за македонското сепаратистичко движење, ГИНИ, VIII/2, Скопје 1964, 242.

[61] Исто, 243–244.

[62] Имено, Темко Попов уште во 1887 год. дејствувал помеѓу учениците во корист на српската пропаганда мафтајќи им со нивниот посебен македонски белег. Види: Граѓа ..., Т. IV, кн. 2, 202, 223, 219–220.

[63] Види П. Динековъ, Македония въ преписката ..., 77.

[64] Г. Кандиларовъ, цит. дело, 49.

[65] Исто, 50.

[66] Исто; Но, во веќе цитираниот извештај од српскиот конзулат во Солун стои дека тројцата учители си поднеле оставка дури откога во сета работа се вмешале и учениците, МФ 439, пов. бр.2.

[67] П. Стојанов, цит. дело, 42.

[68] АМ, ППО, МФ 439, пов. бр. 2.

[69] С. Димески, Просветната политика ..., 27.

[70] МФ 439, пов. бр. 2; Г. Кандиларов, цит. дело, 50.

[71] Г. Кандиларов, цит. дело, 50.

[72] Од извештајот на српскиот конзулат се добива впечаток дека овие осумнаесет ученици се побуниле против постапката на нивните петмина соклисници кои телеграфирале до Егзархот за

Меѓутоа, овие наводно направени отстапки од страна на Егзархот, брзо биле заменети со репресивни мерки. На 11.04.1898 год.[73] за нов директор бил испратен Никола А. Начев, а истовремено бил вратен и стариот воспитувач во пансионот Радивоев. На еден совет во неполн состав била донесена одлука да се исклучат осумина ученици, на некои да им се намали поведението, на други да им се одземат стипендиите и да им се забрани секакво излегување од пансионот.[74] Во знак на протест против таквата одлука, повеќе од половината ученици од VII–от клас ја напуштиле гимназијата.[75] Според други податоци, во учебната 1887/88 год., во солунската гимназија биле запишани вкупно 217 ученици, од кои 179 ја завршиле годината. Истата година, во VII клас биле запишани 25 ученици, а само 11 од нив завршиле. Според тоа, во текот на нередите биле исклучени вкупно 38 ученици. Од нив, 14 ученици биле од седмиот клас.[76]

Како резултат на овие нереди во гимназијата, кои првобитно биле пресметка помеѓу приврзаниците и противниците на Стамболовата политика, во бунтот се вклучиле и македонските ученици. Тие во тоа гледале можност за ослободување од строгиот касарнски режим во пансионот и изведување на наставата на нивниот мајчин македонски јазик. Меѓутоа, не го постигнале ниту едното, ниту другото. Напротив, 38 од нив биле исклучени од училиштето и биле принудени да бараат нови начини за продолжување на своето образование. Сега им останувало да го испробаат и вкусот на српската пропаганда.

Петар Поп Арсов, заедно со Даме Груев, во тоа време ја има предводничката улога меѓу учениците. Затоа тој бил исклучен, а истата улога ќе му припадне и при школувањето во Белград но, ќе го снајде истата судбина.

4. Настаните во солунската егзархиска гимназија од првата половина на 1888 год. внимателно биле следени од тамошниот српски конзул Петар Карастојановиќ. Сите информации за настаните тој ги добивал преку економот на гимназијата Темко Попов. Впрочем, интересот на српската пропаганда за ова просветно здание датира од порано. Имено, Стојан Новаковиќ, уште во ноември 1886 год., на поминување за Цариград, ја посетил гимназијата и се запознал со нејзиниот принцип на работа. Притоа,

---

сменување на директорот и од нивно име. Поради тоа тројцата учители поднеле оставка. Меѓутоа, овој податок е неточен, бидејќи тие ја поднеле оставката пред да започне бунтот. Напротив, оваа побуна сега била инспирирана токму од нив против главниот воспитувач во пансионот Радивоев, кој бил близок човек на Кандиларов и истовремено претседател на пансионската комисија.

[73] Г. Кандиларовъ, цит. дело, 51.

[74] Исто, 50.

[75] Исто, 51–52.

[76] Погледъ върху дѣятелноста ... 62–63; Г. Кандиларов изнесува дека биле исклучени 36 ученици (цит. дело, 52).

дошол на помисла дека "за српската пропаганда многу би значело кога би се парализирала работата на овој просветен завод".[77] Погоден момент за српската пропаганда да се добере до "лесен плен" кој според нејзините сфаќања лесно можел да се обработи и отпосле да послужи како спроводник на српските асимилаторски и завојувачки планови кон Македонија, се покажал токму бунтот во гимназијата од 1888 год.

Исклучените ученици од гимназијата, па и оние кои доброволно ја напуштиле барајќи начин за продолжување на образованието, преку Темко Попов стапиле во контакт со српскиот конзул во Солун. Тој им ветил дека "ќе им овозможи да го продолжат образованието во Кралството Србија".[78] Не само што им била ветена морална подршка на исклучените ученици, туку им биле ветени и стипендии доколку го продолжат школувањето во Белград.[79] П. Карастојановиќ за сето ова го известил српскиот дипломатски застапник во Цариград Стојан Новаковиќ и кај него го испратил исклучениот прилепчанец Панта Кондов за да преговараат.[80] Кондов, во своето излагање пред С. Новаковиќ, истакнал дека "тие не можеле да работат на бугарски јазик и сакаат да работат и им се предава на нивниот домашен македонски дијалект".[81] Тогаш, С. Новаковиќ за тоа побарал официјално писмено образложение од конзулот во Солун. Истовремено го задолжил за тоа да го извести Министерството за надворешни работи на Србија.[82] На тој начин започнала една широка преписка помеѓу српскиот конзул во Солун, дипломатскиот претставник во Цариград, Министерството за надворешни работи на Србија и Министерството за просвета. Министерството за просвета се покажало подготвено да ги прифати исклучените ученици и да им одобри стипендии,но под услов по завршувањето на образованието во Србија да се вратат во своите родни места и таму да дејствуваат во полза на српската идеја.[83]

После сето тоа се пристапило и кон практична реализација на планот за префрлање на учениците во Србија. За таа цел, летото во Солун допатувал претседателот на друштвото "Св. Сава", Светомир Николаевиќ. Тој во јуни успешно ја префрлил првата група од 13 ученици.[84] Во групата, покрај другите, се наоѓал и главниот актер од солунскиот бунт Петар Поп Арсов.[85] Во средината на септември[86] 1888 год. била префрлена и втората

---

[77] Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски ..., 190.

[78] Исто, 191.

[79] Б. Ристовски, Крсте П. Мисирков ..., 57.

[80] К. Џамбазовски, цит. дело, 191.

[81] АМ ППО, МФ 439. пов. бр.32.

[82] Исто.

[83] Б. Ристовски, цит. дело, 58–59.

[84] Граѓа ..., Т. IV, кн. III, 203–204.

[85] Тоа биле: Михаил Питов (Битола), Димитрија Михов (Горни Пороj–Демирхисерско–Серско), Андреја Христов (Велес), Иван Трифунов (Воден), Дијамандиј Колев (Штип), Петар Арсов (Богомила–

група од десет ученици од страна на Петар Тодоровиќ кој, по се изгледа, во тоа време престојувал во Солун во својство на владин комесар при народната банка.[87] Во оваа група, помеѓу другите, се истакнувал Даме Груев.[88] До крајот на 1888 год. во Србија, поединечно или во групи, пристигнале уште десетина ученици од Македонија. Со тоа, вкупниот број на Македонци кои заминале да се школуваат во Србија изнесувал 33 ученици.[89]

Петар Поп Арсов во Белград се запишал во I година на Филозофскиот факултет[90], оддел филологија[91], како вонреден студент[92]. Притоа, тој станал питомец на Министерството за надворешни работи[93] и бил сместен во приватна куќа. Меѓутоа, претпоставените Срби биле доста претпазливи со новодојдените ученици. Со цел да имаат постојана контрола над нив и постојано да им се всадува српската идеја во нивните срца[94], претседателот на друштвото "Св. Сава", Светомир Николаевиќ поднесол барање до Министерството за просвета и црковни работи да се подготви еден пансион за сите ученици.[95] Притоа, било предложено, средствата за издршка на учениците (50 динари месечно на ученик) да се даваат на друштвото "Св. Сава", а тоа да се грижи за издршката и облеката на учениците, затоа што таквиот начин би бил "практичен и корисен".[96]

Предлогот бил прифатен и брзо реализиран. На 01.11.1888 год.[97] бил отворен "Светосавскиот пансион" во куќата на владиката Виќентие. Тука биле сместени 32 питомци, а меѓу нив и Петар Поп Арсов.[98] Нему и на неговите другари им преостанувало да ја почувствуваат српската пропаганда врз својата кожа. Каква несреќа, "бегајќи од едно разочарување, учениците наидуваат на друго, уште потешко".[99]

---

Велешко), Димитрија Ѓорѓиев (Криворечка Паланка), Ефтим Попов (Косоврасти–Дебарско), Пантелија Шалаганов, Никола Симанов и Михаил Јованов (тројцата од Скопје), Симеон Димитров и Магдалена Михајлова (Тетово). (Граѓа ..., Т. IV, кн. III, 203–204)

[86] Б. Ристовски, Идејната подготовка ..., 43.

[87] Љубиша Доклестиќ, Српско Македонскиите односи во 19 век, Скопје 1973, 322.

[88] Групата ја сочинувале: Димитрија Илиев (Врбјаци – Дебарско), Димитрија Пирузев (Охрид), Владимир Бојациев (Охрид), Никола Герасимов (Охрид), Даме Груев (Смилево – Битолско), Иван Велинов (Бистрица – Велешко), Иван Велев (Дебар), Ристо П. Коцев (Штип), Димитар Мирчев (Прилеп) и Петар Паскалов (Енице Вардар). (К. Џамбазовски, Културно–општествените врски..., 192)

[89] Љ. Доклестиќ, Српско – Македонските односи..., 323.

[90] Граѓа, Т. IV, кн. III, 204.

[91] АМ, Ф "Друштво Св. Сава", МФ IV/6, 41.

[92] Исто.

[93] Граѓа, Т. IV, кн. III, 204.

[94] Исто.

[95] Исто, 203 – 204.

[96] Исто.

[97] К. Џамбазовски, Културно–општествените врски..., 193.

[98] Љ. Доклестиќ, цит. дело, 326.

[99] Гане Тодоровски, Македонската правостина, Скопје 1985, 108.

Лошите услови во интернатот, како и некоректниот асимилаторски однос на претпоставените, кои дури ги терале децата писмата до своите домашни да ги пишуваат на српски јазик[100] предизвикало огорченост и разочарување кај Петар Поп Арсов уште на самиот почеток. Тој, заедно со шестмината другари[101], сите студенти во I година на Филозофскиот факултет, на 22.11.1888 год. поднеле жалба до Министерството за просвета и црковни работи.[102] Во неа, меѓу другото, истакнуваат: "Друштвото ,Св. Сава' со своето старање (грижење б.н.) не доведе во незгодна состојба, во такви околности ние не можеме да го продолжиме натамошното образование..."[103] Во жалбата тие бараат средствата наменети за нивната издршка да им се даваат лично и сами да се грижат за себе. Како причина за своето незадоволство ги наведуваат лошите услови во интернатот за што пишуваат: "Да се спие на сламарици и перници наполнети со слама, да се покриваме со ќебиња кои, покрај тоа што се тенки, уште полни со гној и крв од ранениците, да работиме по четворица на едно асталче, ние не можеме и не сме навикнати."[104]

Меѓутоа, од еден друг пасус, подолу во жалбата, се гледа дека за нивното незадоволство причината била за нив неразбирливиот српски јазик. Во врска со тоа пишуваат: "Во интернатот не сме во состојба да го научиме српскиот јазик, ...како би можеле да ги разбереме нашите наставници во школото."[105] Набргу потоа дошло до судир меѓу учениците и претпоставените во пансионот. Во врска со тоа, секретарот на Министерството за просвета и црковни работи В. Кариќ, до Ст. Новаковиќ пишува: "Десетина од тие ученици слушатели на Великата школа, облечени така што да изгледаат како џентлмени, се бунат и закануваат дека ќе се вратат (во Македонија б.н.) ... сега не знам како ќе се заврши, но не верувам дека ќе биде добро за нашиот образ."[106]

Инцидентот завршил со исклучувањето на најблискиот соработник на Петар Поп Арсов во тоа време – Димитар Попов[107] како бунтаџија[108].

Привременото затишје што настапило потоа не значело и помирување со судбината. Тие и понатаму останале незадоволни. Тоа било забележано и од претседателот на пансионот Светомир Николаевиќ. На крајот од

---

[100] П. Стојанов, цит. дело, 52

[101] Тоа биеле: Димитар Михов, Андреја Христов, Михајло Питов, Дијамандиј Колев, Димитар Попов и Ристо Попов. (Граѓа..., Т. IV кн. III, 276.

[102] Исто, 276 – 278.

[103] Исто, 276.

[104] Исто, 277.

[105] Исто.

[106] К. Џамбазовски, цит. дело, 194.

[107] Д. Попов бил привремено исклучен. Тој, во наредната учебна година повторно бил сместени во пансион. (Граѓа..., Т. IV, кн. III, 595.

[108] К. Џамбазовски, цит. дело, 194.

учебната година, во извештајот до Министерството за надворешни работи тој пишува дека оние ученици што биле родум поблизу до Србија, како од Скопје, Тетово и Куманово, ќе бидат добри "за нашата народна мисла, т.е. за мислата на српското единство".[109] Но, за оние што биле од внатрешноста на Македонија, пишува дека "нив нешто ги мачи" и дека тие ја немаат решителноста како првите па заклучува "уште (се) сомневат во можноста од блиското српско ослободување".[110] Во оваа група биле учениците од Охрид, Прилеп, Штип, Велес и од други места што го сочинувале мнозинството. Меѓу нив бил и Поп Арсов. Очигледно е дека официјалните српски фактори не го согледале денационализаторскиот фактор како вистински мотив за незадоволство кај младите Македонци. Како што забележал еден учесник на овие настани, ним во Солун им се ветувале "златни ридови во Србија"[111], а сега сакале да ги нправат "вистински Срби"[112].

Во таква атмосфера, Петар Поп Арсов ја завршил првата година од своите студии во Белград. Настојувањата на српската пропаганда да ги посрби младите ученици биле попусти. Ристо Попов, на 21.08.1889 год., во врска со тоа запишал: "Сепак, ние останавме такви какви што сме биле".[113]

Во текот на наредната учебна година 1889/90 Петар Поп Арсов се запишал во втора година и повторно бил сместен во пансионот на друштвото "Свети Сава". Спротивставувањето на Петар Поп Арсов и неговите другари од нив да се направи "вистински Срби" во оваа година ќе доживее кулминација. Петар Поп Арсов и Димитар Попов проповедале против српската пропаганда и ги убедувале своите сотатковинци дека тие не се Срби.[114] Освен тоа, тие се зафатиле со преведување на романот "Бездушници" од Л. Комарчиќ, од српски на бугарски јазик. Овој ракопис Петар Поп Арсов подоцна го зел со себе во Софија со намера да го отпечати таму.[115]

Во текот на декември 1889 год. во пансионот дошло до нови немири. Организатори биле Петар Поп Арсов, Христо Поп Коцев и Никола Наумов.[116] Поради тоа, тројцата биле истерани од пансионот и исклучени од факултетот заради "лошо држење и покажаната голема неблагодарност

---

[109] Исто, 195.

[110] Исто.

[111] К. П. Мисирков, За македонцките работи (Јубилејно издание по повод стогодишнината од раѓањето на авторот), Предговор на Блаже Конески, Прилози на Тодор Диимитровски, Скопје 1974, 85.

[112] Исто, 87 – 88.

[113] АМ "ДСС" МФ VI/63, 11.

[114] Изјава на Даме Груев при неговото сослушување во Белград на 04. 02. 1890 год., Б. Ристовски, Кон проучувањето на престојот на Даме Груев во Белград, Прилози за Даме Груев, Битола 1985, 49 – 50.

[115] Исто, 50.

[116] Исто, 43.

спрема земјата и друштвото што ги примија".[117] Кон крајот на декември, Петар Поп Арсов и споменатите двајца со усна молба се обратиле до Министерството за надворешни работи на Србија за да ги прифати и им овозможи продолжување на образованието.[118] Им било одговорено дека ќе бидат прифатени откако за нив ќе добијат писмена информација од друштвото "Свети Сава". Меѓутоа, за да не се одолговлекува работата, Петар Поп Арсов и неговите другари, за да не изгубат во време, на 02.01.1890 год. повторно се обратиле до Министерството за надворешни работи, овојпат писмено, и побарале да не бидат оставени да ја загубат годината, а со тоа и својата иднина.[119] Во исто време истакнале дека на Петар Поп Арсов дома му се случила несреќа[120] па мора да си оди дома со намера повторно да се врати.

Ова нивно барање на 06.01.1890 год. било одбиено.[121] Веднаш по Божиќ, Петар Поп Арсов го напуштил Белград.[122] Засега не е познато дали Петар Поп Арсов прво се вратил во Богомила, или пак директно заминал за Бугарија.

Во меѓувреме се активирал и бугарскиот дипломатски претставник во Србија – Минчович, кој водел преговори со останатите студенти и нив да ги префрли во Бугарија.[123] Тој им ветил дека во Софија ќе им биде дозволено организирање врз македонска основа.[124] Таквите ветувања, од една страна, и денационализаторскиот однос на друштвото "Свети Сава" од друга страна, придонеле 34 македонски ученици да го напуштат Белград и да заминат за Софија.[125] Така, Петар Поп Арсов и останатите македонци, по сила на околностите биле принудени да побараат прибежиште во кнежевството Бугарија за да го продолжат своето образование.[126]

---

[117] Б. Ристовски, К. П. Мисирков..., 76.

[118] Б. Ритовски, Кон проучувањето..., 43.

[119] Исто.

[120] Според искажувањето на Даме Груев, тогаш починал татко му на Петар Поп Арсов. (Исто, 49)

[121] Исто, 43.

[122] Исто, 49.

[123] Б. Ристовски, Македонскиот народ и македонската нација, Т. I, Скопје, 1982, 534 – 535; За активноста на Минчович во тој правец види: Х. А. Полјански, Британски сведоштва за дипломатскиот спор околу прашањето за престојот на Даме Груев и другите македонски младинци во Белград. Прилози за Даме Груев..., 55 – 59.

[124] Славко Димевски, Даме Груев и македонското национално прашање до создавањето на ТМОРО. Прилози за Даме Груев..., 66 – 68.

[125] Љ. Доклестиќ, цит. дело, 327.

[126] Според еден документ, пред неговото напуштање на Белград, се гледа дека од филологија имал оценка 3, а грчки јазик 5 (Испитне оцене ванредних ученика из Македоније, АМ МФ VI/63, 41).

# II

# ВО ПОТРАГА ПО СОПСТВЕН ИДЕНТИТЕТ

1. По напуштањето на Белград, Петар Поп Арсов го продолжува своето образование во Софија како редовен студент по филологија на Софискиот универзитет "Свети Климент Охридски".[1] Во тоа време во Софија од Белград пристигнала група од 34 македонски ученици и студенти.[2] На чело на бугарската влада тогаш се наоѓал Стефан Стамболов, човек познат по својата туркофилска политика. Негова крајна цел била да добие поголеми отстапки од Османската империја во корист на бугарската пропаганда во Македонија. Убеден дека тоа полесно би се остварило доколку османлиите не бидат предизвикувани со ништо од страна на Бугарија, Стамболов решително истапувал против секаква дејност на македонската емиграција во Бугарија.[3] "Тој не им го признал правото да се мешаат во македонското дело дури ни на самите Македонци".[4]

Додека Петар Поп Арсов се школувал во Солун, Белград, па и по пристигнувањето во Софија, голем број слависти и етнолози се имаат зафатено со проучување на јазикот и народноста на Македонските Словени. Така, Иван Аксаков ја лансираше вистината дека Македонците не се ниту Срби, ниту Бугари, ниту пак Грци, туку посебен словенски народ кој треба своето "македонско наречје" да го издигне на степен на литературен јазик.[5] Написи за етнографијата и за јазикот на Македонските Словени во тоа време почнал да објавува и Петар Данилович Драганов.[6] Во 1890 год. од печат излезе и студијата "Народноста на Македонските Словени" од Карл Хрон.[7] Сето тоа, дополнето со дејноста на скопскиот егзархиски митрополит Теодосиј Гологанов за обновување на Охридската архиепископија[8], како и весникот "Македонија" што во тоа време го издавал Коста Шахов во Со–

---

[1] Свидѣтелство, № 507, 8 май 1892 София, АО ИНИ, Ф II, 1434.

[2] Љ. Доклестиќ, цит. дело, 327.

[3] История на България. Том втори, София 1955, 122 – 123; Светозар Тошев, По крвав път. Очерк за живота и дейноста на Пере Тошев, Пловдив 1969, 70.

[4] Б. Ристовски, Македонскиот народ..., Т. I, 476.

[5] Исто, 473.

[6] Исто, 408 – 466.

[7] Карл Хрон, народноста на Македонските Словени. (Избор и редакција Цветан Станоевски), Скопје 1990, 9 – 63.

[8] Славко Димевски, Митрополитот скопски Теодосиј, живот и дејност (1846 – 1926), Скопје 1965.

фија[9], извршило големо влијание врз определбите на Петар Поп Арсов[10] и неговите другари.

Загрижени за иднината на својата татковина, македонските студенти што го напуштиле Белград, во Софија се организирале во едно тајно друштво кон крајот на 1890 год. Организирањето врз македонска основа им било ветено уште во Белград од страна на бугарските кругови. Даме Груев, при сослушувањето во Софија, во врска со тоа рекол: "Ние го напуштивме школувањето во Белград и дојдовме во Софија, оти ни беше речено од бугарскиот дипломатски агент во Белград г. Минчович дека ќе имаме полна слобода за здружување на нас Македонците".[11] Особена улога околу организирањето на друштвото одиграл Коста Шахов.[12]

Најистакнати претставници во Македонското студентско друштво[13] (МСД) биле: Даме Груев, Петар Поп Арсов, Христо Поп Коцев, Димитар Мирчев, Никола Дејков и Никола Наумов.[14] Според Петар Поп Арсов, за организирањето на Друштвото бил изработен Устав и Правилник од една комисија во потесен круг. Истите, специјален човек ги однесол да се печатат во Романија, меѓутоа тие изгореле заедно со печатницата.[15] За Правилникот на Друштвото си споменува и Даме Груев[16], додека пак Коста Шахов споменува само Устав.[17]

Во недостаток на споменатиот Устав и Правилник, целите на Друштвото, според искажувањата на неговите припадници, биле:

1. Ослободување на Македонија од турско ропство;[18]

2. Формирање на револуционерна организација во Македонија по примерот на Бугарската револуционерна организација;[19]

---

[9] Гане Тодоровски, весникот "Македония" на Коста Шахов 1888 – 1891, Разгледи VII/10, Скопје 1965, 996 – 1023.

[10] Петар Поп Арсов погрешно истакнува дека тоа бил весникот "Гласъ македонски", П. п. Арсовъ, Произходъ на революционното движење въ Македония и първитѣ стѫпки на солунския "Комитетъ за придобиване политическитѣ права на Македония, дадени и отъ Берлинския договоръ", Бюлетинъ на врѣменното прѣдставителството на обединената бивша вѫтрешна Македонска революционна организация. № 8, София 1919, 3.

[11] Б. Ристовски, Портрети и процеси, Т. I, Скопје 1989, 433.

[12] Едно освѣтление на нашитѣ работи, Гласъ македонски, II/51, София 3. XII. 1895, 3.; П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.

[13] Даме Груев го именува како "Студентско друштво" или "Дружба". Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, Собщава Л. Милетичъ, София 1927, 9.

Додека пак, Димитар Мирчев го именува како "Македонско студентско друштво". Д. Мирчевъ, Даме Груевъ (Един величав жестъ), Ил. Илинденъ, I/1, София 1927, 7 –8.

[14] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9.

[15] П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.

[16] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9.

[17] Едно осветлениѣ..., 3.

[18] Исто.

[19] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 8 – 9; Д. Мирчевъ, Даме Груевъ..., 7 – 8; П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.

3. Врбување на сомисленици и нивно препраќање во Македонија;[20]

4. Издавање на едно списание што ќе се спротивстави "не само на турскиот терор, туку и на туѓите пропаганди што го цепат народот (македонски б.н.) на Срби, Грци и Бугари".[21]

Македонското студентско друштво првобитно имало строго конспиративен карактер. Заседанијата се одржувале по становите на студентите, а со вистинските цели на Друштвото биле запознаени само неколкумина.[22] Токму затоа воопшто не е зачудувачки што Уставот на Друштвото требало да са отпечати во Романија. МСД настојувало своите идеи да ги прошири меѓу македонската емиграција во Бугарија. За таа цел, Димитар Мирчев и Даме Груев држеле часови во вечерното училиште кое било организирано од страна на социјалистичкото друштво "Нов живот" чиишто слушатели биле печалбари од Македонија.[23]

Членовите на МСД мислеле постепено да ја легализираат својата дејност преку планираното списание. Меѓутоа, нивните планови биле прекинати по убиството на Белчев – министер за финансии на Бугарија, на 15.03.1891 год. По тој повод биле уапсени Даме Груев и Никола Наумов.[24] Според записникот од сослушувањето на Даме Груев се добива впечаток дека бугарската полиција имала целосни сознанија за дејноста на МСД и истото го третирала како "сепаратистичко".[25]

За да се избегне ризикот пред бугарските власти и "предвремените жртви"[26] Друштвото привремено ја прекинало сопствената активност. За ова друштво, чии главни протагонисти биле Петар Поп Арсов и Даме Груев, Крсте П. Мисирков запишал: "Тие сет душата на сите собитија во Македонија од тогај до сега. Они беа запознајани со Србија и Бугарија, со нивните култури и цели во Македонија. Они сознаа и опасноста за дележот на Македонија меѓу тие две држаи, ако да бидит Македонците сами да не се вооражат, за да си извојуват сами, со свои собствени сили и средства слободија, и со тоа да предупредат дележот на Македонија."[27]

2. Македонската студентска дружба која во март 1891 год., по сила на околностите, беше принудена да ја прекине активноста, во втората

---

[20] П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.

[21] Според записникот од сослушувањето на Даме Груев. Б. Ристовски, Портрети и процеси, Т. I, 433.

[22] Според Д. Мирчев, тоа биле двајца или тројца.

[23] Д. Мирчевъ, Даме Груевъ..., 8.

[24] Спомени на Д. Груевъ..., 9.

[25] Б. Ристовски, Портрети и процеси..., 432 – 434.

[26] Едно осветлениѣ..., 3.

[27] К. П. Мисирков, За македонцките работи..., 71. Интересно е да напомeнеме дека Мисирков не прави разлика меѓу МСД и Младата македонска книжевна дружина (ММКД). Можеби и сосема со право, зошто второто се појавува како директно продолжение на првото друштво.

половина на истата година претставуваше основната клетка, од која израсна,[28] Младата македонска книжовна дружина.[29]

Основа за тврдењето дека ММКД претставува рожба на МСД ни даваат два факти: 1. Инкорпорирањето на членовите на МСД што останале во Софија, во ММКД и 2. Прифаќањето на програмските определби на МСД. Во редовите на ММКД, покрај поранешните членови на МСД, биле вклучени поголем број македонски интелектуалци кои тогаш се наоѓале во Софија. Во нејзините редови влегувале: Петар Поп Арсов, Георги Баласчев, Георги Белев, Климент Караѓулов, Ефтим Спространов, Никола Дејков, Коста шахов, Иван Хаџиниколов, потоа, Андреј Љапчев, Тома Карајовов, Христо Матов, Наум Туфекчиев, Ангел Наумов и др.[30]

Според наведените имиња се гледа дека Дружината била составена од три групации: 1. Македонски ученици кои созреале на релацијата Солун–Белград–Софија; 2. Македонски интелектуалци кои се наоѓале во Софија и 3. Членови на некогашното културнопросветно друштво "Свети Климент".

Дружината била во тесна врска со кружокот во Софијското воено училиште со кој раководел Гоце Делчев.[31] Во јануари 1892 год., излегол од печат првиот број на официјалниот орган на ММКД списанието "Лоза", по кое и припадниците на Дружината ќе се наречат Лозари. Основите на списанието ги поставил Петар Поп Арсов[32] и истото излегувало под негово редакторство.[33] Сигурно дека за тоа одлучувачка била неговата филолошка поткованост.

Заседанијата, Лозарите редовно ги одржувале во своите станови. На нив се претресувале прашања од политички, општествен, економски и револуционерен карактер.[34] Тие биле под големо влијание од идеите на италијанските карбонари и американските револуционери–герилци.[35] Петар Поп Арсов и останатите Лозари вршеле силна агитација меѓу младите

---

[28] К. Шахов во врска со тоа пишува: "Во 1891 год. се образува едно приватно друштво од неколцина. Тоа друштво стана причина да се состави 'несреќната Млада македонска книжовна дружинна'". К. Шаховъ, Пазете се Македонци отъ измама и бѫдете благоразумни!, Гласъ Македонски, II/5, 23.12.1894, 2; Едно освѣтление..., 3.

[29] Повеќе за ММКД види Б. Ристовски, Македонскиот народ..., Т. I, 469 – 510 и таму посочената литература.

[30] Б. Ристовски, цит. дело, 486; П. Стојанов, Петар Поп Арсов..., 58; К. Пандевь, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878 – 1903, София 1979, 63; К. Кондовъ, Гоце Дѣлчевъ и другаритѣ му (Сб. Илинденъ 1903 – 1926), София 1926, 141; Очерки върху историята на македонското освободително движение, Македонско дело, VII/154, 25.02.1932, 8 .

[31] К. Кондовъ, Гоце Дѣлдевъ..., 141.

[32] Б. Ристовски, Портрети и процеси, Т. III, Скопје 1990, 396.

[33] Орде Ивановски, Значајна студија од 1934 година за настанувањето и развитокот на македонската нација, ГИНИ XVIII/1, Скопје 1974, 166.

[34] К. Кондовъ, Гоце Дѣлчевъ..., 141.

[35] Исто.

македонци кои доаѓале во Софија да се запишат во военото училиште[36], со намера да ги одвратат од претстојното побугарчување и да ги вратат назад во Македонија каде што би биле покорисни. Според сето тоа произлегува дека ММКД продолжила со негување и развивање на поставените задачи од МСД. Но, за да го избегне прогонот на власта, Дружината си го придодала "епитетот книжовна".[37]

Уставот[38] што Дружината го објавила на страниците на Лоза, целосно е ослободен од националната програма за која се залагала дружината. Тој содржи 11 члена распоредени во 6 поглавја: а) цел; б) состав; в) средства; г) управа; д) должности и е) посебни напатствија.[39] Според член 1, целта на Дружината била: а) да се издава едно списание на кое името, програмата и правецот ќе се одредат со одлука на Дружината; б) да се постави основа на едно читалиште во престолнината (Софија б.н.) и кога ќе дозволат средствата тоа да се уреди, и в) кога Дружината ќе располага со достапно средства, да прави и други благодејанија во сообразност со својата цел; како на пример издржување на ученици и сл.[40]

Оттука произлегува дека уставот бил донесен пред да се оформи списанието, можеби уште и од МСД. Тој требало да ја легализира дејноста на Дружината и да послужи како фасада за прикривање на нејзините македонски национални планови. Меѓутоа, и покрај таквата конципираност на уставот, ММКД ги обелоденила своите национални определби во предговорот на списанието.[41] Во него, помеѓу другото, Дружината алармира на опасноста од пропагандите на соседните држави во Македонија. Во врска со тоа пишува: "Само еден поглед е доста да се видат насушните потреби на нашата родина. Благодарение на последните политички настани на нашиот полуостров и географската положба на Македонија, денес таму се собрале севозможни надворешни елементи, кои, воодушевени од своите сосипувачки планови и интереси за нашата иднина, слободно и со трескава енергија го засилуваат антагонизмот којшто и така постои во земјата".[42]

Затоа, ММКД до читателите порачува:

**"Само еден силен отпор од наша страна може да не зачува од незаситените посегања..., затоа ни се потребни сили, а нашите**

---

[36] Къмъ борбитѣ въ югозападна Македония (Кичевско, Битолско, Леринско, Преспанско, Дебарско) по спомени на Лука Джеровъ, Георги попъ Христовъ, Ангел Андреевъ, Георги Папанчевъ и Лазар Димитровъ, собщава Л. Милетичъ, София 1926, 5.

[37] П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.

[38] Види Устав на младата македонска книжовна дружина во Софийа, Лоза I/1, 1892, Софіа 1892, 47 – 48.

[39] Исто, 47 – 48.

[40] Исто, 47.

[41] Предговор, Лоза I/1, I - III.

[42] Исто, II.

**се разнебитени, раздробени, значи, треба да ги соединиме, да ги собереме во една општа моќна сила, сила - народна, ако сакаме да ја запазиме иднината на нашата татковина.**

**Тоа треба да биде стремежот на секој штогоде чувствителен Македонец, каде и да се наоѓа тој. Младата македонска книжовна дружина, имено, таа цел ја има предвид... За постигање на таа цел Дружината ја издава својата ,Лоза'".**[43]

Во прилозите објавени на страниците на списанието Лоза, авторите на текстовите на мошне вешт начин настојуваат да го прикажат посебниот историски, културен и етнографски карактер на Македонија, притоа водејќи сметка да го подзадоволат и вкусот на бугарското оппштество и влада. Во тој правец е насочена и статијата на Езерски (Георги Баласчев б.н.) под наслов "Неколку бележки. По повод написаното Битолско, Преспа и Охридско пѫтни бѣлежки от ***".[44] Потоа, рецензијата на книгата "Государства и наводы, ...".[45] Непотпишаниот автор на оваа рецензија истакнува дека за истата книга се појавиле рецензии и во Бугарија, но во нив намерно бил изоставен средишниот дел од книгата што се однесува на односот на Бугарија кон Македонија.[46] Во овој дел посебно е нагласено постоењето на одделниот македонски народ под името Македонски Славјани. Тука се даваат статистички податоци до коишто дошол авторот на книгата, нагласувајќи дека во цела Европска Турција живееле 325.000 Бугари, 950.000 Грци и 1.250.000 Македонски Славјани кои не се ниту Срби, ниту Бугари, туку "Македонски Славјани" подложени на бугарската пропаганда.[47]

Додека пак во статијата "Неколку думи по въпроса за народноста"[48] е направен обид за научно објаснување на неопходните услови за постоењето на еден народ – нација. На крајот во статијата се заклучува дека народноста на "Македонците (мислиме Македонските Българи) е бугарска".[49] Но, и покрај таквата констатација, во интерес на вистината е да кажеме дека една подбелешка од истата статија всушност го демантира горново. Во таа подбелешка, меѓу другото, се вели:

**"...во нашиот крај - Македонија, каде нема судири со другите христијански елементи - грци или арнаути, народот уште не го**

---

[43] Исто, III.

[44] Лоза, I/1, 5 – 20.

[45] Исто, 34 – 38. Рецензија, се однесува на книгата "Государства и наводы, ихъ прошедшее, настояще и будуще, и болгарская крьивда". Историческія, Етнографическія и политическія статьи, по священныя восточному вопросу (Москва 1890 г.) од Д. Н.

[46] Лоза, I/1, 34.

[47] Исто, 37.

[48] Исто, 49 – 58.

[49] Исто, 58.

**знае името "Бугарин", па и доколку тоа денес постои по цела Македонија, се сомневаме дека тоа име е зачувано по непрекината традиција. Освен тој факт, кон тоа сомнение што го спомнавме, уште не тера и самата форма на името ("Бугарин"), која никако не ја допушта фонетиката на јазикот... Требаше да имаме не "Бугарин", туку "Болгарин" или "Българин" "...**[50]

Лозарите прифатија еден нов правопис и јазик на којшто се печатеше списанието, со тенденција истиот да послужи како основа врз која ќе се изградува идниот литературен јазик на Македонија. Нивната новина се состоеше во исфрлањето на знаците:**ъ** и **ь** од крајот на зборовите, додека, за означување на мекоста се предвидува симболот ( ' ); за членувањето на машкиот род во еднина се отфрла формата **ьт** и се заменува со **от**; исфрлање на буквата ѫ и нејзино заменување со **ь**, освен на крајот на глаголите и глаголските суфикси каде што **ь** се заменува со **ѧ**; за **ѣ** се употребува **є**. За означување на дифтонзите **я** и **ю** се употребува **і+а=ја**, **і+у=ю**, место предлозите **във** и **със** се употребува во и со и некои измени во јотацијата.[51]

По излегувањето на првиот број на Лоза, бугарското општество и влада согледале дека активностите на ММКД директно се насочени против бугарските интереси во Македонија. Поради тоа, жестоко се нафрлиле врз лозарите. Во тој поглед, предводничката улога ја имал официјалниот владин весник "Свобода". На 18.02.1892 год., во врска со лозарите и нивната дејност "Свобода" пишува: "Ами сега, по толку взаемни страдања на Бугарите, овдешни и Македонски; по толку жртви вложени за една иста идеја, за идеја на единство на целиот народ, – сега како да ја објасниме оваа појава во нашиот општествен живот?".[52]

И навистина "Свобода" одлично ја објасни појавата на лозарите, дури подобро отколку што самите тие го сториле тоа. Но, во исто време, таа сосема јавно ги изнесе и бугарските планови кон Македонија. За сето тоа "Свобода" пишува: "Усилбите на целата интелигенција, на целиот бугарски народ, засега се насочени кон глува, бесшумна борба за бугарското национално единство; се арчат и пари и сили, и народна енергија во таа борба со Србите и Грците; не се штеди ништо за да победи идејата дека Бугаринот од Македонија, Тракија и Мизија, е син на една и иста мајка Бугарија, ...и при сето тоа на самото предвечерје на таа засега нерамноправна борба во отворена војна, во бугарската престолнина, во срцето на Бугарија излегуваат луѓе што се осмелуваат да ги расипат

---

[50] Исто, 56.

[51] Лоза, I/2, 95 – 96.

[52] "Лоза", месечно списание, издава Младата македонска книжовна дружина, Свобода VI/774, София 18. 02. 1892, 3.

плодовите на толкугодишни усилби, да докажат дека македонските Бугари се одделна нација, со посебен јазик, со посебни историски задачи! Какви подобри докази можеа да бараат Србите дека Македонија не е бугарска?".[53]

Знаејќи дека главните протагонисти на Лоза беа македонските студенти што пребегаа од Белград во Софија на чело со Петар Поп Арсов, ним "Свобода" заканувачки им препорачува: "Да не го наскрбуваат бугарското народно чувство со подигравка на светиот бугарски идеал! Ако сакаат да му пакостат на светото бугарско дело, да не го прават тоа барем во бугарската престолнина. Ете им го Белград: Нека повелат таму и од таму нека фрлаат камења врз зградата што се грижел да ја изгради целиот бугарски народ – од Црно Море до Дрим.".[54]

После ова, Петар Поп Арсов и останатите лозари, испратиле одговор до редакцијата на в. "Свобода" на 26.02.1892 год.[55] Меѓутоа, "Свобода" не го објави испратениот одговор во кој лозарите се обидувале да ги оправдаат своите постапки поради новоприфатениот правопис и јазик на којшто излегувало списанието. Во одговорот, меѓу другото, лозарите пишуваат: "После тоа недоразбирање помеѓу Дружината и општественото мнение, веднаш на јаве испакнува недовербата на слободните браќа кон македонците, а таа недоверба е плод на недоволно познавање на македонецот – неговите стремежи, чувства и идеали.".[56] Освен тоа, лозарите ја истакнаа и својата непоколебливост и непокорност: "Ние не се стреснуваме од тешките обвиненија и секогаш сме готови, секогаш и на секому да дадеме сметка за нашите превземања.".[57]

По излегувањето на вториот број на "Лоза", "Свобода" одново се нафрли врз неа. Овојпат преку перото на големобугаринот Левов.[58] Меѓу другото, тој пишува: "Младата дружина под превезот на книжевноста не ја гони целта и пропагандата за некаков фонетски правопис, ами тенденции и цели колку куриозни, жални, толку возмутувачки, срамни и опасни.".[59] Понатаму, тој заклучува дека Дружината "полека лека ќе го подготвува бугарското општествено мнение за одделување на Македонија од Бугарија и полека–лека ќе воведува зборови од охридското поднаречје што ќе биде литературен јазик на идната Голема Македонија, на чело на која ќе дојде некој од редакторите на "Лоза" во својство на Филипа или Александра!?! Итро и умешно замислено и тоа знаете каде? – во Софија во тоа срце,

---

[53] Исто.

[54] Исто.

[55] Необнародваниот отговор во в. "Свобода", Лоза I/3–4, Софиа 1892, 183 – 186.

[56] Исто, 184.

[57] Исто.

[58] Псевдоним на стамболовичисткиот публицист Лев Драмов. Б. Ристовски, Македонскиот народ..., Т. I, белешка 41, 491 – 492.

[59] Д. Т. Левовь, "Лоза", Свобода, VI/786, София 13.04.1892., 3.

центарот на Бугарија и бугаризмот!!!".[60] Левов, откако се задржува на првите два прилога на "Лоза", истакнува дека тоа е сепаратистичко движење и ја алармира бугарската јавност: "Како што гледате Македонската дружина, смета дека нивната татковина е Македонија, дека последната е населена со одделно словенско племе наречено ,Македонци'; дека таму се собрале ,севозможни надворешни елементи' т.е. Бугари, Грци, Срби... дека целта им е да ни дадат еден силен отпор и да се запазат од нашите разбојнички посегања и дека ,Лоза' ќе и служи на истата цел!! –како ви се бендисува?!".[61]

Полемиката околу "Лоза" беше пренесена и во други весници како шуменскиот "Искра", егзархискиот орган "Новини", потоа во српскиот печат преку "Побратимство" и грчкиот патријаршиски орган "Неологос".[62]

3. Додека траеше полемиката околу "Лоза", во меѓувреме од печат излезе 3–4 број како двоброј каде што беше објавен прозниот расказ на Петар Поп Арсов "На Мокров".[63] Дејствијата во расказот се случуваат во Богомила, родното село на Петар Поп Арсов, и во потесното подрачје на Азот, притоа отсликувајќи еден секојдневен настан од животот во поробена Македонија.[64] Сето тоа авторот го прикажува на еден мошне интересен начин каде што се испреплетуваат природата, митологијата и менталитетот на народот од овој крај со што расказот добива извонредна уметничка вредност. Во расказот Петар Поп Арсов, во лицето на еден патник, ги пренесува своите размислувања и пораки до народот.[65] Затоа, тој пишува:

**"Рајо, рајо! Мислиш ли ти, дека со бабински плачеви ќе те слушне Бог и ќе се спасиш?**

**Се лажеш несреќнице!**

**Дојди по мене и ќе се спасиш - рекол Исус на еден, а тоа значи: Стани, опри се против непријателот и Бог ќе ти помогне.**

**Лозјето не сака молитва, ами мотика! Од "оф" и "леле" и "што ми било пишано"! до сега никој не видел аир.**

**...та свести се, забога!**

**Те тепа арнаутин - тепај го и ти! И тој душа и ти: раце ти дал Господ - што му додеваш на Бога?".[66]**

---

[60] Исто.

[61] Исто.

[62] Види: Б. Ристовски, Националната ориентација на Младата македонска книжовна дружина и на научнолитературното списание "Лоза", Просветно Дело, XXI/5 – 6, Скопје 1965, 229 – 230.

[63] Види: П., На Мокров (Расказ из живота на Македонците). Лоза I/3 – 4, 139 – 156.

[64] Види Ванчо Тушевски, Насилството и одмаздата во расказите на Петар Поп Арсов и Атанас Раздолов, Историја XXI/2, Скопје 1985, 315 – 323.

[65] П., На Мокров..., 151 – 153.

[66] Исто, 152.

Во расказот, Петар Поп Арсов ги предава дијалозите на македонски јазик со карактеристичниот дијалект на Азот. Расказот, не само што е напишан со типичниот лозарски правопис, туку тој е усовршен и е единствен текст во списанието "Лоза" со таков правопис. Петар Поп Арсов всушност е првиот Македонец[67] што во текстот за меките македонски консонанти ја употребува формата на графемите онака, како што Мисирков ги употреби дури по 11 години.[68] Имено, Петар Поп Арсов, за време на својот престој во Белград, се запознал со Вуковиот фонетски правопис[69], а сега, како студент што ги приврШува студиите по филологија, дошол до сознание дека за македонскиот литературен јазик најприфатлива основа е "живиот говорен македонски народен јазик и фонетскиот правопис како принцип при конечното оформување".[70] Секако дека големо влијание за таквите негови определби имала и полемиката што се водела меѓу филолозите во Бугарија околу македонските консонанти.[71] Впрочем тој имал подготвено и една опширна студија за македонскиот литературен јазик.[72]

Новината што ја воведе Петар Поп Арсов се состоеше во употреба на "графеми за палаталните консонанти к' (кук'а, нек'у, к'е); г' (мег'у, луг'е, г'аур) и н' (кон'у), ...во овие дијалози не ја наоѓаме буквата л' – можеби поради навистина мошне ретката употреба во нашиот јазик воопшто".[73]

Друга карактеристика е тоа што тој редовно го употребува тројниот македонски член (к'іошот, чо'еков, селово, очиве, долон) и честото испуштање на интервокалното **в**[74] (чое'к, гласо'и, краста'и).[75]

Новините што Петар Поп Арсов ги вгради во својот расказ подоцна послужиле како урнек на Крсте Петков Мисирков кој, дури единаесет години подоцна ја употребил истата форма на графемите за меките македонски консонанти во знаменитата книга "За македонцките работи".

Попарсовата, и активноста на останатите лозари, беше насочена кон самоосознавање на Македонецот во неговата културна, етнографска и јазична посебност. Тоа ја вознемири бугарската влада, која во средината

---

[67] Стојан Ристевски, Создавањето на македонскиот литературен јазик, Скопје 1988, 49.

[68] Б. Ристовски, Македонскиот народ..., Т. I, 573 – 574; Б. Ристовски, Петар Поп Арсов и македонската азбука, Нова Македонија XXXVII/12215, Скопје 25.01.1981., 10.

[69] Б. Ристовски, Петар Поп Арсов и македонската азбука..., 10.

[70] Исто.

[71] Б. Ристовски, Македонскиот народ..., Т. I, 579 – 586.

[72] Исто, белешка 16, 567; Во разговорот што го имавме со Стамен Поп Арсов на 18.02.1993 год. во Скопје, меѓу другото ни соопшти дека Петар Поп Арсов имал напишано азбука и граматика на македонскиот јазик. Меѓутоа, и покрај нашите настојувања да ја пронајдеме личната архива на Петар Поп Арсов, не успеавме.

[73] Б. Ристовски, Македонскиот народ..., 586.

[74] Исто, 587.

[75] Поопширно за севкупната литературно–филолошка дејност на Петар Поп Арсов види Б. Рисовски, Македонскиот народ..., Т. I, 564 – 590.

на 1892 год. ја забрани "Лоза" и ја растури ММКД.[76] Со забраната на "Лоза" бугарските власти не се спротивставија само на едно списание, туку на едно организирано македонско национално движење коешто го нарекоа "сепаратистичко". Во тоа време, т.е. на 08.07.1892 год., Петар Поп Арсов доби свидетелство за завршен филолошки факултет.[77] Со тоа, неговиот престој во Бугарија стана излишен. Доследен на заветите дадени во МСД и ММКД, тој ќе се врати во Македонија каде му претстоеше продолжување на започнатото дело.

Поп Арсов и лозарите извршија големо влијание меѓу македонската емиграција во Бугарија и воопшто во македонското дело. Нивното прво признание уследи само по десетина години од перото на Крсте П. Мисирков кој забележал дека лозарите настојувале "да ги одделат интересите на македонците од бугарските со воведувањето на едно од македонските наречја на степен на литературен јазик за сите Македонци".[78] Додека, пак, Бистришки, во 1934 год., истакнува дека лозарите под редакторство на Петар Поп Арсов се бореле против српската, грчката и бугарската пропаганда во Македонија и дека тие "т.н. македонски сепаратисти го докажаа постоењето на одделната македонска нација и пледираа за самостоен државен живот на таа држава.".[79]

---

[76] Едно освѣтление..., 3; К. П. Мисирков, цит. дело, 71.

[77] Свидѣтелство..., № 507.

[78] К. П. Мисирков, цит. дело, 71.

[79] Орде Ивановски, Значајна студија..., 166.


Дубликатъ

Висше Училище въ София

Свидѣтелство

№ 507

*Дупликат од свидетелството на Петар Поп Арсов за завршено Високо образование*

# III

# СЕБЕНАОЃАЊЕ

1. По завршувањето на студиите во Софија и по забраната на "Лоза", Петар Поп Арсов се враќа во Македонија. Притоа се вработил како професор во Скопје во учебната 1892/93 год.[1] За време на едногодишниот престој во Скопје, Петар Поп Арсов, преку скопското граѓанство, имал можности поодблизу да се запознае со дејноста на митрополитот Теодосиј. Таа, пред се била насочена против активноста на пропагандите на соседните држави кон Македонија и првенствено против Егзархијата, а е изразена преку настојувањето за обнова на Охридската архиепископија, поради што и бил отстранет од митрополитскиот трон.[2] Во времето кога Петар Поп Арсов дошол во Скопје, на чело на Митрополијата се наоѓал Бугаринот Максим. Против него владеело големо незадоволство, а меѓу граѓаните имало расцеп. Еден дел од народот го бојкотирал Максима, а две големи маала сосема откажале да го признаат за владика.[3] Во таква атмосфера Петар Поп Арсов застанал на страната на граѓанството што било под влијание на поранешниот митрополит Теодосиј и се залагал за одбрана на македонските национални интереси.[4] Имено, погледите на Теодосиј во однос на странските пропаганди во Македонија не се разликувале многу од оние на лозарите со кои раководел Петар Поп Арсов. Во едно писмо од 22.06.1891 год., испратено до Дионисије, Теодосиј пишува: "Ние Македонците немаме толку мака од Турците, да ни е жив падишахот, колку од Грците, Бугарите и Србите, кои како орли на мрша се впуштија во оваа наша многустрадална земја и сакаат да ја расчеречат.".[5] Теодосиј е многу покатегоричен кога пишува за Егзархијата и нејзината дејност во Македонија: "...Нашата Егзархија со својата црковна и просветна дејност тука во Македонија ја врши всушност најмизерната задача, му го одзема името на еден народ и го заменува со друго, му го одзема мајчиниот јазик и го заменува со туѓ, му ги одзема сите национални белези и ги заменува со туѓи... Турците земаат имоти и животи на рајата, но не посегнуваат по неговиот дух. Тие го уништуваат телото, но духот го почитуваат. А, нашата света Егзархија го убива ова другото, постојаното".[6] Од тие причини Теодосиј порачува: "...Ние духовниците, по

---

[1] Ср. п. Петровъ, Помен за Петъръ п. Арсовъ, Ил. Илинденъ XV/2 (142), София 1943, 13.

[2] С. Димевски, Митрополитот Скопски Теодосиј..., 158 – 163.

[3] Исто, 168.

[4] П. Стојанов, Петар Поп Арсов..., 72 – 74.

[5] Љубен Лапе, Одбрани текстови..., II, 293.

[6] Исто, 292.

потекло Македонци, треба да се здружиме и да го покренеме нашиот народ да се разбуди, да ги отфрли туѓинските управи, да ги отфрли Патријаршијата и Егзархијата, и да се обедини духовно во лоното (закрилата б.н.) на Охридската Архиепископија, нивната вистинска мајка црква".[7] Согледувајќи ја опасноста од Егзархијата која настојувала "да го убеди кутриот македонски народец дека му мисли добро... и од него да создава совесни Бугари",[8] Теодосиј превзел енергични мерки против таквата денационализаторска и асимилаторска политика на Егзархијата. Најпрвин, го отстранил директорот на скопското училиште Антон Наследников кој бил родум од Бугарија.[9] Веднаш потоа, презел акција за отстранување на проегзархиските чиновници од црковноучилишните општини, преку организирање нови избори.[10] При составувањето на списокот на учители за својата епархија за учебната 1891/92 год. ги изоставил имињата на сите учители родум Бугари и ги заменил со домородни учители.[11] Потоа се залага за отворање на словенско одделение при вилаетската печатница во Скопје, каде што требало да се печатат книги за потребите на училишното дело на македонски јазик.[12] На крајот, ги изгорел сите стари формулари: вули, крштални и венчални свидетелства, умреници итн. и истите ги заменил со нови во чии наслови биле испуштени зборовите "Бугарска Егзархија". Истите биле отпечатени на македонски јазик – штипско–велешко наречје.[13]

Сменувањето на Теодосиј предизвикало огорченост и реакција ширум Македонија кај побудното граѓанство и кај интелигенцијата, која што поголемиот дел од своите ставови ги идентификувала со оние на митрополитот. Во врска со неговото сменување, Д. Секарлиев, меѓу другото, пишува: "Митрополитот Теодосиј не е ниту прва, ниту последна жртва на стоглавата хидра – Бугарската Егзархија. Тоа е една перфидна политика да се уништи уште во својот корен сознанието на словеномакедонскиот народ за сопственото постоење".[14]

Своето незадоволство од сменувањето на Теодосиј, скопјани го изразиле на еден протестен собир, заканувајќи се дека, доколку тој не биде вратен, тие ќе преминат во Унија со римокатоличката црква.[15] Велешаните, пак, сожители на Петар Поп Арсов, истакнале: "...За да не побугари, Егзархијата ни го зеде единствениот наш заштитник скопскиот

---

[7] Исто, 293.

[8] Исто, 291 – 292.

[9] С. Димевски, цит. дело, 87 – 89.

[10] Исто, 99.

[11] Исто, 110.

[12] Исто, 134.

[13] Исто, 137.

[14] С. Димевски, Присуството на Теодосиј Гологанов во развојот на македонската национална мисла во епохата на национално–револуционерното движење, ГИНИ XX/2, Скопје 1976, 79.

[15] С. Димевски, Митрополитот Скопски Теодосиј..., 164.

митрополит Теодосиј. За да се зачуваме од бугарската пропаганда... сакаме да се одделиме од Бугарите и понатаму да бидеме со самостојна словенска општина, да имаме наши училишта во кои сами ќе ги плаќаме и издржуваме учителите.".[16] Неспорен е фактот дека дејноста на митрополитот Теодосиј одиграла значително влијание врз младиот Петар Поп Арсов за зацврстување на, кај него веќе постојното, антиегзархиско и антибугарско расположение. Потврда за тоа е и знаменитата книга на Петар Поп Арсов "Стамболовштината во Македонија и нејзините претставители". Во неа, тој истакнува дека причина за новата егзархиска офанзива во Скопје била токму дејноста на Теодосиј. "Скопје претставува таква каша, што тешко може да се справи човек: од една страна притисок на владиката (Максим б.н.), од друга – К'нчова управа, од трета ниското рамниште на скопската неморалност која впрочем е доведена до тоа дереџе од една важна околност, која како што се гледа ќе изнесе на виделина едно големо петно врз челото на Блажениот ни Егзарх.: Историјата на високопреосвештениот Теодосиј уште е темна за нас, но за Н. Блаженство (Егзархот б.н.), ни се чини ќе излезе непрепорачлива...".[17] Поради заедничките погледи, во 1910 год. ќе дојде до соработка меѓу Петар Поп Арсов и Теодосиј и тоа повторно во Скопје и врз многу поширока основа.

2. Првиот обид за организирање врз револуционерни начела кај Петар Поп Арсов датира од времето на неговиот престој во Софија преку Македонска студентска дружба каде што се носел со идејата за формирање револуционерна организација која ќе делува во правец "да се бара применување на Берлинскиот договор".[18] Меѓутоа, "размислите и намерите на овој Македонски студентски кружок ненадејно биле прекинати по убиството на министерот Белчев и апсењето на Даме Груев во Софија".[19] Сепак, со тоа не спласнале плановите на Петар Поп Арсов и неговите сомисленици за организирање на Македонците и превземање акции за ослободување на Македонија во согласност со "месните услови".[20] Од редовите на студентската дружба, во втората половина на 1891 год. произлегува ММКД[21] која за да ги прикрие своите вистински намери си го присвоила епитетот "книжовна".[22] Според Петар Поп Арсов намерите биле "врбување истомисленици, кои ќе заминат во Македонија и таму на местото... да подготват почва за револуционерно движење".[23] Плановите

---

[16] Исто, 166.

[17] Вардарски, Стамболовщината въ Македония..., 32.

[18] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 9.

[19] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 134.

[20] П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.

[21] К. Пандев, Националноослободителното движение..., 63.

[22] П. п. Арсовъ, Произхоъ..., 3.

[23] Исто.

на лозарите брзо биле разоткриени, а самите тие прогонети од Софија.[24] Со тоа бил пресечен уште еден обид за организирање на Македонците, кој не бил само со културно–просветни цели, туку и револуционерни.

Веднаш потоа, нови обиди за формирање на револуционерна организација во Македонија биле преземени од страна на Иван Хаџиниколов. За таа цел, тој одбирал личности кои имале децентралистички поглед во однос на црковноучилишното дело во Македонија.[25] Во прво време такви личности за него биле Петар Поп Арсов, Димитар Цонев, Христо Татарчев и Христо Батанџиев.[26] Меѓутоа, помислата дека се малкумина ги одложила плановите на оваа група за формирање на револуционерна организација во 1892 год., а Иван Хаџиниколов, во потрага по авторитетна личност, заминал за Софија каде преку Коста шахов се сретнал со Гоце Делчев.[27] Ставовите што ги изнесол Хаџиниколов пред Гоце Делчев, веројатно претходно биле разработени од споменатата група во која бил и Петар Поп Арсов. Впрочем оваа група во наредната година, со исклучок на Димитар Цонев, ќе биде јадрото кон кое се присоединиле Даме Груев и Андон Димитров, и конечно ги реализирале замислените цели. Основните начела врз кои требало да се конституира организацијата се: 1. Револуционерната организација да се основа во Македонија и таму да дејствува, за да не ја третираат Грците и Србите како орудие на бугарската влада; 2. Основачите да се месни жители и да живеат во Македонија; 3. Политичкиот лозунг на Организацијата да е автономија на Македонија; 4. Организацијата да е тајна и самостојна без да влегува во врски со владите на соседните слободни држави и 5. Од македонската емиграција во Бугарија и бугарското општество да се бара само морална и материјална поткрепа за борбата на македонските револуционери.[28] Делчев, откако го ислушал И. Хаџиниколов "начелно прифатил, но тоа го условил со завршувањето на военото училиште, поради што и овој обид на Ив. Х. Николов пропаднал."[29]

---

[24] П. Стојанов, Петар Поп Арсов..., 68.

[25] Основането на ВМРО (изъ запискитѣ на Иванъ Х. Николовъ), сообщава Хр. Шалдевъ, Ил. Илинденъ VIII/1 (71), София 1936, 5.

[26] Исто.

[27] Искажувањето на Иван Хаџиниколов дека средбата помеѓу него и Гоце Делчев се случила во јули 1892 год. се чини дека е неточно. На тоа првин упатува неговото искажување дека со Петар Поп Арсов и останатите од групата разговарал во мај – јуни 1892 год. во Солун што е неприфатливо, бидејќи во тоа време Петар Поп Арсов се уште се наоѓал во Софија. Второ е тврдењето на Христо Татарчев дека тие подготовки биле правени есента 1892 год. Види: Хр. Татарчевъ, Спомени отъ миналото, Сборник Илинденъ 1903 – 1922, София 1922, 11. Тоа тврдење е поприфатливо бидејќи навистина во тоа време Петар Поп Арсов бил вратен во Македонија и работел како професор во Скопје.; Д. Димески, забележува дека средбата помеѓу Иван Х. Николов и Гоце Делчев се одржала во јули 1893 година. Види: Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје 1994, 27; 29; 40.

[28] Основането на ВМРО..., 5.

[29] Д. Димески, Создавањето на Македонската револуционерна организација и нејзината организациона поставеност (1893 – 1895), Историја XXII/1, Скопје 1986, 62.

Пресудна улога за формирањето на МРО одиграло доаѓањето на Даме Груев во Солун, во летото 1893 год., кога се вработил како коректор во печатницата на Коне Самарџиев.[30]

Појавата на МРО претставува нов квалитативен момент во негорниот ôд на македонското националноослободително движење, и почеток на едно организирано, континуирано и планомерно насочувано националноослободително движење со јасна определена цел и политичка програма. Неговата појава во таков вид била "ажурирана од крајно влошената општествено–економска положба на македонскиот народ по Берлинскиот конгрес, како и од распламтената денационализаторска дејност на соседните балкански црковно–просветни пропаганди.".[31] Главни иницијатори за организирањето на револуционерното националноослободително движење во Македонија биле младите македонски интелектуалци од типот на Петар Поп Арсов. Тој, во учебната 1893/94 год. бил назначен за професор во солунската егзархиска гимназија.[32] Така, старите другари Груев и Поп Арсов, повторно се сретнуваат во Солун. Сигурно дека сега Груев од Поп Арсов бил запознат со нереализираните намери на "револуционерното дело замислено во Солун уште во есента 1892 год.".[33]

На 21.10.1893 год. (ст. стил), Иван Хаџиниколов се сретнува со Даме Груев и Андон Димитров.[34] Тогаш била обновена "старата идеја"[35] при што Хаџиниколов истакнал дека ги има на располагање уште и Петар Поп Арсов, д–р Христо Татарчев и Христо Батанџиев.[36]

Основачкиот состанок се одржал во сабота навечер[37] на 23.10/04.11.1893 год. во станот на Христо Батанџиев.[38] На него присуствувале: Петар Поп Арсов, Даме Груев, Иван Хаџиниколов, Христо Татарчев, Андон Димитров и Христо Батанџиев.[39] Тие меѓу себе размениле мисли за идната "политичка работа"[40] и на крајот дошле до следниве разбирања: 1. Организацијата да е тајна и револуционерна; 2. Нејзината територија да ја сочинува само Македонија во нејзините географски и етнографски граници

---

[30] Д. Димески, Создавањето на МРО..., 65.

[31] Исто, 62.

[32] Георги Ст. Кандиларовъ, Българскитѣ гимназии..., 59.

[33] Хр. Татарчевъ, Спомени отъ миналото..., 11.

[34] Основането на ВМРО..., 6.

[35] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 11.

[36] Димитар Цонев, кој во претходната година бил во комбинациите на Иван Хаџиниколов за формирање на револуционерна организација, во учебната 1893/94 год. веќе не бил учител во Солун (Основането на ВМРО..., 6).

[37] Д. Димески, Создавањето на МРО..., 66.

[38] Исто, бел. 33.

[39] Првиятъ централенъ комитетъ на ВМРО, Спомени на д–ръ Христо Татарчевъ, София 1928, 101.

[40] Исто.

поради што ќе се нарекува и внатрешна; 3. Во неа ќе членуваат родени и лица што живеат во Македонија без разлика на вера и народност; 4. Политичкото вјерују на организираните Македонци е автономија на Македонија; 5. Да се чува самостојноста на организацијата за да не падне под влијание на политиката на владите на соседните слободни држави.[41]

Врз тие начела, споменатата група се конституирала "како друштво без писмен протокол и без да се изберат раководители како претседател и слично. На таа средба не се утврди никаква формалност, клетва или нешто слично, за да се сметаат членовите за лично обврзани да дејствуваат за делото.".[42] Тие се разделиле со убедување дека им престои сериозна и тешка задача. Според Петар Поп Арсов, тогаш бил формиран "Комитет за добивање на политички права на Македонија дадени ѝ од ,берлинскиот договор'".[43] Конкретното оформување на МРО станало во почетокот на јануари 1894 год.[44] Тогаш, до потполн израз дошле личните и квалитативните особини на Петар Поп Арсов кој предничел со својот интелект. Затоа и бил задолжен да го подготви нацрт-уставот на Организацијата.[45] На средбата било разгледано и "прашањето за политиката на Егзархијата",[46] при што бил прифатен предлогот на Ив. Хаџиниколов "Оние кои ќе бидат за децентрализација на црковно-училишното дело во Македонија (да се сметаат б.н.) за погодни и да се посветат во революционерната идеја".[47]

За разобличување на политиката на Бугарската егзархија "која се беше претворила во чисто бирократско одделение на софиското надворешно министерство",[48] Петар Поп Арсов бил задолжен да напише брошура под наслов "Стамболовштината во Македонија".[49]

Ова го потврдува тврдењето на Ѓорче Петров дека антиегзархиското движење во Македонија "неосетно се преroди во революционерно движење" и тоа е "прв чекор на самодејност во земјата".[50]

Согледувајќи ја комплексноста на македонскиот проблем, во тогашната балканска и европска констелација, корифеите на Организацијата се задржале на "автономниот принцип"[51] кој "лебдел пред очите на

---

[41] Основоването на ВМРО..., 6.

[42] Првиятъ централенъ комитетъ..., 101 – 102.

[43] П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.

[44] Првиятъ централенъ комитетъ..., 102.

[45] Исто, 103.

[46] Мѣрки за засилване на революционната организация (изъ запискитѣ на Иван Х. Николовъ, Ил. Илинденъ VIII/2 (72), София 1936, 6.

[47] Исто.

[48] П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.

[49] Мѣрки за засилване..., 6.

[50] Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција..., 48.

[51] Хр. Татарчевъ, Спомени отъ миналото..., 12.

сите",[52] како најпогодно решение во дадениот момент. Неспорно е дека зад автономниот принцип се криеле повисоки намери на Организацијата, т.е. за создавање на самостојна македонска држава. Целта на Организацијата не била да ја осуштестви "Голема Бугарија", туку да "прогласи самостојна македонска државичка на Балканот".[53] Тоа го признава дури и еден од заштитниците на големобугарската идеја кој пишува: "Не е чудо дека ќе се најдат одделни лица со потесен круг на гледање кои спасот го гледаат во образување на посебна македонска држава". Според истиот автор протагонистите на таквите идеи "ја продаваат својата народност" и се "изроди на општеството", тие се "поткупени".[54] На таквите клевети Петар Поп Арсов многу подоцна ќе одговори: "Ами зошто Вилсон не ја обедини својата Америка со мајката татковина – Англија?... Предавник си е предавник! Сигурно е поткупен!...".[55]

Организацијата во врска со ова прашање во 1905 год. преку својот официјален орган изнесува: "Автономна Македонија од Организацијата се сфаќа како самостојна држава".[56]

Официјална Бугарија и Егзархијата брзо сфатиле што се крие зад автономниот принцип, затоа Организацијата ја жигосале како "сепаратистичка".[57] Но, сепак, "нејзините раководители беа со тврдо убедување, дека само автономна слободна држава Македонија ќе даде задоволување на нејзиното население, ќе го ослободи од турската држава, и ќе го постави во најповолни услови за развој со соседните држави Србија, Грција и Бугарија".[58]

Со напред изнесеното паѓаат во вода илузиите на бугарската историографија, која на автономијата гледа како на средство за полесно присоединување на Македонија кон Бугарија. Со тоа настојува да го дискредитира и девалвира самостојниот македонски карактер на МРО, придодавајќи и белег како на поборник за обединување со Бугарија. Впрочем, најдобар одговор за стремежите на Македонците во тоа време дава К.П. Мисирков кој вели: "Македонците... сакаат ,Македонија за Македонците', дека тие сакаат автономија на Македонија, а не соединување со Бугарија, Бугарите ,скрепја серце', можеа да чујат таква новост, која не можеше ним да им биде пријатна...".[59]

---

[52] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 141.

[53] Единъ Македонецъ (Бошњаков Петар б.н.), Българската пропаганда въ Македонийа и Одринско, София 1902, 10.

[54] Ив. Ивановъ, Положението на Българитѣ въ Македония, София 1895, 38.

[55] П. п. Арсовъ, Произходъ, 3.

[56] Официйална притурка, Революционненъ листъ, 2 юни 1905, 3.

[57] Никола Зографовъ, Строежа на живота, София 1927, 44.

[58] Исто.

[59] К. П. Мисирков, За македонцките работи..., 72 – 73.

3. На втората средба, во јануари 1894 год., основоположниците на МРО, откако ги разгледале прашањата за целите, карактерот и револуционерната поставеност на Организацијата, констатирале дека тоа е потребно да се синтетизира и елаборира во устав. Почесната задача за подготвување на нацрт-уставот на Организацијата му била доверена на Петар Поп Арсов.[60] При подготвувањето на нацрт-уставот за урнек бил земен уставот на "Бугарскиот централен револуционерен комитет" публикуван во записките на Захариј Стојанов.[61] Веќе на една од наредните средби уставот бил прифатен.[62]

Засега не може со сигурност да се тврди дали поднесениот нацрт-устав од Петар Поп Арсов бил целосно прифатен или претрпел некои промени. На тоа не упатува искажувањето на Даме Груев: "Се групиравме меѓу себе и заеднички изработивме правилник - устав".[63]

Полниот наслов на Уставот на МРО од 1894 год.[64] гласи: "Устав на бугарските македоно-одрински револуционерни комитети". Оттука, неизбежно се наметнува прашањето зошто било земено името "Бугарски македоно-одрински револуционерни комитети". Одговорот на тоа прашање ни го дава Мисирков кој во 1903 год. запишал: "Од самиот почеток на револуционерната организација, Македонците... работеа под маската бугари, прво затоа, што така се викаше голем дел од населението и второ, што по тој пат можеше да се добие подршката на бугарската влада, на бугарскиот

---

[60] Първиятъ централенъ комитетъ..., 103.

[61] Исто.

[62] Исто.

[63] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 11.

[64] Во бугарската историографија датирањето на Уставот на БМОРК тенденциозно се пометува по Солунскиот конгрес од 1896 год., а следствено на тоа, Уставот на ТМОРО се поместува во 1902 год. Види: Константин Пандев, Устави и правилници на ТМОРО преди Илинденско-Преображенското востание, Исторически преглед XXV/1, София 1969, 68 - 80; Истиот, Националноосвободителното движение в Македонийа..., 129.

Додека пак, во нашата историографија се прифаќа датирањето од 1894 год. за кое се определуваме и ние. Види: Иван Катарџиев, Некои прашања за уставите и правилниците на ВМОРО до Илинденското востание, ГИНИ V/1, Скопје 1961. 149 - 164; Истиот, Даме Груев и некои прашања за уставите на ВМОРО до Илинденското востание, Зб. Даме Груев во македонското национално-ослободително движење, Скопје 1989, 69 - 78; Димитар Димески, Македонското национално-ослободително движење..., 142. Ќе наведеме неколку факти што го потврдуваат второто, а го негираат првото датирање: Х. А. Полјански го пронајде Уставот на ТМОРО во англиските архиви заведен во 1898 год. (види: Документи за борбата на македонскиот народ..., Т I, 331 - 333); Славко Димески објави три писма од 1898 год. во кои се употребува името ТМОРО (види: Документи за борбата на македонскиот народ..., Т I, 345 - 349), и уште би додале дека Гоце Делчев, на 28.12.1895 год., во својство на претставник на "Бугарскиот централен македоно-одрински револуционерен комитет", бил снабден со полномошно и испратен во Софија за да се спротивстави на секое надворешно мешање во работите на револуционерната организација (види: Н. Зографовъ, Строежа на живота..., 58.

народ и бугарската Егзархија".[65] Впрочем, и самиот надворешен изглед на Уставот не остава простор за сомневање за чисто македонскиот карактер на организацијата, особено ако се има предвид написот "Македонија" и паролата "смрт или слобода".[66]

Уставот има националистички карактер.[67] Тој предвидува примање во редовите на Организацијата само на егзархистите.[68] Таквите ставови се резултат на "тогашната идејна тесноградост, недооформеност, туѓо влијание и неискуство".[69]

Самиот Устав содржи 14 (четрнаесет) члена распоредени во четири глави и во нив се опфатени: целта, составот, устројството, метеријалните средства и казните.[70] Според член 1, целта на БМОРК е "придобивање на полна политичка автономија на Македонија и Одринско".[71] За постигање на таа цел "тие (револ. комитети б.н.) се должни да го разбудат сознанието за самозаштита" кај населението во Македонија и Одринско "да шират кај него револуционерни идеи преку печатот или усно и да подготват и подигнат едно општо востание".[72] Втората глава го опфаќа составот и устројството на Организацијата (член 3–11). Според член 3, припадник на Организацијата може да биде секој "што не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно пред општеството...".[73]

Веќе во член 4 доаѓа до израз строго конспиративниот карактер врз кој требало да се темели Организацијата. "Членовите на секој комитет се делат на групи со по еден началник, определен од раководителот. Секој член на групата како и началникот носат по еден број даден од надлежниот комитет. Секој работник ги знае само членовите на неговата група и началникот, а последниот го знае само раководителот на комитетот или посредникот.".[74] Темелот на Организацијата бил поставен врз централистички принцип. Таа се состоела од селски, околиски и окружни комитети, а над сите нив стоел Централниот комитет (член 5). Назначувањето и определувањето на раководните тела оди по хиерахиско скалило одгоре надолу. "Управните тела на окружните комитети се назначуваат од

---

[65] К. П. Мисирков, За македонцките работи..., 72.

[66] Види: Иван Катарџиев, Борба до победа, Т. IV, Скопје 1983, 70.

[67] Исто.

[68] Христо Матовъ, За управлението на Вътрешната революционна организация, София 1905, 17.

[69] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 142.

[70] Уставъ на Бълг. Македон. – Одр. револ. комитети. (АО. ИНИ. сл. I. 354.)

[71] Исто, 1. Интересно е да напоменеме дека Одринско во првите две средби не влегувало во комбинациите на основоположниците, но потребата од сојузници во борбата против заедничкиот непријател брзо била согледана, па затоа Одринско било веднаш внесено во Уставот.

[72] Уставъ..., 1.

[73] Исто, 2.

[74] Исто.

ЦБМОРК, на околиските се определуваат од окружните и се назначуваат од Централниот, а на селските се назначуваат од околиските." (член 6). Од безбедносни причини во Уставот се вели: "Секој член на управното тело носи псевдоним" определен од ЦК (член 7). Додека пак, за поткрепување на својата важна кореспонденција, ЦК имал свој печат со амблем "знаме, сабји, пушки и бомби, со натпис Македоно-Одрински Централен револуционерен комитет...".[75] Според член 9 секој комитет бил должен да има своја тајна пошта. Мерките за самозаштита се предвидени во член 10 каде се вели: "За следење на делата на внатрешните и надворешните непријатели и за претпазување од нив, секој комитет, има своја тајна полиција.".

Финансирањето на Организацијата е регулирано во глава III член 12: "Комитетите ќе се снабдуваат со пари: 1) од доброволни прилози; 2) од редовни членски вносови и 3) од пари собрани на начин, каков што ЦБМОРК ќе најде за целесообразен или пак месниот со претходна согласност на Централниот".

Секој кој ќе се огрешел кон револуционерното дело, без разлика дали е член или не на Организацијата, се казнува. "Накажувањето му се определува од месниот комитет и се извршува во согласност со Централниот." (член 13).

Во последниот член 14 се вели: "Врз основа на овој устав, изработен е детален внатрешен правилник". Најверојатно "овде станува збор за обично прејудицирање".[76]

На седницата, на којашто бил прифатен овој Устав, истовремено се конституирал и првиот Централен Комитет. Негов прв претседател станал Христо Татарчев, а секретар и благајник Даме Груев.[77] Едновремено, за членови во ЦК биле определени и останатите основачи на МРО: Петар Поп Арсов, Иван Хаџиниколов, Андон Димитров и Христо Батанџиев.

4. а) Антиегзархиското движење во Македонија ќе ја достигне својата кулминација во 90те години на XIX век. Со појавата на МРО тоа движење уште повеќе ќе добие во својот интензитет и содржина. Поради дијаметрално спротивните интереси на МРО и Егзархијата, судирот меѓу нив бил неминовен. Така, МРО прокламирала извојување политичка слобода преку сенародно вооружено востание и "создавање самостојна македонска држава на Балканот".[78] Во тоа време Егзархијата била претворена во "чисто бирократско одделение на софиското надворешно

---

[75] Исто, 3.

[76] Д. Димески, Создавањето на МРО..., 69.

[77] Првиятъ Централенъ комитетъ..., 103.

[78] Единъ Македонецъ, Българската пропаганда въ Македонийа ..., 9.

министерство".[79] Егзархијата, преку својот црковно–просветен апарат, работела на "културно и просветно преобразување на македонскиот народ во бугарски",[80] а со тоа го подготвувала теренот за присоединување на Македонија кон Бугарија.

Имено, Васил К'нчов сосема отворено истакнувал дека "дошол учител во Солун за да ја бугаризира Македонија.".[81] За реализирање на овие пеколни замисли, бугарската влада, преку Егзархијата и особено преку училишниот оддел во Цариград, испраќала во Македонија многубројни емисари од типот на Васил К'нчов кои требало да го потиснат секое самоосознавање кај Македонците, притоа не жалејќи ги средствата издвоени за таа цел.[82] Таквите дојденци во Македонија постојано се подигрувале со чувствата на Македонците и ги напаѓале македонските интелектуалци кои се обидувале да се спротивстават на егзархиската денационализаторска политика. Тие ги обвинувале Македонците дека се "просјаци", "ќемидадешковци", дека за пари станувале и "цигани", и на крајот со постојаната фраза "ќе ми дадеш пари ќе се чинам бугарин"[83] Ова уште повеќе ги заострувало односите меѓу учителите Бугари и Македонците. За да се ослободи од последните, Егзархијата имала пракса нив да ги преместува во позафрлените места во земјата па и да ги отпушта како "неблагонадежни и сепаратисти".[84]

Најголема арена на овие судири станал општествено–економскиот и културен центар на Македонија – Солун. Антиегзархиското движење што ја зафатило Македонија, Ѓорче Петров го толкува "просто како реакција против долгогодишниот стремеж на Егзархијата да го сосредоточи во свои раце диригирањето на општествениот живот, а освен тоа... како прв чекор на самодејност во земјата".[85]

Основачите на МРО уште на стартот знаеле дека со својата активност ќе наидат на сериозни пречки кај Егзархијата па затоа Иван Хаџиниколов уште на почетокот барал сомисленици кои ќе имаат децентралистички поглед во однос на црковно–училишното дело.[86] За односот кон Егзархијата било дискутирано и на јануарската средба во 1894 год. меѓу основачите на

---

[79] П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.

[80] Александар Трајановски, Бугарската егзархија и македонското националноослободително движење (1893 – 1908), Скопје 1982, 81.

[81] Основането на ВМРО..., 4.

[82] Средствата што бугарската влада ги издвојувала за потребите на Егзархијата од 40.000 лева, во 1883 год. се зголемиле на 248.000 лева, додека пак, за 1896/97 год. таа сума изнесувала 972.915 лева. За наредната учебна година таа сума изнесувала 939.848 лева. АМ Ф "Бугарски конзулат – Скопје 1896 – 1911, МФ.4315, № 9836.

[83] Хр. Коцевъ, Страници изъ споменитѣ ми, Македония I/IX, София 1922, 51.

[84] Исто, 52.

[85] Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција..., 48.

[86] Основането на ВМРО..., 5.

МРО и не случајно било прифатено "оние што ќе се објават за приврзаници на егзархиската централистичка политика да се сметаат за непогодни, а оние кои ќе се за децентрализација... да се посветат во револуционерната идеја".[87] Тогаш, Петар Поп Арсов бил задолжен да ја напише брошурата "Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници". Според нејзиниот автор, целта на брошурата била "чисто разузнавачка, да избијат боречките елементи меѓу учителството и граѓанството за отпосле да се привлечат во редовите на делото. Таквата тактика даде одлични резултати" – заклучува авторот.[88] Брошурата била отпечатена од страна на Иван Хаџиниколов во Софија,[89] а во половината на декември 1894 год. била донесена во Солун,[90] и оттаму била растурана низ цела Македонија. Голем дел од интелигенцијата, по проучувањето на брошурата, веднаш застанал на страната на МРО станувајќи нејзини членови, а тоа значи дека брошурата го постигнала "својот ефект".[91]

За да се избегнат прогоните на авторот и на издавачите, името на Петар Поп Арсов е заменето со псевдонимот "Вардарски", а како место на издавање е означена Виена.

"Стамболовштината во Македонија..." е првостепен документ кој, пред се, ги изразува ставовите на МРО и на многумина други Македонци во однос на Егзархијата. Имено, во тоа време настапило остро поларизирање меѓу наставниот кадар во солунската егзархиска гимназија. На една страна биле "учителите од слободна Бугарија,... и некои од ,благоразумните' учители родум од Македонија, (кои б.н.) држеа до Св. Егзархија", додека пак, оние што ги споделувале идеите на Петар Поп Арсов биле групирани во спротивниот табор како "...неблагонадежни и сепаратисти".[92] Во таква атмосфера, Петар Поп Арсов успешно опстојувал во борбата со "идејните противници" на Организацијата.[93] Егзархијата во прво време сметала дека "т.н. ,сепаратисти' го прават тоа не со скриена намера да дигаат револуција, туку како една нивна партиска маневра за да ги турнат (егзархистите б.н.) и да се издигнат тие, да си создадат популарност, соборувајќи ги своите партиски противници".[94] Според самиот автор на брошурата "Стамболовштината значи мешање и посегање на бугарската држава во Македонија и нејзините работи..., рушење на самостојноста на општините и воопшто на

---

[87] Мѣрки за засилване на революционната организация..., 6.

[88] П. п. Арсовъ, Произходъ..., 3.

[89] Мѣрки за засилване на революционната организация..., 6.

[90] Б. Ристовски, Портрети и процеси..., Т. I, 455, белешка 331.

[91] Константин Пандев, Спомени на Андов Димитров, Известия на Институтот по история, Т. XXVI, София 1983, 271.

[92] Хр. Коцевъ, Страници изъ споменитѣ ми..., 52.

[93] Хр. Татарчевъ, Спомени отъ миналото..., 13.

[94] Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција..., 62.



*Стефан Стамболов (бугарски премиер 1887 - 1894)*

македонската самобитност".[95] Ваквата политика на бугарската влада[96] спроведувана преку Егзархијата, со тенденција да создава "Бугари во Македонија", совршено јасно ја разобличува бескомпромисниот борец за самобитноста на Македонија – Петар Поп Арсов.

б) Во почетокот на книгата Петар Поп Арсов ни дава една општа претстава за тогашниот претседател на бугарската влада Стефан Стамболов, според кој и книгата го добила својот наслов. Стамболов првобитно отворил "една дива војна"[97] против сите оние што имале симпатии кон Русија, а првенствено на бугарското духовенство. Таа неколкугодишна борба завршила со "потчинување на бугарското духовенство под световната власт на Стамболов".[98] Во тој момент Стамболов "си беше помислил дека вистински тој е повикан од провидението, да ја игра улогата на бугарски Бизмарк", па затоа посегнал и врз Егзархијата во Цариград од каде што планирал да ја протегне својата рака и врз Македонија. "Тој тиранин... за задоволување на својата желба за власт, посака да се послужи и со училишното дело во Македонија. Тој блудник, кој се подигра со честа, животот и имотот на своите сонародници во кнежевството, посака да го направи истото и со нас македонците во сопствената наша татковина – Македонија.".[99] За постигање на овие ниски страсти, Стамболов се служел со "ниски луѓе" како Лазаров кој го поставил на чело на училишниот оддел при Егзархијата во Цариград со "мисија да го одземе од Егзархот учебното дело во Македонија".[100] Со тоа, Стамболов сакал да ја "централизира училишната власт... гонејќи ги сите оние учители, кои не сакаат да служат на туѓите за земјата (Македонија б.н.) интереси.".[101]

Петар Поп Арсов заклучува дека од дејноста на Лазаров блеснале две големи зла: "а) жестока партиска борба меѓу општините, граѓаните и егзархиските чиновници; и б) ставање на македонските работи во зависност од партиските борби во Бугарија, кое никако не е во интерес на нашата

---

[95] Ристо Поп Лазаров, Прилог кон борбата на Внатрешната македонска револуционерна организација против бугарската политика во Македонија, Историја XXI/1, Скопје 1985, 148.

[96] Просветната политика била изработена од една специјална комисија на министерскиот совет на Бугарија во 1890 год., а прифатена од Народното собрание на 11.12.1891 год. Таа се состоела од 10 параграфи. Во седмиот параграф за Македонија се вели: "За учители во Македонија да се назначуваат само родени Бугари, а за учители по турски јазик да се назначуваат само влијателни лица кај владините власти. На учениците што ќе завршат гимназија во Македонија, ако не сакаат да добијат повисоко образование, да им се даваат должности во Бугарија. Ако некои од нив го прифатат учителскиот позив, откако ќе поминат на практика четири години во Бугарија, да се назначуваат за учители во нивните родни места..." Славко Димески, Просветната политика на Егзархијата..., 12.

[97] Вардарски, Самболовщината въ Македония..., 3.

[98] Исто, 4.

[99] Исто.

[100] Исто, 5.

[101] Исто.

земја (Македонија б.н.), со нејзините услови за нејзино постоење и во многу односи, во спротивни интереси, кои треба да се раководат од луѓе што ги познаваат тие услови и ги ценат месните интереси, а не од некој Лазаров или Егзархот со нивните тајфи, собрани по личните ќефови на тие две македонски ,светила'.".[102]

Во продолжение на книгата Петар Поп Арсов ја објаснува борбата за превласт над училишниот оддел помеѓу Лазаров и неговиот патрон Стамболов од една страна, а од друга страна дотогашниот началник на одделот Хранов и неговиот заштитник Егзархот, од која победник излегол Лазаров. Од тој момент училишниот оддел "зема сосема едно ново место во Егзархија; тој се претвора во една нова самостојна институција во која Лазаров распоредува се,... по инструкции на својот патрон".[103] Уште на самиот почеток, Лазаров, за да ја покаже својата моќ, исклучил еден учител од Солунската егзархиска гимназија. "Исплашени од таа маневра на Лазаров, солунските учители во еден момент се обрнаа во Стамболови поклоници". На тој начин, од своите противници, "Лазаров образува една Стамболовско–Лазаровска чета во Македонија"[104], на чело со Васил К'нчов. На пропатување низ Македонија, Лазаров на сите им ставил дознаење дека "уч. (–илишниот б.н.) оддел се наоѓа под негово директно началство и не зависи од Дух. (–овниот б.н.) оддел, каде заповеда Егзархот.".[105] Тие зборови од устата на Лазаров ги слушнал лично и самиот Петар Поп Арсов.

На тој начин "борбата меѓу световната и духовната власт, која ја покрена Стамболов во кнежевството, со назначувањето на Лазаров во Цариград се пренесе во Македонија."[106] Петар Поп Арсов понатаму пишува дека Егзархот и Лазаров настојувале да се здобијат со поголем број приврзаници во Македонија помеѓу владиците, директорите, учителите и тн. "Ете каде е клучот на лутата борба помеѓу сите тие разнобојни бугарски елементи во Македонија, која засега претставува една жива слика на првобитната хаотична борба помеѓу природните стихии. Рибата од главата смрди. И додека таа глава не претрпи коренита операција, работите кај нас се ќе смрдат, привлекувајќи ги притоа туѓите пропаганди врз инаку убавата наша Македонија".[107]

Своите приврзаници во Македонија тие ги добивале со помош на парите, меѓутоа "сето тоа не е печалба, а елементи на расипување на граѓаните, народот" заклучува Петар Поп Арсов.[108] Приврзаниците на

---

[102] Исто, 6.
[103] Исто, 8.
[104] Исто, 9.
[105] Исто.
[106] Исто, 10.
[107] Исто.
[108] Исто, 12.

Лазаров, Петар Поп Арсов ги нарекува "џингис-ханова орда" во која најмногу се истакнал К'нчов "најголемиот македонофоб кој не еднаш го засегнал честољубието на Македонецот со фразите: ,ние ве храниме'! и сл.".[109] Тој настојувал "да ги заграби училиштата во Македонија и со тоа да услужи на Стамболовата експлоататорска мисла.". И така "се што не го одобруваше новиот курс на учебното дело во Македонија, требаше да ја наведне главата пред тоа хунско продирање на среќните синови на балканска Прусија.". На таквиот нивни продор Петар Поп Арсов им вели: "...ајде да видиме, што ќе стане; Србија - Пиемонт балкански, Бугарија, балканска Прусија; Македонците... ,сепаратисти".[110]

Македонците кои не можеле да поднесат како "се подигруваат со судбината на нивната татковина... јавно зборувале дека учебното дело во Македонија, Лазаров го отстранил од правиот пат и го турка кон пропаст.".[111] Тие истакнувале дека треба да се работи "така што општините лека-полека сами да ги подржуваат училиштата и да се дава предност на месната интелигенција, од чија што средина да се избираат и учители и директори и архимандрити и владици и тн. и тн., - дека училиштата со еден збор, како што се поста- вени сега, ги немаат предвид интересите на таа земја за која навидум постојат".[112]

Поради таквите гледишта тие биле прогласувани за сепаратисти, принудувани да си поднесат оставки или преместувани од Солун. На нивните места биле доведувани учители, директори и сл. родум Бугари. Таков бил бившиот бугарски министер Михаил Сарафов кој бил заразен од "финансиска болест", и дошол за директор во Солун "за атерот на 5-те стотини" (турски лири б.н.).[113] На самиот старт, М. Сарафов се судрил со Солунската општина по прашањето околу пансионската комисија, потоа, со управата на женската гимназија и нејзиниот пансион. Но, тој "не прави се по својот ум -така му заповедаат од друго место.".[114] Него Петар Поп Арсов иронично го исмејува: "И тоа чудовиште било некогаш во матните времиња министер во Бугарија!".[115] Но, работите во Македонија оделе така зошто, како што заклучува Петар Поп Арсов "...ние немаме уч. оддел во Цариград, кој да се грижи за добриот развој за училиштата во Македонија, а просто и чисто еден северно - бугарски езуитски одред со позната задача... - задача која во себе ја содржи уште и тенденцијата - да создадат во Македонија Бугари!"[116]

---

[109] Исто, 13.
[110] Исто.
[111] Исто.
[112] Исто, 14.
[113] Исто, 15.
[114] Исто, 16.
[115] Исто, 22.
[116] Исто, 26.

Согледувајќи ја оваа опасност, Петар Поп Арсов истакнува дека само "...луѓе со чесен, тврд, постојан, отворен и правичен карактер... ќе можат да излезат победници во нерамната борба со порокот" и дека само тие "ќе го изнесат на своите рамења нашиот народ од пропаста, во која е турнат.".[117]

За парализирање на дејноста на таканаречените сепаратисти, Васил К'нчов, во јануари 1894 год. во Солун, организирал едно тајно собрание на кое уште присуствувале: Михаил Сарафов, Антон Наследников, Христо Ганов и Андреј Тошев. Од овој собир произлегле зборовите: "Силни се, господа (сепаратистите б.н.), треба да се преземат мерки.".[118] Овој собир имал за цел: 1. Да образува К'нчови комитети, со кои во Софија се сакало да се зашеметат дури и сериозни луѓе и 2. барем се предлагало да се преземат секакви дозволени и недозволени мерки спрема противниците на одделот – наречени сепаратисти.[119] По одржувањето на собирот, К'нчов презел една широка турнеја по Македонија за да ги зацврсти своите позиции, а неговите дозволени и недозволени мерки биле ставени во погон во Солун од Сарафов,... во Битола од Наследников, а во Скопје од самиот К'нчов.[120] Со тоа "требало да се вдахне страв – чисто по Стамболовски!"[121] Во врска со преземените мерки против македонските патриоти, Петар Поп Арсов иронично има порачува на своите противници: "Држи се бај К'нчов! Сепаратистите во твојата болна глава се бунтуваат!... Удрете по тие проклети сепаратисти, бај Лазаров! Распрснете ги преку три – девет планини, да не се видат, да не се чујат! Ах тие лоши луѓе! Оставки на сите! Или преместете ги со намалени плати! Нека не прифатат! Нека се мавнат! Ете им ја Бугарија – таму нема да се опасни!... Да не ги заразуваат учениците – затворете ги! Да не ги завладеат општините!...[122]

Тежината од Стамболовиот режим се чувствувала насекаде "каде имало егзархиски училишта и луѓе; во Одрин, Битола, во бедниот со Бугари Сер, во вечно зовриеното Скопје, каде благодарение на глупавиот Максим, К'нчов, слободно си го разигрува коњчето", а особено тој разрушувачки варварски режим тежел во Солун.[123] Таму "колат и бесат Сарафов и к–ја, толку повеќе, што вишото началство ги презема сите мерки, што Македонците учители да се од оние, кои во кнежевството ги нарекуваат меурџии и ги карактеризираат со фразите..., ќе ми дадеш пари, ќе се чинам бугарин".[124]

---

[117] Исто, 25.
[118] Исто, 27.
[119] Исто, 28–29.
[120] Исто, 29.
[121] Исто, 30.
[122] Исто, 31.
[123] Исто.
[124] Исто, 35.

Поради таквиот развој на работите, Македонија во црковно-училишен поглед, заклучува авторот, "е таква: борба меѓу граѓаните, борба меѓу општините и училишните управи, взаемно гонење помеѓу учителите од кои едни држат оваа, други онаа страна и сл. и сл. чудесно perpetuo mobili кое ветува да ја занесе Македонија во којзнае каква пропаст...".[125] Што се однесува до учителскиот состав во Солунската егзархиска гимназија, Петар Поп Арсов него го дели во три категории и тоа: "привилегираните северњаци", "благоразумните" и "сепаратистите".[126] За првите тој вели: "...како ,пионери на бугарската идеја', како храненици на Одделот и љубезни чеда на неговиот режим, раководени во Солун од Сарафов... – тие се господари во солунската гимназија и слободни се секојдневно да фрлат по некоја навреда по адреса на Македонците: Ние ве храниме, ,храни куче да те лае'...".[127] Против бугарската политика која во Македонија била спроведувана преку Егзархијата, отворено застанале младата македонска интелигенција на чело со штотуку формираната МРО. Таа полека го повлекла и граѓанството. Во врска со сето тоа Петар Поп Арсов пишува: "... – граѓаните веќе започнуваат да се играат со ,бившиот министер', тешко е бај Сарафов, кога човек веднаш ќе падне морално пред очите на народот – нели?... и Ве уверуваме, дека така ќе продолжи да биде положбата на сите твои сотатковинци, кои доаѓаат во Македонија со претензија ,да создаваат бугари', ,да ја култивираат земјата', да заповедаат во се... уште потешка ќе стане положбата и на вашето началство, кое сака нека биде тоа, ако продолжи да ви дава слични инструкции; не ќе прокопса ни бугарската идеја, ако одите со тој ум. Зашто ние Македонците, баш ништо немаме; ништо не сме спечалиле, благодарение на слепата доверба, кон своите божем браќа, па нема и што да загубиме.".[128]

Значајно место во својата книга Петар Поп Арсов им оддава на црковно-училишните општини и на зачувувањето на нивната самостојност зашто тие се "единствен наш (македонски б.н.) парламент, каде се закрепнувал и зачувал стариот демократски словенски дух на нашиот народ..." тоа е "...единствена народна институција која ја зачувала нашата националност и човечка физиономија во петстогодишниот период..."[129] Меѓутоа, како што вели авторот, Егзархијата која "сомневајќи се во најново време во некаков сепаратизам, а првин – се гледа во нашата народност"[130], се стреми "да го убие секое посамостојно движење во нас, да ја земе секоја

[125] Исто, 32.
[126] Исто, 37.
[127] Исто.
[128] Исто, 34.
[129] Исто, 41.
[130] Исто, 42.

можност да се занимаваат Македонците со повозвишени општествени прашања, и на тој начин... да го стави народниот македонски дух во полна зависност од неа, да го огради како птица во кафез... да не окова во синџири за да не разигрува како мечка, и да не води таму, од каде добива голем бакшиш."[131]

За остварување на своите цели, Егзархијата, покрај другите средства се служела и со силата на парите. Но, проникливиот Петар Поп Арсов ја согледал опасноста од тоа и затоа вели: "По ѓаволите тие пари, ако убивајќи ги нашите општини,...им наложува севозможни претседатели, владици, директори, учители и сл., за да ги контролираат (?!) сметките – единствениот мотив на бугарската пропаганда!... Да, бугарската пропаганда!"[132]

Сепак, материјалната благосостојба на човекот не можела да биде посилен мотив од неговото национално чувство. За тоа Петар Поп Арсов пишува: "...и Егзархијата дава пари и купува – ветер, зашто народност со пари не се купува – тоа е такво деликатно нешто кое штом сети дека го пазариш, изветрува..."[133]

Согледувајќи ја опасноста од Егзархијата која настојувала со пари да создава Бугари во Македонија, авторот на брошурата алармантно ги повикува "напомош сите чесни Македонци! Елате да ги спасиме општините во Македонија што умираат, со тоа сакаат да не претворат во мртви трупови, за да си играат со нас, како што посакуваат, нашите наводно браќа!"[134]

Сосема точна е и констатацијата на Петар Поп Арсов дека Егзархијата со својата пропагандна активност во Македонија постигнува контраефекти претворајќи ги "Македонците во извонредна храна за Србите и другите пропаганди",[135] затоа, според него, не можеле да се опростат гревовите на Егзархијата "зашто тие се големи и зад себе повлекуваат опасни последици за цел еден народ".[136] Поради сето тоа, Петар Поп Арсов истакнува дека е крајно време "да станеме народ, или да тргнеме со посмели чекори по патот на еврејскиот материјализам",[137] а во Македонија ќе се најдат луѓе кои "не ќе ја остават Егзархијата, да си игра со цел еден народ по својот ќеф".[138]

Излезот од хаотичната состојба во која се наоѓало црковно – училишното дело во Македонија, Петар Поп Арсов го гледа преку формирање на

---

[131] Исто, 54–55.
[132] Исто, 49.
[133] Исто, 56.
[134] Исто, 44.
[135] Исто, 56.
[136] Исто, 53.
[137] Исто, 59.
[138] Исто, 58.

Мирскиот совет при Егзархијата. За реализација на тоа, авторот ги поканува на соработка сите Македонци и општините доколку "не сакаат да бидат одговорни пред потомството и историјата".[139] Додека пак, за сите оние коишто немаат природни врски со Македонија и нејзините интереси им ги покажува излезните врати од земјата, зашто "тие дошле во Македонија или привремено или пак за високите плати, поради што и не се трудат да се запознаат поодблизу со месните услови, та работат како некои донкихоти..."[140]

Вака конципирана, оваа книга дала голем придонес кон осамосознавањето на Македонецот и дефинирање на неговите посебни интереси, кои врз себе ги презела штотуку формираната МРО.

---

[139] Исто, 61.

[140] Исто, 62.

# IV

# РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ЧЕКОРЕЊА

1. Со конституирањето на првиот ЦК на МРО истовремено била извршена и неформална распределба на работите помеѓу самите основоположници на Организацијата. Така, Даме Груев вртел по хотелите и ановите низ Солун и врбувал сомисленици кои набргу биле покрстувани.[1] Главното свратилиште на членовите на МРО и на нејзините симпатизери, во тоа време била книжарницата на Иван Хаџи Николов, која истовремено служела и како "врска со провинцијата".[2] Додека пак, Христо Батанџиев, користејќи ја својата положба – секретар на Солунската општина, остварувал контакти и влијанија врз учителите и свештениците, не само од Солунско, туку и ширум Македонија.[3] Во исто време, Петар Поп Арсов, како професор во Солунската гимназија, ја пропагирал идејата меѓу вработените и учениците. Оваа активност наишла на отпор кај пробугарски и проегзархиски настроените па затоа судирот со нив бил неизбежен. Петар Поп Арсов бил предодреден да ја води борбата со нив. Тоа го признава и самиот Христо Татарчев кој вели: "Поп Арсов, опстојуваше со својата цврстина во борбата со нашите идејни противници".[4] Потврда за тоа е не само неговата книга "Стамболовштината...", туку и еден напис во "Глас македонски" потпишан со иницијалот "И". кој претставува кратка верзија на споменатата книга.[5]

Но не само тоа, Петар Поп Арсов работел и за придобивање на нови членови за револуционерното дело. Така на пример, тој заедно со Иван Хаџи Николов и Андон Димитров, некаде околу Велигден 1894 год. го сондирал теренот за вклучување во МРО на Лазар Димитров кој им пристапил дури во 1895 год.[6] Во станот на Петар Поп Арсов кој се наоѓал недалеку од ученичкиот пансион, честопати се одржувале средби меѓу посветени и непосветени во делото. Кон крајот на учебната 1893/94 год., во неговиот стан, тој заедно со Даме Груев, во тајните на МРО ги посветил

---

[1] Д-ръ Хр. Татарчрвъ, Спомени отъ миналото ..., 13.

[2] Царевна Миладинова – Алексиева, Епоха и люде, Сборникъ Солунъ, София 1934, 74.

[3] Д-ръ Хр. Татарчрвъ, цит. дело, 13.

[4] Исто.

[5] Блаже Ристовски, Портрети и процеси ..., Т I, 456–457.

[6] Во оваа прилика Л. Димитров се уште не знаел за постоењето на МРО и се произнел дека не треба да се брза со тоа. Меѓутоа, подоцна од Поп Арсов дознал за нејзиното постоење и притоа се покајал поради неговиот резервиран став по тоа прашање. Лазаръ Димитровъ, Презъ време на учителствуването ми въ Солунъ, Ил. Илинденъ, XIV/10 (140), София 1942, 5.

учениците: Славејко Стрезов од Ресен, Васил Панчев од Велес, Александар Хаџи Панов и Тодор Станков од Прилеп, Алексо Келешов – часовничар во Солун и комисионерот Атанас Мурџев (двајцата од Прилеп).[7]

Во учебната 1894/95 год., Петар Поп Арсов, поради своите антибугарски и антиегзархиски определби, не добил работа во Солунската егзархиска гимназија. Но, тој и понатаму останал во Солун. Притоа, со скромен капитал, станал содружник на Иван Хаџи Николов,[8] од чија што книжарница се расплинувале револуционерни идеи по цела Македонија. Едновремено со тоа, Петар Поп Арсов ја вршел и секретарската должност на Организацијата,[9] зашто дотогашниот секретар Даме Груев заминал на работа во Штип. На таа должност во Солун тој ќе остане до средината на февруари 1895 година.[10]

2. Засиленото дејствување на српската пропаганда во 90-тите години на XIX век, во Велес и потесната негова околина Азот била главна причина за доаѓањето на Петар Поп Арсов во Велес во март 1895 година.[11] Првите гнезда во Азот, српската пропаганда ги свиткала меѓу македонските печалбари од овој крај што се наоѓале во Србија, а потоа постепено се вовлекла и меѓу егзархистите кои ја имале прифатено Егзархијата само затоа што била словенска црква. Велес и неговата околина Азот биле мошне стратешки места за српската пропаганда, зашто оттука требало да се поврзат базите на српската пропаганда во Северна Македонија со оние во јужниот и југозападниот дел на земјата. Првите бази за нејзино ширење на тој терен биле селото Рудник и Башино Село.[12] Уште во 1882 год. таму пропагандата успеала да го направи "прав Србин", свештеникот Христо "човек алчен за злато и без секаков морал".[13] Истата година и Богомила била засегната од српската пропаганда. Таму[14] поп Христо станал србоман и повлијаел врз неколку првенци од селото да го направат истото, а веќе во 1886 год. во селото било отворено и српско училиште.[15] Во прво време, тоа училиште не било посетувано од страна на учениците. Дури откако

[7] Тодоръ Станковъ, Македонската революционерна организация, Ил. Илинденъ, IV/4 (34), София 1931, 7; Зб. Даме Груев, Истражувања и материјали, Битола 1981, 98.

[8] АМ, Ф. "ВБМ" 1895, Д. VII/1, № 33.

[9] Спомени на Дамянъ Груевъ ..., 19.

[10] АМ, цит. документ.

[11] Повеќе за развојниот пат на српската пропаганда во Азот види: В. Ѓорѓиев, Обидот на Петар Поп Арсов да го попречи продорот на српската пропаганда во Азот во 1895 год., Историја XXIII/1-2, Скопје 1992, 73-81.

[12] Љ. Доклестиќ, Српско-Македонските односи ..., 309-311.

[13] Стефанъ Н. Аврамовъ, Революционни борби въ Азотъ ..., 27.

[14] Дотогаш Богомила имала двајца егзархиски свештеници: поп Ангеле и поп Христо (Стефанъ Н. Аврамовъ, цит дело, 27).

[15] Исто, 28.

биле заплашени нивните родители дека "не ќе ги допуштат на гурбет во Србија",[16] тогаш поголемиот дел подлегнале на пропагандата. Оттука, српската пропаганда со помош на нахискиот мудур почнала да се шири и во останатите села на Азот.

Како начин за спротивставување на српската пропаганда било и непосетувањето на српските училишта.[17] Токму затоа, во српското училиште во Велес биле доведувани дечиња од селата во Поречието, Албанчиња од Призрен и од Србија за да видат "туѓинците–минувачи дека во Велес има српско училиште".[18]

Друг вид на отпор биле разните жалби и поплаки до османските локални и централни власти. Но, и тоа секогаш не давало полни резултати, бидејќи османлиите, кога се работело за странските пропаганди во Македонија, постојано ја подржувале послабата страна за сметка на посилната. Во случајов тоа била српската пропаганда. Карактеристичен пример за колаборацијата меѓу локалната османска власт и српската пропаганда ни дава една жалба до велешкиот кајмакам. Во неа се истакнува дека Ристо Ангеле и Димко Скендер, на 23.03.1895 год, по претходно советување со мудурот во Богомила, се упатиле кон селото Теово со уште тројца богомилчани, и таму ги малтретирале егзархискиот свештеник и служител, а потоа насилно влегле во црквата.[19] Во една друга жалба пак, се истакнува дека патријаршискиот свештеник Ѓоре од Богомила, на 11/23.05.1895 год,. го истерал егзархискиот свештеник од село Мокрени и служел "божја служба на српски начин".[20] Истата година во февруари, селаните од Богомила се пожалиле до својот мудур дека "српските агенти го тераат народот со сила" да се изјаснува "за Срби".[21] Наместо да се преземат мерки против тоа, османските власти, напротив, побарале да се смени учителот Трајко Кантарџи во Богомила, кој според нив ширел "смут помеѓу населението".[22]

Како последица од перманентната агресивност на српската пропаганда, егзархиските учители, кои биле изложени на разни шиканирања и напади,[23] биле принудувани на бегство, а училиштата по наговор на

[16] Исто, 29.

[17] Крајничанец Иван, Автобиографија (1869 – 1942), АО ИНИ, сл. IV, 165, 24.

[18] Стефанъ Н. Аврамовъ, цит. дело, 30.

[19] АМ Ф "ВБМ" д. VII/1а, б, исх. 591.

[20] Исто, исх. 786.

[21] Исто, д. VII/2а, исх. 196.

[22] Исто, д. VII, бр. 23/1.

[23] Во селото Теово, на сред бел ден, од србоманот Стојан Зрле пред очите на учениците бил нападнат егзархискиот учител. АЕ "ВБМ", д. VII, бр. 31, и д. VII/2, ае. бр. 12, л. 2.

србоманите биле затворани.[24] Под ист удар се нашле и свештениците, бидејќи србоманите посегнале и по црквите и манастирите.[25]

Дејствувањето на српската пропаганда во Азот, од една страна, и на бугарската од друга, довело до поделба на населението на "србомани и бугараши... брат против брат, син против татко".[26] Согледувајќи ја таквата положба во својата епархија, Велешката егзархиска митрополија испратила протест до велешкиот кајмакам,[27] до валијата,[28] и до Големиот везир.[29] За развојот на српската пропаганда и опасноста од тоа, велешката егзархиска митрополија го известила егзархот Јосиф и побарала совет. Тој, од своја страна, со послание од 09/21.12.1894 год., го овластил велешкиот митрополит Авксентиј да одбере специјален "чиновник", кој ќе се спротивстави на српската пропаганда во Азот и Велес.[30] Во согласност со упатствата од Егзархот, епархиската управа на Велешката егзархиска митрополија направила повеќе обиди за изнаоѓање на соодветна личност. Меѓутоа, никој "не се решил да ја прифати таа должност", зашто во меѓувреме с. Богомила речиси целото застанало на страната на србоманите.[31] Затоа, како неопходно се покажало да се повика од Солун Петар Поп Арсов и на него да се наложи таа должност.[32]

Иако само неколку месеци пред тоа Егзархијата го отпушти Петар Поп Арсов од служба во Солунската егзархиска гимназија,[33] таа сметала дека тој со својот авторитет и преку своите роднини и пријатели ќе повлијае кај населението да се врати под закрила на Егзархијата и така да се ослободи од ривалството на српската пропаганда. Знаејќи го антипропагандното расположение на Петар Поп Арсов, Егзархијата сметала дека неговата активност, насочена против српската пропаганда, ќе ја искористи за свои цели.

Повикан од Солун, за оваа нему "непозната работа", тој пристигнал во Велес на 15/27.02.1895 год.[34]. Сигурно е дека Петар Поп Арсов не дошол

---

[24] На таков начин било затворено и училиштето во Богомила. АМ "ВБМ", д. VII/2, ае. бр. 3/3. Училиштето било изградено од заеднички средства на егзархистите и патријаршистите чиј вкупен број изнесувал 890 души. Во 1895 год. бројот на егзархистите се свел само на седум семејства. Затоа, велешкиот кајмакам Сеид Сулејман Хивзи, на 02/14.12.1895 год. наредил на егзархистите да им се вратат парите за изградба на училиштето (АМ "ВБМ", д. VII/2, ае. бр. 3/5).

[25] Исто, ае. бр. 12.

[26] П. Росенъ, Прѣз Азотъ, Македония, I/VII , София 1922, 34.

[27] АМ"ВБМ", д. VII/2, ае. бр. 7, л. 1.

[28] Исто, ае. бр. 8, л. 2.

[29] Исто, ае. бр. 9, л. 2.

[30] Исто, д. VII, бр. 33.

[31] Исто.

[32] Исто.

[33] Петар Стојанов, Петар Поп Арсов..., 112.

[34] АМ"ВБМ", д. VII/1а.



Моето отиване въ с. Богомила
по случай отцепването на тамошнитѣ българи отъ св. Екзархия.

Повиканъ изъ Солунъ за неизвѣстна мене работа, азъ пристигнахъ въ Велесъ на 15-того, отдѣто, слѣдъ като се срещнахъ съ Н. В.-преосвещенство г. Авксентий, по мое желание заминахъ за родното си мѣсто, Богомила, мюдюрлукъ и главно село въ нахията Азотъ. Преди да опиша, какво видѣхъ прѣзъ 4-дневното ми прѣбиване въ селото, нека кажа нѣколко думи за цѣлата тази нахия, която се състои отъ 14 села, между които само 3-4 сѫ турски, или смѣсени. Нахията Азотъ е разположена по долината на р. Бабуна и клоновете на споменатата планина — Бабуна. Бидейки планинско мѣстото и земята не твърдѣ плодна, азотчани отдавна сѫ били принудени да ходятъ на чужбина въ най-близката въ всѣко отношение Сърбия. Първия човѣкъ отъ с. Богомила, който е направилъ обичай да се ходи на чужбина въ Сърбия, е нѣкойси дѣдо Мирче, нареченъ за това Сърбинътъ. Туй е било прѣди 60-70 години. Сега числото на сърбяницитѣ (така сѫ наречени онези, що ябанувать въ Сърбия) е много голѣмо. Почти всѣка кѫща има по

*Факсимил од согледувањата на Петар Поп Арсов за развојот на српската пропаганда во нахијата Азот.*

во Велес само по поканата од Егзархијата, туку тоа било сторено во согласност со ЦК на МРО, чиј член и секретар во тоа време бил тој. Тоа го налагала и потребата од зацврстување на организационата мрежа на МРО во овој крај, како и да се попречи раздробувањето на народот од влијанието на српската пропаганда. Во такви околност, поканата од Егзархијата требало да послужи само како добра камуфлажа пред османските власти за легализирање на неговиот престој во Велес.

По доаѓањето во Велес, Петар најпрвин се сретнал со митрополитот Авксентиј, а потоа заминал за родната Богомила каде се задржал четири дена.[35] Тој сакал на теренот да ги испита причините за појавата и ширењето на српската пропаганда, па следствено на тоа да се бараат и превземат мерки за нејзино парализирање. Во исто време, во Богомила, како борец против српската пропаганда се истакнувал неговиот брат Андреја Поп Арсов,[36] Најдо Лилјак, Георги и Павел Чикабеви и попот Ангеле.[37]

По враќањето од Богомила и завршувањето на обиколката на Азот, Петар Поп Арсов како главна причина за појавата на српската пропаганда во овој крај ја наведува појавата на печалбарството кое било насочено кон Србија и кое било резултат на неплодноста на земјата во овој дел од Македонија. Тој истакнува дека првиот човек кој заминал на гурбет во Србија од овој крај бил некојси дедо Мирче кој поради тоа бил наречен "Срботˮ.[38] Понатаму, тој истакнува дека во 1895 год. бројот на "србјаните" (така се нарекувале оние што "јабанџуваат" во Србија) е многу голем и "речиси секоја куќа има по еден или неколку ,србјани'".[39]

Меѓутоа, и покрај тоа тој заклучува дека "говорот на населението ја држи средината помеѓу велешкиот и прилепскиот" и не бил повлијаен од српскиот. Интересот на Петар Поп Арсов за проучување на посебноста на македонскиот јазик од соседните словенски јазици е продолжение на тенденцијатаројавена во "Лоза". Всушност, со докажувањето на посебноста на јазикот кај македонскиот народ, тој сега сакал да и се спротивстави на српската па и на другите пропаганди во Македонија. И покрај зачувувањето на чистотата на јазикот, Петар Поп Арсов заклучува дека српската пропаганда успеала да го претвори духот на народот во "српски" и дека нејзиниот успех се должел токму на печалбарството и покрај тоа што вешто бил прикриен под "превезот на омразениот грцизам".[40]

---

[35] Исто.

[36] Андреја Поп Арсов, во текот на 1907 год. бил принуден од страна на србоманите да ја напушти Богомила и да замине за учител во с.Ореше. Тој ја предводел борбата против српската пропаганда во овој крај се до 1918 год. кога бил убиен од Србите. Стефанъ Н. Аврамовъ, цит. дело, 28–29.

[37] Исто, 28; АМ "ВБМ", д. VII/1, ае. бр. 3.

[38] АМ"ВБМ", д. VII/1а. Според Петар Поп Арсов тоа се случило пред 60 – 70 години што значи некаде во првата половина на XIX век.

[39] Исто.

[40] Исто.

Како втора причина за опстојувањето на српската пропаганда на овие простори тој ја посочува локалната османска власт која јавно ги подржувала србоманите и ги присилувала "селаните да се пишуваат под Патријаршијата".[41]

На враќање од Богомила Петар Поп Арсов се задржал во анот во селото Теово каде имал средба со еден заптија од нахијата Азот. Нему му ги предочил злоделата и репресалиите што биле превземани врз македонскиот народ за да се врати под закрила на Патријаршијата и на тој начин да стане лесен плен за српската пропаганда. Истовремено, Петар Поп Арсов пред него покажал чудење како можат османските власти да ја подржуваат српската пропаганда, кога нејзините агитатори отворено проповедале дека оние што се под Патријаршијата еден ден ќе бидат под управа на српскиот крал.

Агентите на српската пропаганда во својата агитација се служеле со разни ветувања, од кои Петар Поп Арсов ги издвојува следните: намалување на бегликот на 3,5 гроша, бесплатно патување по железницата за Србија, бесплатни српски учители и учителки, преполовување на данокот за крштевање, венчавање, погреб и сл.[42]

При оваа турнеја низ Азот, Петар Поп Арсов агитирал меѓу населението да се откаже од претстојното посрбување. Притоа, голем дел од луѓето изјавувале дека "не можат ,против судот' кој сам ги терал да се пишуваат под Патријаршијата".[43] Сепак, по негово инсистирање, десетина куќи во Богомила повторно се вратиле под Егзархијата.

За да симне од себе секаква сомнителност и да го легализира својот престој во Велес, на 04/16.03.1895 год., Петар Поп Арсов формално поднел молба до Велешката егзархиска митрополија да го назначи за секретар или учител при Митрополијата.[44] Само за два дена, Митрополијата, со актот бр. 459, од 06/18.03.1895 год., го известила Петар Поп Арсов дека го назначува за секретар – инспектор на училишниот оддел при Велешката митрополија.[45]

Меѓутоа, Петар Поп Арсов, како голем критичар на Егзархијата и воопшто на бугарската политика спрема Македонија, не ја проголтал егзархиската јадица, која сметала да го канализира во своја корист неговото спротивставување на српската пропаганда. Напротив, тој "сакал да ја проучи и да се спротивстави на српската пропаганда во Азот од позициите на

---

41 Исто.

42 Исто.

43 Исто.

44 АМ "ВБМ", д. VII/1, бр. 33, вх. 264, л. 4.

45 Исто, л. 5.

самостојноста на револуционерната борба на македонскиот народ".[46] Оттука, и судирот со Егзархијата бил неизбежен. Својот престој во Велес Петар Поп Арсов го користел за агитација меѓу населението за ширење на идеите на МРО, притоа координирајќи ги акциите на МРО во Азот за одбрана од србизмот. Првата група за револуционерна работа во Велес која ја организирал Петар Поп Арсов ја сочинувале: Велко Думев, Андреја Коробаров, Трајче Христов, Димче Зеков, и Иван, Диме и Јордан Варналиеви.[47]

За време на Велигденската ваканција од 1895 год., Петар Поп Арсов во Велес се сретнал со Гоце Делчев и Туше Делииванов кои биле на пат од штип кон Солун и Кукуш.[48] Притоа, биле разменети мислења за постигнатите резултати на револуционерното дело во Велес и штип. Во оваа пригода Петар Поп Арсов истакнал дека "И тука (Велес б.н.) нема да останеме поназад".[49] Тој изразил верување дека Организацијата во Велес добро ќе се развие и зацврсти. За тоа била потребна систематска работа, зашто, како што истакнал самиот, "интелигенцијата во тој град тешко се превиткува", а тоа било резултат на "безброј поделби на социјалисти, анархисти и др., макар што сите се добри момци".[50]

Сигурно е дека на оваа средба станало збор и за дејствувањето на српската пропаганда во Велес и Азот и за плановите на Егзархијата да го искористи дејствувањето на Петар Поп Арсов за свои цели. На таков заклучок упатува оставката што тој ја поднел на доверената должност во Митрополијата набрзо по средбата со Гоце Делчев и Туше Делииванов.

Егзархијата од своја страна, согледувајќи ја непокорливоста и самостојната активност на Петар Поп Арсов во полза на МРО, почнала да го денунцира "како ,нездрав' човек за Турција, а од друга страна како ,турски шпион' пред велешани.".[51] При таков развој на настаните, неприкосновениот борец против претендентите на Македонија, човекот "којшто критикува секаква власт", на 21.04/03.05.1895 год. си поднесол оставка на должноста секретар–инспектор на училишниот оддел при Велешката егзархиска митрополија.[52] Во неа како причина ја наведува "неопределеноста на должноста" со која бил натоварен. Митрополијата, од своја страна, ја премолчала неговата оставка и со актот бр. 712, од 28.04/10.05.1895 год. го разрешила од должноста.[53]

---

[46] П. Стојанов, Петар Поп Арсов..., 112.

[47] Никола Зографовъ, Строежа на живота..., 54.

[48] Христо Андонов Полјански, Гоце Делчев, Пула 1985, 50.

[49] Крум Христов, Гоце Делчев, София 1955, 96.

[50] Х. А. Полјански, Гоце Делчев во спомени на современиците, Скопје 1963, 44.

[51] П. Стојанов, цит. дело, 112.

[52] АМ "ВБМ", д. VII/1, бр. 33, л. 6.

[53] Исто, л. 7.



ВЕЛЕШКА БЪЛГАРСКА МИТРОПОЛИЯ
ПОЛУЧЕНО НА 21 апр. 189_ г.
Вх. № 416 дѣло № 7

До Българската Митрополия

тукъ

Ваше Високопреосвещенство,

Прошението е приписано вх. на 15 ...

С настоящето моля да ме освободите отъ службата въ повѣрената Вамъ Митрополия.

Причината на тази моя молба е, главно, неопредѣленостьта на длъжностьта, съ която съмъ натоваренъ.

Препоръчвамъ се на архипастирскитѣ молитви и Ви цѣлувамъ св. Десница.

П. Арсовъ

Велесъ, 21 априлъ, 1895 г.

Оставката на Петар Поп Арсов на должноста секретар-инспектор при Велешката егзархиска митрополија

Митрополитот Авксентиј, во врска со тоа, во едно писмо до Егзархот Јосиф, не се осмелил да ги изнесе вистинските причини за разидувањето меѓу него и Петар Поп Арсов. Тој дури не ја споменува неговата оставка, туку едноставно тоа го сведува на причини од економски карактер за што вели: "За да се направи една економија, јас го ослободив г. П.П. Арсов од наложената нему мисија.".[54]

За време на престојот во Велес, Петар Поп Арсов не успеал многу да ги попречи отворањата на српски училишта.[55] А како и би можел кога на 18.06.1895 год. било издадено царско ираде за слободно отворање на српски училишта во Македонија.[56] Сепак, во текот на 1895 год., како резултат на неговата активност, десетина куќи во Богомила се повратиле во закрила на Егзархијата,[57] а истото го сториле и неколку жители од с. Ораовец,[58] Теово,[59] Башино Село[60] и други.

По напуштањето на Велес и заминувањето на Петар во Прилеп, во Азот најголем борец против српската пропаганда останал неговиот брат Андреја.

3. Во текот на учебната 1895/96 год. Петар Поп Арсов станал директор на прилепските егзархиски училишта.[61] Истовремено, по препорака од ЦК на МРО, тој станал и претседател на месниот комитет на Организацијата во Прилеп.[62] Во тоа време, во прилепскиот месен комитет на МРО, покрај претседателот Поп Арсов влегувале уште и: Атанас Иванов – секретар, Јордан Поп Константинов – началник на терористичката група, Илија Црвенков – благајник, Никола Миљовски, Павел Христов и П. Саратинов.[63]

Комитетот своите заседанија често пати ги одржувал во станот на Петар Поп Арсов. Во меѓувреме значително се зголемил бројот на членството во Организацијата достигнувајќи 300 души,[64] распоредени во десетини, а за стотник бил назначен Ил. Крапчев.[65] Брзиот пораст на

[54] Исто, л. 8–9.

[55] Тодор П. Станковић, Белешке о старој Србији – Маћедонији, Ниш 1915, 135.

[56] К. Џамбазовски, Културно–општествените врски..., 240.

[57] АМ "ВБМ",VII/1а.

[58] Исто, д. VII, ае. 16/3

[59] Исто, д. VII/1а, б, исх. 1053.

[60] Исто, д. VII, ае. 6/1.

[61] Георги Трайчевъ, Град Прилѣпъ, София 1925, 225; Во учебната 1895/96 год. двете (машко и женско) третокласни училишта имале вкупно 175 ученици. Од нив 119 биле момчиња, а 56 девојчиња. Погледъ върху дѣятелноста..., 153.

[62] Георги Трайчевъ, Приносъ към историята на революционното дѣло въ Македония (Прилепско), София 1925, 26.

[63] Г. Трайчевъ, Принос към историята..., 26; Д. Димески, Македонското национално–ослободително движење..., 192.

[64] Г. Трайчевъ, Градъ Прилѣпъ..., 226; Д. Димески, цит. дело, 192.

[65] Г. Трайчевъ, Градъ Прилѣпъ... 225.

членството во Организацијата ги зголемило потребите за вооружување, а тоа од своја страна барало зголемување на финансискиот буџет на Комитетот. Редовната членарина веќе ни од далеку не можела да ги задоволи таквите потреби. Затоа, се пристапило кон реализирање на втората одлука од Ресенското советување според која требало "материјални средства да се собираат надвор од членовите на Организацијата, од оние, кои го симпатизираат делото".[66] Работејќи во тој правец, месниот Прилепски комитет постигнал значајни резултати. Преку печатени расписки во кои била определена висината и рокот за внесување на средствата, поткрепени уште и со печат на кој стоел натписот "револуционерен комитет", без поголеми тешкотии била собрана задоволувачка сума.[67]

Дека тоа било така и дека парите пред олтарот на слободата не значеле многу потврдуваат следните податоци. Коста Бомбол во касата на комитетот внел 25 турски лири; Хаџи Здраве 15; Н. Крапчев, Мијајле Здравев и Д. Шиндил по 10; М. Димшов дал 8 турски лири итн.[68] Со собраните пари биле купени 40 пушки, тетовски – мартинки. Тие биле скриени во специјално подготвена скривница во куќата на Јордан П. Константинов.[69] Меѓутоа, тој набргу бил поткажан на власта од некој селанец и при претресот во неговата куќа била пронајдена само една пушка. Поради тој инцидент Јордан завршил в затвор, но тоа не предизвикало никакви натамошни последици за револуционерното дело.

Постојат индиции дека во согласност со четвр ата одлука од Ресенското советување,[70] во Прилеп отпочнал да излегува конспиративно хектографиран лист.[71] За сето тоа време Петар Поп Арсов бил целосно предаден на организациона работа. Тој ги посетил селските училишта и меѓу учителите "вршел пропаганда за револуционерната идеја".[72] Тогаш го посетил и Кавадарци каде зборувал за развојот на револуционерното дело со Георги Поп Христов и со останатите учители.[73] Во исто време, П. Христов и Ат. Иванов го посетиле с. Небрегово со агитациона намера.[74] Најверојатно е дека овие обиколки биле направени непосредно по Солунскиот конгрес на МРО за да се запознае членството со конгресните одлуки.

---

[66] Д. Димески, цит. дело, 174.

[67] Г. Трайчевъ, Градъ Прилѣпъ..., 225.

[68] Г. Трайчевъ, Принос към историята..., 25 – 26; Д. Димески, цит. дело, 192.

[69] Г. Трайчевъ, Принос към историята..., 25.

[70] Д. Димески, цит. дело, 174.

[71] Според Г. Трајчев весникот се викал "Бунтовник" или "Борец" и излегол во 2 – 3 броја (Г. Трайчевъ, Градъ Прилѣпъ..., 226; Д. Димески, цит. дело, 193).

[72] Исто.

[73] Георги Поп Христов истакнува дека таа посета била за време на Велигденската ваканција 1897 година кога Поп Арсов бил директор во Прилеп. Очигледна е неговата грешка во годината што ја наведува. Во случајов станува збор за 1896 год. Види: Революоционната борба въ Битолския окръг, Спомени отъ Георги п. Христовъ, София 1953, 9.

[74] Г. Трайчевъ, цит. дело, 226; Д. Димески, цит. дело, 193.

Набргу потоа во Битола пламнала познатата Донева афера,[75] меѓутоа, благодарение на брзата курирска служба на Организацијата, последиците биле избегнати. Во тоа време во Прилеп се нашол Григор Попев кој, откако разбрал за фаќањето на Доне и откривањето на бомбите, побрзал за тоа да го извести претседателот на месниот комитет Петар Поп Арсов. Но, тој за овој настан веќе бил информиран, не само од Битола, туку и од Гоце Делчев дури од Штип.[76]

Динамичната активност во прилепскиот месен комитет довела до разидување меѓу неговите членови. Тоа, пред се, било поради убедувањата на поумерените учители кои сметале дека заради револуционерната активност не смее да се запоставува училишното дело. Недоразбирањата се заостриле уште повеќе и со незаконскиот избор на Никола Миљоски во месниот комитет. Овој спор бил изгладен по интервенција на Павел Христов.[77] Сигурно е дека во овој спор свое место имала и подвоеноста на учителското тело, зашто "едни биле со идејата на Организацијата – револуционери, други со Егзархијата – еволуционисти".[78] За да се привлече колку е можно поголем број членови во редовите на Организацијата, Петар Поп Арсов инсистирал за "автономно управување на училиштата".[79] По тоа прашање тој имал согласност со членовите на прилепската општина, но затоа пак, се судрил со училишното настојателство. До него не поднесувал никакви извештаи за работата на училиштата. Затоа, настојателството писмено се пожалило до прилепската општина дека "управникот П. Арсов не дава ни рапорти, ни сметки за поверените нему училишта".[80] Меѓутоа, Поп Арсов намерно не сакал зад себе да остава писмена документација за да не биде обвинет за "бунтарство" при евентуални разоткривања.[81] Од тоа време било сочувано само едно негово писмо до прилепската општина од 22.05.1896 год. со кое се пожалил за разидувањата меѓу учителите предизвикани од Вл. Црвенков и барал негово казнување.[82]

Бранејќи ја црковно–училишната автономија на Македонија, Петар Поп Арсов не го допуштил ниту главниот егзархиски инспектор Васил К'нчов да изврши ревизија на училиштата во Прилеп,[83] со образложение дека

---

[75] Види: Димитар Димески, Аферите во Битолскиот вилает 1895 – 1903, Скопје 1993, 25 – 32.

[76] Боян Мирчев, Спомени на някои активни дейци в македонското революционно движение, Спомени на Григор Стефанов Попев, Известия на Инситута за българска история, Т. 6, София 1956, 501.

[77] Г. Трайчевъ, Градъ Прилѣпъ..., 226; Д. Димески, цит. дело, 193.

[78] АМ, Градъ Прилѣпъ за своитѣ училища, отъ Христо Шалдевъ, частъ II, МФ XX/230, 17.

[79] Исто.

[80] Исто, МФ XX/230, 16; Д. Димески, цит. дело, 192.

[81] Исто, 17.

[82] Исто.

[83] Константин Пандев, Спомени на Андон Димитров, Известия на Институтот за българска история. Т. XXVI, София 1983, 275; Г. Трайчевъ, Приносъ към историята..., 72; Д. Димески, цит. дело, 194.

"прилепските училишта се автономни".[84] Навистина, во тоа време прилепската општина сама ги издржувала своите училишта,[85] а само директорот бил плаќан од Егзархијата.[86] Откако Васил К'нчов не бил допуштен да влезе во училишната зграда како инспектор, тогаш тој побарал тоа да му биде овозможено барем како на приватно лице, а така и му било допуштено.[87]

Петар Поп Арсов во Прилеп се покажал и како успешен организатор на граѓанството за изнесување на јаве на неговото незадоволство против османскиот режим и неговите зулуми. Така, "при закопот на двајца Македонци, убиени од Турците, тој ја кренал целата Организација и општината и наредил во знак на жалост, да се прекрати наставата во гимназијата и секаква работа во градот, и заедно со сите ученици и илјадното граѓанство приредил демонстративен закоп на убиените Македонци, во знак на протест на ова турско злосторство.".[88] По се изгледа дека поради оваа акција Петар Поп Арсов бил приведен од полицијата во прилепскиот затвор каде што бил малтретиран и му "скршиле неколку заби".[89] Егзархијата, имајќи ја предвид севкупната активност на Петар Поп Арсов во Прилеп која воопшто не и конвенирала, го сменила од должноста директор на прилепските училишта. За нов управник во учебната 1896/97 год. бил назначен Благој Калејчев.[90]

4. Појавата и брзиот развој на МРО ги вознемирила владеачките кругови во Бугарија кои со тоа почувствувале дека се загрозени нивните историски интереси во Македонија. За парализирање на дејноста на МРО вешто било искористено раздвижувањето на македонската емиграција во Бугарија. Под закрила на официјална Бугарија, во март 1895 год., во Софија бил свикан првиот конгрес на македонските братства.[91] Во таа пригода бил формиран Македонскиот комитет, а за негов прв претседател бил избран Трајко Китанчев.[92]

Без да ја подозре, и без да ги сфати намерите на Фердинанд и бугарската влада, "Трајко Китанчев со својот авторитет, ја покривал подготовката на првата престапна авантура на дворот, која отвора цела ера од врховистички престапи спрема Македонија".[93] Својата политика кон

---

[84] АМ МФ XX/230, 16.

[85] Спомени на Андон Димитров..., 275.

[86] Спискъ на учителитѣ въ гр. Прилѣпъ прѣзъ 1894 – 95, АМ МФ XX/229, 5. Тогашната годишна плата на Петар Поп Арсов изнесувала 150 турски лири.

[87] Спомени на Андон Димитров..., 72.

[88] П. Стојанов, Петар Поп Арсов..., 117.

[89] Ср. П. Петровъ, Поменъ за Петъръ п. Арсовъ..., 13; П. Стојанов, цит. дело, 117; Д. Димески, цит. дело 195.

[90] Г. Трайчевъ, Градъ Прилѣпъ..., 226; Д. Димески, цит. дело, 256.

[91] К. Битоски, Македонија и кнежевството Бугарија (1893 – 1903), Скопје 1977, 28.

[92] Исто, 30.

[93] К. Христов, Гоце Делчев ..., 109.

Македонија, Комитетот гласно ја промовирал со т.н. Мелничко востание.[94] Овој Комитет, кој подоцна се преименувал во Врховен македонски комитет (ВМК), набргу станал инструмент во рацете на официјална Бугарија.

Согледувајќи ја опасноста за самостојноста на македонското ослободително движење што се заканувала од ВМК, ЦК на МРО "преку Иван Хаџи Николов и Даме Груев се обидела да ја сопре дејноста на македонскиот комитет во Софија или барем да ја сведе неговата улога на спомагателна морално–материјална институција".[95] Мешањето на ВМК во внатрешните работи на Организацијата го иницирало и Солунското советување од летото 1895 год. кога ЦК на МРО се решил "да застане на патот на надворешното мешање".[96] Тенденцијата на ВМК да се наметне над ЦК на МРО[97] и на тој начин последниот "да се претвори во послушно орудие за реализација на целите на ВМК"[98] послужило како непосреден повод за свикување на првиот конгрес на МРО.

Но не само тоа. Одржувањето на конгресот пред се било иницирано од внатрешните потреби на Организацијата кои на површина ги исфрлил нејзиниот брз развој. Првите нормативни акти на Организацијата веќе се покажале како претесни за нејзиниот натамошен растеж. Засиленото дејствување на странските пропаганди во Македонија исто така сериозно и се заканувале на Организацијата. Затоа, било неминовно да се изнајдат решенија за пресекување на нивниот развоен пат во корен.[99] Според сето тоа, неопходна била потребата да се направи една рекапитулација на тригодишната работа на Организацијата и врз основа на тоа да се донесат решенија за нејзиниот иден развој, како во идеолошко–политички, така и во организационен поглед. Сите овие промени можел да ги изврши само Конгресот на Организацијата.

---

[94] Целта на оваа акција била да се признае Фердинанд за кнез на Бугарија и добивање на берати за назначување на егзархиски владици во Македонија.

[95] Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје 1992, 66.

[96] Исто, 68.

[97] Во писмото од 20.03.1896 год., упатено од ВМК до ЦК на МРО, се истакнува дека само со решение од ВМК можат да се преземат било какви акции во Македонија; дека ВМК е компетентен да го одреди денот за востание; дека одлуките на ВМК треба да се спроведуваат преку ЦК на МРО. Ако ЦК на МРО се спротивстави на тоа, ВМК повторно го разгледува прашањето и доколку повторно заземе ист став, тогаш ЦК на МРО се задолжува безусловно да ги спроведе тие одлуки; ЦК на МРО не смее да презема никакви спогодби со приватни и официјални лица и установи и ниту со било која една влада. Види: К. Пандев, Национално–ослободителното движение..., 117; Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје 1994, 60 – 61.

[98] Д. Димески, Солунскиот конгрес на Македонската револуционерна организација (1896 година), Историја XXI/2, Скопје 1985, 91.

[99] Петар Поп Арсов уште во почетокот на 1895 год. се обидел да го попречи патот на српската пропаганда во Велес. Види стр. 58 – 66. Додека пак Ѓорче Петров се обидел да го попречи пропагандното дејствување на српскиот конзул во Битола – Боди. Види: Ѓ. Петров, Спомени. Коресподенција..., 46.

Солунскиот конгрес на МРО бил одржан за време на Велигденската ваканција помеѓу 5–12 април 1896 година.[100] Во неговата работа зеле учевство 15–16 делегати.[101] Од нив, познати се имињата на 13 учесници: Христо Татарчев, Даме Груев, Андон Димитров, Иван Хаџи Николов, Ѓорче Петров, Гоце Делчев (делегат од Штип), Христо Матов (Скопје), Пере Тошев (Битола), Петар Поп Арсов (Прилеп), Кирил Прличев (Воден), Васил Калајчев (Сер), Велко Думев (Велес) и Христо Поп Коцев (Одрин). [102]

Конгресистите извршиле крупни промени од идеолошко–политички и организационен карактер. Најпрвин, Организацијата се здобила со ново име "Тајна Македоно–Одринска революционерна организација" (ТМОРО). Организационата територија била поделена на 7 револуционерни окрузи.[103] Донесена е одлука за формирање на нова институција таканаречена Задгранично претставништво која ќе ја претставува Организацијата надвор од Македонија.[104] На конгресот е разгледано и прашањето за прием на жените во Организацијата.[105] Предвиден е нов начин за кореспонденција со ЦК и окрузите.[106] На конгресот била проследена и информацијата од Пере Тошев за преговорите што тој ги водел со проегзархиски ориентираните елементи во Солун. Притоа, било решено моментално прекинување на преговорите со нив и истовремено да им се соопшти дека Организацијата, сепак, своите врати им ги остава подотворени.[107] На конгресот се расправало и за останатите пропаганди во Македонија. Тоа се гледа од членот 2 на Уставот на ТМОРО каде се вели: "...Организацијата се бори да ги премавне шовинистичките пропаганди и националните караници кои го расцепуваат и обезличуваат македонското и одринското население".[108] По прашањето за пропагандите веројатно Петар Поп Арсов имал водечки збор, затоа што тој не бил само докажан антиегзархиски и антибугарски критичар, туку во почетокот на 1895 год. водел директна борба за попречување на српската пропаганда во Велес и Азот.

На крајот, Конгресот ги задолжил Гоце Делчев и Ѓорче Петров да изработат нов Устав и Правилник на Организацијата во духот на Конгресните решенија.[109] Уште во првиот член на Уставот на ТМОРО доаѓа до израз новата ориентација на Организацијата. Во него се вели: "ТМОРО има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и

---

[100] Д. Димески, Солунскиот конгрес..., 92.

[101] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 82.

[102] Д. Димески, Солунскиот конгрес..., 93.

[103] Хр. Силяновъ, Освободителните борби на Македония, Т. 1, София 1933, 46.

[104] Исто, 46.

[105] Ѓ. Петров, цит. дело, 84.

[106] Исто, 83.

[107] Исто, 83 – 84; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 203.

[108] Уставъ на Трайната Македоно–Одринска революциона организация, 1– 2.

[109] Ѓ. Петров, цит. дело, 83.

Одринско, без разлика на народност,[110] за извојување преку револуција полна политичка автономија на тие области.".[111] Солунскиот конгрес, со своите решенија верифицирани во Уставот и Правилникот на ТМОРО, несомнено во голема мера придонел за омасовување на Организацијата и нејзино прераснување од тесно конспиративна во масовна народна организација.

По завршувањето на Конгресот, прилепскиот делегат Петар Поп Арсов го посетил Кавадарци[112] и околните села на Прилеп[113] со цел да го запознае членството со конгресните одлуки.

---

[110] Ваквата формулација предизвикала оправдан страв кај бугарскиот егзарх Јосиф I од губење на македонскиот народ за Егзархијата. Во едно писмо до Министерството за надворешни работи на Бугарија од 14.04.1901 год. тој, меѓу другото, пишува: "Каква опасност се крие зад формулацијата обединување на сите незадоволни без разлика на народност и вера, не треба да Ве убедувам... ако така се мисли на обединувањето, тоа е обично предавство на бугарштината, што ние не смееме да го дозволиме... јас мислам дека се гони тајна цел, имено: обединување на македонското население на македонската почва и остварување на поодамна замислената идеја за македонска словенска етничка група на Балканот". С. Димески, Присуството на Теодосиј Гологанов..., 8.

[111] Уставъ..., 1.

[112] Спомени на Георги п. Христов..., 9.

[113] Г. Трайчевъ, Градъ Прилѣпъ..., 226.

# V

# СТРАДАЛНИЧКИ ГОДИНИ

1. Доневата афера од 1896 год. не остави директни последици врз Организацијата, но на османските власти им го посочи фактот за постоење на револуционерен заговор во Битола и Штип. Меѓутоа, со самата афера било свртено вниманието на османските власти врз Гоце Делчев па неговото ослободување од скопскиот затвор било условено со забелешка да не се враќа повеќе во Штип.[1] Со тој чин штипскиот центар на ТМОРО останувaше непокриен од соодветна личност која ќе биде во состојба да одговори на сите задачи.

Од друга страна пак, Петар Поп Арсов, за време на престојот во Прилеп, беше компромитиран пред локалната османска власт.[2] За да се избегне неговото натамошно компромитирање пред властите во Прилеп и за да се покрие изпразнетото Делчево место во Штип, Петар Поп Арсов, во согласност со ЦК на ТМОРО, на 22.08/03.09.1896 год. поднел молба до егзархиската митрополија во Скопје да биде назначен за учител во Штип.[3]

Неговото барање било прифатено и бил назначен за главен учител – директор на училиштата во Штип. Истовремено Петар Поп Арсов станал и раководител на окружниот комитет на ТМОРО во Штип. Во тоа време Штип претставувал крупен стратешки центар за Организацијата, зашто оттука минувале тајните канали на Организацијата кон Бугарија што своевремено ги воспоставил Гоце Делчев.[4] Штипскиот окружен комитет во тоа време бил еден од најдобро организираните во Македонија. "За таа гранитна скала на револуционерната организација во штипскиот крај не малку содејствуваше и присуството овде во 1894–95 година на Даме Груев, како и на некои од повидните граѓани: Тодор и Арсо Лазарови и др."[5] Во работата на комитетот мошне се истакнувал и Мише Развигоров.

Тоа е период кога ТМОРО го имала надминато првиот стадиум од сопствениот развој и постепено прераснувала во масовна народна

---

[1] П. К. Яворовъ, Хайдушки копнения. Гоце Дѣлчевъ, София 1939, 180 – 183; Ѓ. Петров. Македонското ослободително дело, редакција Г. Тодоровски, Скопје 1971, 177; К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 126.

[2] Ср. п. Петровъ, Помен за Петъръ п. Арсовъ..., 13.

[3] АМ, "Скопска бугарска митрополија", МФ, 401, влезен дневник од 1896 год.

[4] Хр. Настевъ, Виница, като първи покрай граниченъ пунктъ и каналъ на В.М.Р.О. Организация, Ил. Илинденъ, XI/5 (105), София 1939, 5 – 7.

[5] Хр. Татарчевъ, Спомени отъ миналото..., 17.

организација. Тој факт ја налагал потребата од забрзано подготвување за достигнување на поставената задача, т.е. барал забрзано вооружување, снабдување со револуционерна литература и други материјали. За успешно реализирање на оваа задача не било потребно само одржување на постојните канали, туку и воспоставување на нови. Во тој правец, Петар Поп Арсов неуморно делувал за нивно проширување на релацијата Скопје–Велес–Солун.[6] За време на престојот во Штип, тој работел во согласност со решенијата од Солунскиот конгрес. Никола Зографов за тоа пишува дека тој "широко гледа на иднината, допушта дека ќе настапи сознание кај Турците, Албанците и србоманите, ќе разберат дека земјата и слободата еднакво се потребни за сите жители во Македонија".[7] За разбивање на илузиите кај народот за наводната помош од надвор која била вешто лансирана од врховистичките емисари, како и за зачувување на самостојниот карактер на ТМОРО, Петар Поп Арсов постојано проповедал: **"Секој што однадвор ќе ни ја подари слободата ќе ни ја земе земјата".**[8]

Од средината на декември 1896 год. преку Гоце Делчев профункционирало Задграничното претставништво на ТМОРО.[9] Истото, во март 1897 год. било зајакнато со Ѓорче Петров.[10] Главна преокупација на двајцата задгранични претставници била снабдување и препраќање на оружје и други материјали во Македонија за потребите на Организацијата. Нивната дистрибуција се вршела преку пунктот во Ќустендил, а компетенциите за понатамошно пренесување, складирање и распоредување ги преземал штипскиот окружен комитет на чело со Петар Поп Арсов. Потврда за тоа е едно писмо од Мише Развигоров до пунктовиот началник во Ќустендил каде се вели: "Во одговор на писмото од Петар Поп Арсов велите дека се сте вршеле по наредба од ,внатре'. Ова не можеме да го разбереме, дали по наредба од Централниот (комитет б.н.), или на други комитети, но со Централниот не можете да соопштите ништо додека не мине преку нас (Петар Поп Арсов и Мише Развигоров б.н.)".[11]

Имено, пунктовиот началник Никола Зографов често пати по свое видување, или по барање на некои курири, ветувал оружје за одредени места. Тој, дури и самиот се обидувал да врши распоредување на пристигнатото оружје кај него без претходно консултирање со Окружниот комитет. Меѓутоа, Петар Поп Арсов успеал да фати едно такво писмо упатено за Паланка, во кое Н. Зографов ветувал испорака на 100 пушки за

---

[6] Н. Зографовъ, Строежа на живота..., 60.

[7] Исто.

[8] Исто.

[9] Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје 1994, 73.

[10] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 84.

[11] Љ. Лапе, Писма на учесници во македонското национално револуционерно движење, ГИНИ, XVI/1, Скопје 1972, 202.

Кратово.[12] Затоа, Н. Зографов бил предупреден дека "негова грижа е да го испраќа до каналот", а за наваму тоа да го остави на Окружниот комитет. Во исто време, на Никола Зографов му се советува "за понатаму, додека некој нов курир не го препорача Окружниот (комитет б.н.) не треба да влегува во спогодба со него".[13]

Кон крајот на пролетта 1897 год. започнала со работа и првата "фабрика" на ТМОРО за производство на оружје, а пред се за бомби.[14] Оттогаш во Македонија и првенствено во штипскиот револуционерен округ, во рацете на револуционерите почнале да се вртат се повеќе бомби. Тоа делувало психолошки за зацврстување на нивниот морал. На тој начин "се стави почеток на планомерната работа – бавно, но хармонично да станува вооружувањето".[15] Ваквиот растеж на ослободителното дело и дејноста на Петар Поп Арсов биле прекинати со громогласната Виничка афера.

2. а) Ноќта 14 наспроти15/26–27 ноември 1897 год.[16] една разбојничка банда[17] во состав од 15–16 души,[18] предводена од Коте Голчев од с. Берово,[19] влегла во селото Виница[20] и го убила Ќазимага.[21] Утредента Виница

---

[12] Исто.

[13] Исто, 202 – 203.

[14] П. К. Яворовъ, Хайдушки копнения..., 186; Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје 1994, 87 – 88.

[15] Н. Зографовъ, цит. дело, 60.

[16] АМ, "БКС" 1896–1911, МФ 4315, № 189.

Во мемоарот на Внатрешната Организација стои дека убиството станало на 14. 11. пред полноќ [Македония и Одринско (1893 – 1903), Мемоаръ на Вѫтрешната Организация, София 1904, 21]; Хр. Настев истакнува дека аферата започнала на 15. 11. (стар стил) [Хр. Настевъ, Винишката афера, Ил. Илинденъ XI/7 (107), София 1939, 4]; Според Хр. Матов аферата станала на 14. 11. 1897 год. [Хр. Матовъ, За своята революционна дейност (лични белешки), София 1928, 26].

[17] Според М. Миноски тоа била врховистичка чета предводена од армија. Види: М. Миноски, Прилог кон прашањето за положбата на македонските револуционери Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Ал. Коцев во злогласниот турски затвор Подрум–Кале, ГИНИ XX/2, Скопје 1976, 107.

Самиот Врховен комитет се оградил од тоа дека има некаква врска со настаните во Виница изјавувајќи: "Врховниот комитет нема ништо со испраќањето на четата, која го уби Ќамиз–ага во Виница и дека комитетот не е директниот ниту посредниот за станатото во Македонија" (Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје 1992, 112).

Додека пак, К. Пандев тврди дека тоа била банда испратена од Претставништвото на Внатрешната Организација или нејзини членови со цел да соберат пари за Организацијата. Ова тврдење не можеме да го прифатиме [К. Пандев, Националноослободителното движение..., 140].

Во случајов станува збор за професионално разбојничка банда.

[18] АМ "БКС", МФ 4315, №293, 30.11.1897 Скопје; Македония и Одринско..., 21; Никола Зографов соопштува бројка од околу 30 души. [Види: Н. Зографовъ, Строежа на живота..., 67] Освен тоа, се споменува и бројка од 26 души [Види: Изъ миналото на Македония, Македонски вести I/10, 30.04.1935 София, 2.

[19] Изъ миналото на Македония..., 2.

[20] Виница тогаш имала 170 христијански и 50 турски куќи [Македония и Одринско..., 21].

[21] Ќазим–ага бил на возраст од 26 год. во добра имотна состојба [Хр. Настевъ, Винишката афера..., 4].

Според кажувањата на виничани, Ќазим–ага бил добар човек, често помагал на сиромасите и се застапувал за христијаните, поради што бил почитуван од нив. Тој не правел верски разлики меѓу луѓето [К. Кондовъ, Борбата на Македонеца, Габрово 1903, 66].

осамнала со два трупа. Имено, ограбувачите првин влегле во куќата на Ќазим-ага, го врзале него и неговата жена и почнале да пребаруваат по куќата. Притоа, ги ограбиле сите готови пари и накитот на жена му во вредност од 600 турски лири.[22] Во моментот на грабежот Ќазим-ага препознал еден од напаѓачите и го замолил да им остават барем нешто од парите. Меѓутоа, напаѓачите во тој момент ја заклучиле неговата жена в соба, а него го извлекле во дворот каде тивко го убиле за да не ги издаде.[23] На повлекување бандата го убила и ноќниот чувар на селото – Васе, кој се обидел да ги легитимира.[24]

Двојното убиство утредента во Виница го довело кочанскиот кајмакам во придружба на жандармерискиот јусбашија, двајца полицајци, истражниот судија и општинскиот лекар, кои веднаш започнале со истрагата.[25] Возбудената жена на убиениот Васе во тој момент помислила дека нејзиниот сопруг е убиен од организациона чета и побрзала тоа да го соопшти на истражните органи.[26] Таа притоа истакнала дека на денот на престапот селскиот кмет Иван Петров, со уште осуммина селани, доаѓал кај нив дома и притоа го зеле Васе да одат "некаде", а каде, таа не знаела, и открила дека во нивната визба има скриено оружје.[27]

Полицијата веднаш ги уапсила споменатите лица и извршила претрес во куќата на Васе. Според официјалните османски податоци, таму биле најдени: 15 пушки, 4 сандаци со патрони, 2 револвера, 2 бомби со капсули и 2 бомби со фитил.[28] На тој начин, полицијата, дојдена да ги преследува убијците на Ќазим Ага, се натакнала на организационата мрежа која брзо почнала да се расплетува. За трагедијата да биде уште поголема во голема мера придонесол и селскиот кмет Иван Петров кој ги "раскрил сите работи достојни за збунување".[29]

Откако за тоа дознал и скопскиот валија Хафиз Мехмед-паша, кој уште од порано имал сознание за пренесување и складирање оружје во некои села на Виница и Штип,[30] таму го испратил началникот на полицијата од Скопје – Дервиш-Ефенди.[31] Со неговото доаѓање започнале масовни

---

[22] Хр. Настевъ, Винишката афера..., 7 (107), 5.

Додека пак, според Силјанов тоа биле 800 турски лири [Хр. Силяновъ, Освободителните борби..., Т. I, 75].

[23] Хр. Настевъ, Винишката афера..., 7 (107), 4.

[24] Изъ миналото на Македония..., 2.

[25] Хр. Настевъ, Винишката афера..., 7 (107), 4.

[26] Изъ миналото на Македония..., 4.

[27] АМ "БКС", МФ 4315, № 189.

[28] Исто.

[29] Исто, № 293.

[30] Хр. Настевъ, цит. дело, 5.

[31] А. Апостолов, Винишката афера, прво масовно раскривање на Тајната македоно-одринска революционерна организација, Историја III/2, Скопје 1977, 109.

затворања, претресувања, жестоки инквизиторски измачувања, и како резултат на сето тоа се појавиле нови раскривања. На тој начин "од едно просто криминално дело, вештачки се создаде цела политичка афера".[32]

Првите превентивни мерки преземени од организационите комитети во Виница, Штип и Скопје се покажале ништожни.[33] За несреќата да биде поголоема, во Виница бил пронајден и еден тефтер во кој биле забележени имињата на сите села и градови каде што имало складирано оружје. Во истрагата, Дервиш–Ефенди се раководел токму според тој тефтер.[34] Така, истрагата од Виница со молскавична брзина се проширила кон Штип, Радовиш, Малешевијата, Кратово, Паланка и делумно во Скопје. За време на истрагата, покрај пронајденото оружје,[35] биле пронајдени устави и правилници на "Револуционерни комитети во Македонија", потоа, расписки за примено оружје во селата потпечатени со "селски печати". Освен тоа, биле пронајдени и писма на Мише Развигоров и Гоце Делчев.[36] Скопскиот валија во тоа време истакнал дека во "книгите има имиња на некои скопски учители и некој Делчев, кој бил главен дејател, ...и го барале под камен".[37]

За време на истрагата биле уапсени членовите на Окружниот комитет од Штип: Петар Поп Арсов, Тодор Лазаров и Мише Развигоров.[38] Последниот "за да го спаси населението од мачење, раскри доста работи".[39] Петар Поп Арсов, по своето прво приведување и притворање во затвор, бил пуштен на слобода, но само по неколку дена тој е повторно затворен.[40] За да се

---

[32] К. Кондовъ, Борбата на Македонеца..., 66.

[33] Хр. Настевъ, цит. дело, 5.

[34] АМ "БКС", МФ 4315, № 691, 11.12.1897 Солун.

[35] Податоците за откриеното оружје многу се контрадикторни во поглед на соопштенијата од официјалните власти што биле предимензионирани. Така на пример, според официјалните турски податоци од 25.12.1897 год., вкупно биле откриени 250 бомби и околу 2000 пушки. Меѓутоа, истиот извор, според приватни извори, дознал дека се работело за 400 – 500 пушки и 50–тина бомби [АМ"БКС", МФ 4315, № 189, 25.12.1897 Скопје].

Понатаму, според османските власти, во селото Лески, биле откриени околу 1200 пушки и околу двестотини бомби. Но, во случајот се работело за 200 – 300 пушки и 40 бомби, соопштува истиот извор.

Австроунгарскиот конзул во Скопје – Писи, во својот извештај од 22.12.1897 год., вели дека до тогаш биле откриени 1000 пушки и 40–тина бомби [М. Миноски – Ѓ. Стојчевски, Австриски документи за Виничката афера 1897 – 98 година, ГИНИ XXV/2 – 3, Скопје 1981, 336].

[36] АМ, "БКС", МФ 4315, № 348, 24.12.1897 Скопје.

[37] Исто, № 307, 08.12.1897 Скопје.

[38] Мише Развигоров, тогашен секретар на окружниот комитет во Штип "врзан како мечка беше разведуван по селата во штипско, а потоа во Виница, Кочани, Свети Николе итн. за да го убеди населението да го предава оружјето. Единствено тој признал пред Дервиш–Ефенди дека го организирал и вооружувал наслелението изјавувајќи дека врз себе ја зема сета одговорност" [Хр. Настевъ, Винишката афера..., XI/8 (108), 7].

[39] Спомени на Григоръ Ст. Попевъ..., – Б. Мирчевъ, Спомени на някои активни дейци..., 502.

[40] АМ, Бугарски генерален конзулат – Солун (БГК – С), МФ 4274, № 615, 25 – 26.11.1897 Солун.

извлечат поголеми признанија од него, тој бил жестоко мачен и тепан.[41] Од сите приведени Петар Поп Арсов најмашки се држел. Притоа, тој зборувал "дека не ја одобрува работата на Турција, и, ако тоа се смета за вина – тој е виновен".[42] Неговата храброст повлијаела кај многумина штипјани демонстративно да откажат да го предадат бараното оружје од нив.[43] Како резултат на тоа, полицијата им дала рок на штипјани за предавање на оружјето, притоа им се заканувала со големи жестокости.[44] Во меѓувреме, штипјани се самоорганизирале и формирале една осумчлена комисија која требало да изјави пред кајмакамот дека тие "немаат никакво оружје освен тука–таму по некој стар револвер што биле спремни да го предадат веднаш", а доколку кај некој граѓанин се најде пушка тие не сносат одговорност за тоа.[45] Ултиматумот истекол на 23.12.1897/04.01.1898 год., но штипјани не предале ништо. Затоа, од страна на валијата биле испратени три табура војска кои веднаш ги започнале своите "професионални подвизи". Насилствата се вршеле сосема јавно по училиштата и улиците. Револтирани од тоа, повеќе од 200 штипјанки отишле во Скопје да протестираат пред валијата и европските конзули[46].

Иако голем дел од раководителите на ТМОРО за време на аферата биле во состојба со бегство преку границата да ги избегнат османските инквизиторски методи, тоа не го сториле од лични и морални причини и поради инструкциите дадени од ЦК на ТМОРО. ЦК, согледувајќи ги последиците кои можеле да произлезат од тоа "наоѓал дека е добро да не забегуваат сите интелектуални раководители, зашто затворените и мачени селани се лутеле зашто забегнувале раководителите а само тие ги испитуваат ужасите на турските власти".[47] Само со тоа може да се објасни постапката на Петар Поп Арсов кој по првото апсење и брзото ослободување имал можности да се изгуби од видикот на власта, а сепак, тоа не го сторил. Напротив, тој останал да ја подели судбината со народот за чие што потпалување во голем степен придонел и самиот.

Окружниот комитет во Скопје кој не бил разнебитен, за да го прекине натамошното разградување на Организацијата и страдањето на народот, донел одлука во Бугарија да го препрати Ефрем Чучков "та оттаму заедно со Делчев да ја нападнат Виница – да ја ослободат архивата".[48] Во врска со таквите планови Гоце имал телефонски разговор со Борис Сарафов,[49] но од сето тоа не станало ништо.

---

[41] М. Миноски – Ѓ. Стојчевски, Австриски документи..., 345.
[42] К. Кондовъ, Борбата на Македонеца..., 68.
[43] Исто, 47.
[44] АМ, "БКС", МФ 4315, № 348, 24.12.1897 Скопје.
[45] Исто.
[46] К. Кондовъ, цит. дело, 67.
[47] Хр. Матовъ, За своята революционна дейность..., 25 – 26.
[48] Исто.
[49] Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје 1992, 111.

б) Масовниот терор со невидени ѕверства,[50] проследен со бројни затворања,[51] предизвикало жестока огорченост кај македонскиот народ во делот на Македонија засегнат од аферата. Според Коста Кондов, 200 штипјанки протестирале во Скопје.[52] Слични протести направиле повеќе групи граѓани од разни места, жалејќи се пред валијата и странските конзули.[53] Освен тоа, поплаки биле испратени и до Високата порта.[54] Сето тоа, како и ставот на Австро–Унгарија и Русија,[55] ја натерало Високата порта да му нареди на Дервиш–Ефенди "да не дига голем шум околу таа афера",[56] туку да ја заврши истрагата што побргу "без да го свртува вниманието на странските конзули",[57] та потоа да бара modus vivendi.

---

[50] Ќе наведеме само дел од методите со кои се служела власта при истрагата: тепање, горење со усвитено железо по телото и јазикот, ставање спици под ноктите, бесење со главата надолу над чад од влажна слама, стоење на една нога по 24 часа, стегање на главата со мокри јажиња, стегање на градниот кош со менгеме, влечење за опашките на коњите, силувања итн. Види: Скопската митрополија до егзархот Јосиф I, АМ, "БКС", МФ 4315, 25.01.1898; M. Mokroff, Agent diplomatique de Bylgarie a S. A. Halil Rifat Paha, Grand Vezir de la Empire Ottoman, 19. Janvier 1898, AM, MF, 181; Македония и Одринско..., 22; Хр. Настевъ, Винишката афера..., XI/8 (108), 6 – 7; М. Миноски – Ѓ.Стојчевски, Австриски документи..., д. 6, 343 – 349.

[51] За бројот на поминатите низ затворите постојат различни податоци. Така на пример, во Мемоарот на Внатрешната Организација се наведуваат 528 души. (стр. 24). Според извештајот од Скопската митрополија до егзархот Јосиф I од 25.01.1898 год. се споменуваат 553 лица [АМ, БКС, МФ 4315, № 92]. Додека пак, според извештајот од 30.01.1898 год, се вели дека бројот на затворените се колеба меѓу 500 и 600 лица. А пак, на денот на испраќањето на истиот извештај, според официјалните податоци тој број изнесувал 528 [АМ. БКС, МФ 4315, № 68]. Токму оваа бројка и истиот табеларен распоред на сместените по затворите се дава и во Мемоарот на ВО. Тоа значи дека тој го користи истиот извор. Тие податоци многумина ги прифаќаат како сосема меродавни, но треба да се има предвид дека тоа се податоци од 30.01.1898 год. кога бројот на притворените значително бил намален поради одлуката на Портата да се стави крај на аферата. За бројот на затворените постојат и други податоци: 525 – Ив. Михайлов, Македонската революционна борба преди и през Илинденското въстание. Сб. Илинденъ, София 1921, 10; Според друг документ од 19.01.1898 год. тој број изнесува 592 – M. Mokroff, Agent Diplomatique de Bylgarie..., AM, MF 181. Според изнесеното, и ако го имаме предвид фактот дека власта постојано ослободувала едни, а затворала други лица, како и фактот дека официјалната власт не давала точни информации за вистинските состојби, тогаш сосема е јасно дека конечната бројка на затвораните тешко може да се утврди. Но едно е сигурно: таа бројка е поголема од 528, а можеби е и над 600 души.

Проблематична е и бројката на пребеганите во Бугарија. Во Мемоарот се спомнуваат 300 лица (стр. 24). Меѓутоа, според Ѓ. Капчев, само до 03.12.1897 год. во Бугарија веќе имало 600 бегалци од Виничката афера [ГеоргӀй Ив. Капчевъ, Македония или гласъ на роба, Загребъ 1898, 23]. Истата бројка се изнесува и во Гласъ Македонски X/8, 22.02.1898 София, 3. Додека пак, бројка од 1200 бегалци дава К. Кондовъ, Борбата на Македонеца..., 67.

[52] К. Кондовъ, цит. дело, 67.

[53] М. Миноски, Некои согледувања на руските дипломатски претставници во Скопје спрема настаните во Македонија од крајот на 1897 и почетокот на 1898 година, Историја XX/1, Скопје 1986, 54.

[54] Хр. Настевъ, цит. дело 8 (108), 6.

[55] М. Миноски, Прилог кон прашањето за положбата на македонските револуционери..., 109.

[56] АМ, "БКС", МФ 4315, № 189, 25.12.1897, Скопје.

[57] М. Миноски – Ѓ. Стојчевски, Австриски documents..., 338.

Виничката афера им откри на османските власти па и на целиот свет дека "во Македонија се врши нешто страшно, кое порано или подоцна ќе ги разниша темелите на Султанската империја".[58] Тоа ги "стресна и порази сите Турци",[59] па така и тие почнале да се нафрлаат врз незаштитениот македонски народ. Во една општо напната атмосфера, за смирување на духовите, како кај Турците, така и кај Македонците, зашто "прашањето од мало можело да стане толку големо та да го загрози европскиот мир",[60] Министерскиот совет на Османската империја, на 03.01.1898 год., донесол одлука во Скопје да се испрати специјален воен суд и анкетна комисија.[61] Задачата на последната била да ги испита сите престапи, но и да ја "заблуди јавноста за стварната положба".[62] Додека пак, задачата на воениот суд во суштина била "да оддели три–пет (души б.н.), како потстрекнувачи, а на останатите задржани откако положат клетва, да соопшти дека по султанска милост можат да одат по своите домови".[63]

За претседател на воениот суд, специјално формиран за таа цел, бил назначен командантот на градот Воло – Енвер–паша,[64] а негови членови биле: Садедин–паша и уште тројца полковници.[65] Енвер– паша, по заповед од Стамбол, тргнал на 03/15.02.1898 год.,[66] и наредниот ден веќе пристигнал во Скопје.[67]

Судењето започнало на 19.02./03.03.1898 год.,[68] а судот набргу потоа објавил дека "најопасни елементи се учителите и свештениците",[69] и без опстојна судска истрага обвинил десетмина "за организирање востание".[70]

Меѓу овие десетмина се наоѓал и Петар Поп Арсов. Тој бил обвинет затоа што во некои пронајдени писма на Мише Развигоров се спомнувало и

---

[58] Страници от миналото, Кратки бележки изъ революционните борби на македонския народ, Македонско дело 3/56, София 25.12.1927, 12.

[59] Во Виничката афера и големото количество оружје што било откриено Турците гледале Московија зашто не можеле да си објаснат од каде во народот московски пушки (кримки б.н.). Меѓутоа, не помал страв владеел и кај Србите кои сметале дека тоа е насочено против нивната пропаганда во Македонија. АМ, БКС, МФ 4315, № 297, 01.12.1897, Скопје.

[60] П. Доревъ, Документи за българската история, Т. IV, София 1924, 160.

[61] Исто, 159.

[62] М. Пандевски, За некои форми на политичкиот отпор во предилинденскиот период (1893 – 1903), ГИНИ III/1, Скопје 1959, 152.

[63] П. Доревъ, Документи..., 159.

[64] АМ, "БКС", МФ 4315, № 139, 04.02.1898, Солун.

[65] М. Миноски, Прилог кон прашањето на македонските револуционери..., 109.

[66] АМ, "БКС", МФ 4315, № 139.

[67] Исто, № 84.

[68] Непосредно пред започнувањето на судскиот процес, некој арнаутин по име Рамо од охридските села контактирал со луѓето на Битолскиот окружен комитет на ТМОРО убедувајќи ги дека може да повлијае кај судот во прилог на затворените доколку му бидат дадени 1000 турски лири [АМ, БКС, МФ 4315, № 63, 04.02.1898].

[69] П. Стојанов, Петар Поп Арсов..., 123.

[70] АМ, "БКС", МФ 4315, № 399, 29.08.1898 и № 455, 25.08.1898, Скопје.

неговото име како член на "некаков си комитет".[71] Меѓутоа, ниту се знаело до кого се испратени писмата, ниту пак истите биле предочени на самиот процес. Од друга страна пак, и самиот Мише Развигоров одбил да признае дека пишувал такви писма.[72]

Кон храброто држење на Петар Поп Арсов, кој за време на процесот истакнувал дека "не ја одобрува работата на Турција... сите имале респект, од последниот турски заптија до валијата Хафиз-паша".[73] Воениот суд, како политички престапници, за организирање востание ги осудил следните лица: Петар Поп Арсов – главен учител во Штип, Мише Развигоров – учител во Штип, Димитар Мирасчиев – главен учител во Паланка, Јосиф Даскалов – учител во Кратово, јеромонах Козма – игумен во Лесновскиот манастир, Александар Белчев – учител во с. Спанчево (кочанско), Александар Икономов – учител во с. Трогерци (кочанско) и Ангел Пандурот – земјоделец. Сите тие биле осудени на по 101 година заточение.[74] А на по три години се осудени: Илија Крстев од с. Кркла (паланечко) и Данаил Велков-Даграманџиев од Кочани.[75]

Од осудените на по 101 година, најтешка била пресудата за Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Александар Икономов. Тие биле осудени на вечен затвор во окови (мјусибет – и – ќјурек), а останатите на вечен затвор во град (мјусибет – и – калебен).[76]

Сите споменати биле осудени од специјалниот воен суд – февкале за организирање востание. Додека пак, за убиството на Ќазим-ага во Виница, апелациониот суд во Скопје осудил 12 лица.[77] Тие биле осудени од две причини: 1. За морално задоволување на блиските на Ќазим-ага и 2. за да се маскираат жестокостите на Дервиш-Ефенди пред надворешниот свет.[78]

Во исто време, анкетната комисија сосема арогантно објавила дека бројот на затворените ја надминал цифрата 400, но само врз двајца од нив[79]

---

[71] Исто, № 152, 01.08.1898.

[72] Исто.

[73] К. Кондовъ, Борбата на Македонеца..., 68.

[74] АМ, "БКС", МФ 4315, № 339.

[75] Исто.

[76] Исто, № 582, 10.11.1898 и № 32 од 10.08.1899.

[77] Од нив еден на смрт – Стојмен Иванов од с.Јакимово (кочанско), потоа, Иван Петров, Нацко Коцов, Васил Коцов, Митко Стефанов, Христо Мицов, Тодор Захариев, Тодор Христов – Димов и Иван Тасев (сите од с.Виница), и Георги Јосифов, Цанко Панов и Богдан Стефанов (тројцата од с.Јакимово) на по 15 години затвор [АМ, "БКС", МФ 4315, № 399, 29.07.1898 Скопје].

[78] Х. Настев прави грешка сместувајќи го Ангел Пандурот во втората категорија осуденици зашто тој бил осуден на 101 година [Хр. Настевъ, цит. дело..., 9 (109), 5.].

[79] За шпекулациите на анкетната комисија види: М. Миноски – Ѓ. Стојчевски, Австриски документи..., 340 – 342.

било употребено насилство.[80] Сите останати, притворени во врска со аферата во скопскиот и другите затвори биле ослободени.[81]

Осудените за политичкиот престап "организирање востание" во скопскиот затвор останале се до 23.08./04.09.1898 год. кога биле испратени на заточение во Подрум–Кале.[82] Само четири дена пред тоа (т.е. 19.08.1898 ст. стил) родителите и блиските на Петар Поп Арсов и на неговите другари се надевале на султанска милост по повод денот на неговото стапување на престолот, но попусто.[83] Османските власти намерно го криеле денот на нивното заминување на заточение за да се избегнат евентуалните демонстрации при нивното испраќање. Меѓутоа, сепак, на денот на нивното заминување, на железничката станица во Скопје се собрале многу христијани, мало и големо, за да се простат со своите учители и водачи.[84]

И додека османската власт се занимавала со раскривањето на мрежата на ТМОРО, вистинските убијци на Ќазим–ага се нашле во Бугарија. Тие, таму, биле осудени на по 15 години.[85] Но, софиските адвокати нашле дека престапот бил извршен на туѓа територија и дејствувале "по чисто воени методи" па така делото требало да биде во компетенција на воениот суд.[86] Тој, од своја страна, осудил единаесетмина, од кои четворица на по три години, исто толку на по четири години и тројца на седум години затвор, но од нив веќе петмина уште веднаш биле ослободени.[87] Останатите во затворот "ги чувствувале нежните грижи на извесен број софиски патриоти, кои ги толерирале и од нив сакале да направат маченици".[88]

Виничката афера, со своите масовни раскривања, според карактерот, масовноста и последиците, е прва од таков вид во дотогашниот живот на ТМОРО. Со неа било срушено сето она што макотрпно било создавано четири години во цел еден округ па и пошироко. Но, таа има и свој политички смисол, додека "европскиот концерн се занимаваше со уредувањето на критската автономија, македонското прашање испакна пред светот во една нова и поопасна форма... Покрај Ерменија, Крит, Јемен, уште еден вулкан, сметан дотогаш за безвреден, започнува да клокоти".[89]

---

[80] Единствено Тодор Лазаров, член на Окружниот комитет во Штип, пред анкетата комисија бестрашно ги изнел најголемите дрзости на режимот во земјата, за причините што го натерале населението да прибегне кон организирање востание и за пакостите на Хафиз–паша [АМ, Бугарско трговско агентсво – Скопје (БТА – С), МФ 49, поверливо, 09.08.1899 Скопје.

[81] АМ, "БКС", МФ 4315, № 100, 10.02.1898.

[82] Исто, № 455, 25.08.1898.

[83] Г. Капчевъ, Македония или гласа на роба..., 40.

[84] Исто.

[85] Н. Зографовъ, Строежа на живота..., 67.

[86] Изъ миналото на Македония..., 4.

[87] АМ, "БКС", МФ 4315, № 68, 15.02.1902.

[88] Изъ миналото на Македония..., 4.

[89] Хр. Силяновъ, Освободителните борби..., Т. I, 79.

Балканската, па и пошироката европска и светска јавност, се соочи со фактот за постоењето на автохтоно македонско националноослободително движење[90] кое се стремеше да организира сенародно ослободително востание. Во прогласот од 03.12.1897 год. издаден по повод Виничката афера во Русе, а наменет за граѓаните и владеачките фактори во Бугарија, Србија, Грција и Романија, меѓу другото се вели: "...Обмислете ја должноста кон ближните и страдалниците во Македонија, откажете се од своите шовинистички намери на завладувања! Поткрепете ја борбата за политичка слобода во Македонија!"[91] Сето тоа, како и зборовите на Гоце Делчев: "Нема зашто да очајуваме и да губиме вера во иднината. Во нашиот пат такви афери и стравотии се природни. Во нив се крштеваме и ние и народот",[92] покажува дека првобитниот винички шок брзо бил амортизиран од страна на ТМОРО и послужил како добра лекција за во иднина.

3. а) На 23.08./04.11.1898 год.[93] Петар Поп Арсов со останатите осуденици, по Виничката афера, заради "организирање востание", бил спроведен кон Подрум–кале за издржување на својата казна – вечен затвор во окови.[94]

Затворот Подрум–кале се наоѓал во градот Акија во Аданскиот вилает.[95] Оваа дива месност која од југозапад била заплискувана од морето, а на североисток оградена со високи планини, нерастителна, каменлива и ретко населена,[96] станала живеалиште за Петар Поп Арсов и останатите осудени македонски револуционери. Тука биле доведени осуммина осуденици на по 101 година. Додека пак, останатите двајца (Илија Крстев и Даниел Даграманџиев) кои биле осудени на по три години заточение, иако од Скопје тргнале со групата на Петар Поп Арсов за Подрум–Кале, попатно биле оставени во друг затвор.[97] Во Подрум–Кале условите за живот биле ужасни. Во крепоста меѓу затворениците владеела голема сиромаштија. Климатските услови кои биле многу неповолни, како и отвореноста на затворските келии преку целиот ден, давале можност за брзи и опасни заболувања.[98]

Петар Поп Арсов во писмата до неговата мајка Ѕуна постојано се поплакувал на "влагата и жестокото однесување на затворениците и

---

[90] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 206.

[91] Г. Капчевъ, Македония или гласа на роба..., 26.

[92] Х. А. Полјански, Г. Делчев во спомените..., 75.

[93] АМ, БКС, МФ 4315, № 455, 25.12.1898. .

[94] Исто, № 582, 10.11.1898 и № 32, 10.08.1899.

[95] Хр. Настевъ, Винишката афера..., 9 (109), 5.

[96] Македония, Сборник от документи и материали..., 404.

[97] АМ, "БКС", МФ 4315, № 582, 10.11.1898. Тоа го соопштиле осумината затвореници во Скопје со писмо.

[98] Исто.

чуварите во затворот кон него и неговите другари".[99] За условите во затворот Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Александар Коцев пишуваат: "Ние сме изложени на жестокоста на полудивите затвореници и сите несреќи кои произлегуваат од неа а сето тоа ја уништува душата заедно со телото".[100] Во затворот се наоѓале луѓе од разни народности, вероисповести, различни професии, осуденици по разни основи, разбојници, криминалци, па се до политички водачи на цели национално-ослободителни движења. Со таков шаренолик состав на затвореници сосема нормално било дека меѓучовечките односи во крепоста ќе бидат на најниско можно ниво. Во врска со тоа, во еден документ се вели:"Да се биде меѓу тие луѓе, полудиви, кои гладот и најниските инстинкти, а исто така и материјалниот интерес ги наведуваат на најниски и одвратни акции" не е лесно.[101]

Гладувањето во затворот било сосема вообичаена појава. Секојдневно главно јадење било "леб и праз".[102] Поради тоа, таму "коските се толчат во прав и се јадат со апетит, а се јаде и тревата што се наоѓа таму... Се зборува дека се отруле многу затвореници поради глад".[103] Ваквите услови ги уништувале и "најкорпулентните организми".[104]

Смртноста во Подрум-Кале била 30 пати поголема од онаа при нормални услови. Така на пример, во 1894 год. од Битолскиот вилает таму биле испратени 50 затвореници, но од нив во 1899 год. останале само 24. Од останатите (26 б.н.), тројца излегле живи, 6 биле убиени, а 17 умреле. Од вкупно 400 затвореници во 1894 год. умреле 83. Додека пак, во текот на 1899 год. се зборувало дека од 500 затвореници до средината на годината умреле 81.[105]

Во ноември 1898 год, македонските затвореници по случајот на Виничката афера, во затворот биле посетени од Спиро Столојан (татко на Мише Развигоров) и Костадин Бојаџиев (шура на Јосиф Даскалов). После долги молења кај управата на затворот, ним им било дозволено да ги видат осумнината заточеници. Двајцата посетители за оваа средба во едно писмо пишуваат: "Во сред гробна тишина се крена голем шум од тропање на окови, тогаш видовме дека се клати кон нас една група... нашите востаници".[106] Тие биле "полуголи, искинати, скоро со партали покриени, тие македонски лавчиња при зборувањето за минатите страдања за варварските

---

[99] Македония, Сборник от документи и материали..., 408.

[100] Исто, 410; АМ "БКС", МФ 4315, № 331; М. Миноски – Ѓ. Стојчевски, Австриски документи..., 352.

[101] М. Миноски – Ѓ. Стојчевски, Австриски документи..., 353.

[102] Македония, Сборник от документи и материали..., 404.

[103] М. Миноски – Ѓ. Стојчевски, Австриски документи..., 354.

[104] Исто.

[105] Исто.

[106] Македония, Сборник от документи и материали..., 404.

измачувања, менгемиња, спици, врели јајца под мишките, стапови, бесилки, усвитени железа по мишките и во устата, удираа со нозете по земјата, но тоа не беше удар, туку паѓање на суви нозе".[107] Во писмото понатаму се вели: "Далеку од своите легла и својата родина, тука во таа дива земја, во една дупка опколени од четири камени стени, не само голи, боси и во окови пиштат, но и многу други лишувања претрпуваат!"[108] Но, и при сето тоа, нивниот дух останал бодар. Тие зборувале: "За народот умираме, за слободата страдаме,... Да, за слободата на несреќниот Македонец, страдаат, чест и пофалба за нив и ним сличните",[109] додаваат двајцата посетители.

При оваа средба Петар Поп Арсов искажал незадоволство кон ЦК на ТМОРО, бидејќи не им се обратил ниту со писмо, ниту со парична помош, ниту пак има дал некакви информации за состојбите во Македонија.[110] На крајот, Спиро Столојан и Костадин Бојаџиев заклучуваат "Тие недостижни... дејци за слободата, тие големи организатори, кога се далеку од својот народ во таа гробна тишина, каде не можат да го чујат ниту резултатот од посеаното семе, ниту последните дејствија... природно е дека духот ќе им опадне и после некое време ќе изгнијат во тој мрачен, влажен, сличен на подземна гробница затвор!".[111]

б) Големите жестокости за време на истрагата како и суровите услови во затворот ги натерало Виничките маченици и нивните блиски роднини и пријатели да се обратат до странските конзули во Македонија и пошироко во Османската империја за нивно заземање пред официјалните власти, ако не за нивно целосно ослободување, барем за олеснување на казните.

Семејствата на осудените најпрвин побарале помош од руската амбасада во Стамбол. За поблиско запознавање со случајот, руската амбасада во Цариград побарала мислење за настанот од својот конзул – Машахов во Скопје. Меѓутоа, Машахов "ја молел амбасадата да не се зазема за помилување на именуваните робијаши..., бидејќи тоа помилување би ги охрабрило (другите б.н.) да влетуваат во слични авантури, а положбата во Македонија и без тоа е ровита".[112]

---

[107] Исто.

[108] Исто.

[109] Исто.

[110] Во врска со тоа тие велат: "А што да кажеме за нивните содејци – Македонци, кои не се обратиле кон нив ниту со пари ниту со писмо". Незадоволната група затвореници од односот на ЦК кон нив, еднодушно истакнувала: "Ние ако сме лишени од секое човечко задоволство, со еден збор од човечкиот живот, та треба ли да не заборават?" [Македония, Сборник от документи и материали..., 404].

[111] Исто.

[112] АМ, МИП. ПО; МФ 449, Ф. V, 23.02.1898. Овде е интересно да споменеме дека М. Куртовиќ во овој извештај до Владан Ѓорѓевиќ соопштува дека осудениците за Виничката афера во тоа време се наоѓале во Подрум–Кале (23.02. / 07.03.1898). Меѓутоа, ова е неточно зашто тие таму биле спроведени дури на 23.08. / 04.09.1898. Сигурно тој во тоа време дознал дека тие ќе бидат испратени на заточение во Подрум–Кале па оттука и грешката.

Во ноември 1898 год. Димитар Мирасчиев, Јосиф Даскалов, јеромонах Козма, Александар Белчев и Ангел Пандуров изјавиле дека имаат подготвено барање до Високата порта за нивно преместување на островот Родос каде слободно би можеле да излегуваат во еден цел град, а не ограничени во крепоста на еден затвор.[113]

Со сигурност може да се рече дека Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Ал. Икономов не се приклучиле кон ова барање поради природата на нивната казна која гласела "вечен затвор во окови" за разлика од претходните петмина чија што казна била "вечен затвор во град". Речиси во исто време (03./15.11.1898 год.) Спиро Столојан и Бојаџиев, по посетата во Подрум-кале, испратиле молба до бугарскиот дипломатски агент во Цариград и тој да се заземе за останатите тројца заточеници. Во неа, помеѓу другото, истакнуваат: "...Помогнете да се задоволат нивните барања... да се разбере и им се соопшти на колку години заточенички затвор се осудени; да се работи за нивното брзо ослободување; засега да се придобие неодложно преместување на островот Родос".[114] Веќе во јули 1899 год., Бугарското дипломатско агенство превзело постапки кај Портата за нивно преместување на Родос.[115] Сето тоа, од една страна и од друга, како што вели Петар Поп Арсов, "дирекцијата на затворот и особено г-от кајмакам помогнаа на нашите другари да бидат пренесени од затворот според нивната пресуда во некој од островите, назначени за заточеници (тоа е затоа што тука ги држат неправедно и, главно што не може да им се гарантира животот во затворот)".[116] Преместувањето на петмината заточеници на Родос им дало повод на Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Ал. Коцев да се решат на еден порискантен чекор т.е. да се обратат со молбено барање до Австроунгарскиот конзул во Скопје за негово лично заземање пред османската власт за да бидат преместени на островот Родос. Имено, тројцата, на 25.07.1899 год., на една отворена картичка адресирана на турски јазик до Ѓорѓо Димитри Кочов-Тодоров во Велес, со назнака на кирилица за "господин Андреја Поп Арсов" во Богомила, го изнеле своето барање до австро-унгарскиот конзул во Скопје на француски јазик.[117] Сигурно е дека поради тоа што картичката била сосема отворена и лицето Ѓорѓо Тодоров не било компромитирано пред власта картичката успеала да стигне на вистинското место. Така, преку Андреја Поп Арсов, таа стигнала до секретарот на Бугарското трговско агенство – Наумов кој ја предал на австро-унгарскиот конзул.[118] Во неа, меѓу другото, истакнуваат: "Ние пот-

---

[113] АМ "БКС", МФ 4315, № 582, 10.11.1898.

[114] Македония, Сборник от документи и материали..., 404.

[115] АМ "БКС", МФ 4315, № 1918, 27.08.1899.

[116] Исто, № 331, 25.07.1899.

[117] М. Миноски – Ѓ. Стојчевски, Австриски документи..., 351.

[118] Исто. Бугарскиот трговски агент испратил препис од оваа картичка до бугарското Министерство за надворешни работи во Софија (види: Македония, Сборник от документи и материали..., 410).



réponse payée UNION POSTALE UNIVERSELLE

TURQUIE

Carte Postale

За Г-нъ Андрея п. Арсовъ

Гр. с. Богомила

N.B. Ce côté-ci est réservé exclusivement à l'adresse

مرسل اليهك نام وشهرت ومحل اقامتی بالایه یازیله جقدر



Pour Son Excelence Monsieur M-r le consul général d'Autriche-Hongrie à Uskub

Votre Excelence,

La direction de la prison et surtout M-r le kaïmakam lui-même vient de contribuer à nos camarades pour être transportés de la prison, suivant leur condamnation, dans quelqu'une des îles destinées à des condamnés en exil (c'est parce qu'ils sont ici injustement, et, principalement, qu'on ne peut garantir leur vie dans la prison où nous sommes exposés à la fureur des prisonniers à demi sauvages et à tous les désastres qui en proviennent et qui corrompent tout ensemble le corps et l'âme); conséquemment nous, les soussignés qui devons rester dans la prison à force de notre condamnation qu'on a prononcé contre nous sans être jugés, — nous allons être exposés une fois de plus, ou en être délivrés, changeant la prison en exil, par une intervention devant Sa M. Im. le Sultan, pour cause de quoi nous adressons cette demande à V. Ex. dans l'espoir que Vous ne manquerez pas à faire ce qui dépend de Vous afin que notre question soit adjointe à celle de nos camarade qui va être soulevée à Const/ple.

En Vous priant nous restons avec respect: M. Razvigoroff, Al. Cotzoff et

P. Arsoff

Vilayet de Smyrne, 1899 25/XII (1900)
la prison de Podroum.

*Дописна картичка што Петар Поп Арсов ја испратил од Подрум-Кале преку својот брат Андреја до Австроунгарскиот конзул во Скопје*

пишаните кои треба да останеме во затворот по сила на нашата пресуда, која е донесена без да бидеме судени ќе бидеме изложени уште веднаш, или ќе бидеме спасени, ако го промениме вечниот затвор со заточение преку едно застапување пред Н.И.В. Султанот".[119]

Слично молбено барање до австро–унгарскиот конзул Пара во Скопје било испратено и од семејството на споменатите тројца заточеници.[120] Меѓу другото, изнесувајќи ја "опасноста за опстанокот на нашите луѓе, на кои се фрли сиот товар за повеќе од илјада затвореници" молат да се стори се што е можно "затворот да им се замени со интернација – единствен начин да им се зачува животот, кој веќе им е скусен за повеќе години, доколку нивното целосно ослободување во моментов не е можно".[121] Но, по се изгледа дека австро–унгарскиот конзул не презел ништо во тој правец. На тоа упатуваат зборовите на Пара: "Јас не можам да го убедам господинот Наумов дека... контактирањето го компромитира Ц (–арскиот б.н.) и К. (–ралскиот б.н.) конзулат во очите на турските власти. Тоа може да биде непријатно... во иднина да се избегнува".[122]

Во тоа време, молба за интернација на Поп Арсов поднела и неговата мајка Ѕуна Поп Арсова. Таа, преку Бугарското трговско агентство во Скопје,[123] својата молба ја упатила до Министерството за надворешни работи и вероисповест на Бугарија.[124] Во неа, меѓу другото пишува: "Како мајка, јас најсилно го претчувствувам сиот ужас и гибел на своето чедо, а со тоа и на мене. Среќна би била тој да загинеше, но не во подрум, каде ќе ги чувствува и брои деновите до загинувањето. Зашто ако син ми со недокажаната вина, требаше да се лиши од живот, тоа требаше да стане веднаш, а не така полека, бесчовечно".[125] Навистина, зборови трогателни, но и достојни за една мајка што гледала син од таков маштаб. Таа во својата молба бара ако не целосно ослободување, барем преместување на нејзиниот син Петар и неговите двајца другари на некој остров "за да можат да дишат чист воздух и јадат парче чист леб, доволни да ја крепат својата сила и надеж".[126]

Овие постапки на македонските револуционери и нивните блиски уште повеќе придонеле за поширока меѓународна афирмација на македонското национално ослободително движење, како и за пласирање на единствената вистина дека тоа е автохтоно движење, а не инспирирано и раководено од Бугарија. Со тој факт се соочила и самата османска власт па затоа фатените

---

[119] АМ "БКС", МФ 4315, № 331.

[120] М. Миноски – Ѓ. Стојчевски, Австриски документи..., 353 – 354.

[121] Исто, 354.

[122] Исто, 352.

[123] АМ "БКС", МФ 4315, № 331, 10.08.1899.

[124] Македония, Сборник от документи и материали..., 410.

[125] Исто.

[126] Исто.

организатори биле спроведени во Подрум–Кале каде "средновековниот затворски режим требало да ја скрши волјата и револуционерниот дух на Петар Поп Арсов и другите македонски револуционери".[127] Или пак, како што запишале самите тие, да се "уништи телото и духот".[128]

в) Во текот на јули 1901 год. бројот на македонските револуционери во Подрум–Кале значително се зголемил. Имено, по Солунската провала,[129] од вкупно осудени 101 лице, од кои 9 на смрт, на 06.07.1901 год. четириесетмина од нив биле испратени во Подрум–Кале.[130] Во оваа група се наоѓале и членовите на ЦК на ТМОРО: Пере Тошев, Иван Хаџиниколов, Христо Татарчев и Христо Матов, како и други истакнати дејци во македонското ослободително движење. На тој начин турската недосетливост ги собрала на едно место најистакнатите раководители на ТМОРО. Тоа овозможило да се одржуваат револуционерни советувања во срцето на Османската империја на кои се претресувале значајни прашања за иднината на Македонија.Во новите услови, Поп Арсов од новодојдените затвореници бил информиран за подемот на револуционерното дело воопшто. Од тогаш се зацврстени врските со ЦК во Солун, кореспонденцијата станала поредовна, а биле испраќани и парични средства[131] за нивна општа издршка.[132]

Во февруари 1902 година, според Христо Матов, во затворот Подрум–Кале почнале да се шират гласини дека поради нови раскривања во врска со Солунската афера од јануари 1901 година, во Солун повторно ќе бидат повикани: Пере Тошев, Хр. Матов и Ников, та по едно брзо судење "на две на три" да се обесат. Веднаш било одржано советување за да се заземе став по тоа прашање.[133] На советувањето учевствувале "големците": Петар Поп Арсов, Пере Тошев, Христо Матов и Христо Татарчев. Тие одлучиле, при евентуално повикување на спомenатите тројца во Солун, да замине само Христо Матов, а Пере Тошев да остане "претекст – болен",[134] но за среќа никој не бил повикан.

---

[127] П. Стојанов, Петар Поп Арсов..., 125.

[128] АМ "БКС", МФ 4315, № 331.

[129] Хр. Силяновъ, Освободителните борби..., Т. I, 112 – 115; Спомени на Иванъ Гаpвановъ..., 130 – 132; Ангел Динев, Илинденската епопеја, Т. I (приредил: Владо Картов), Скопје 1978, 135 – 137.

[130] Хр. Силяновъ, цит. дело, 114.

[131] Средства се прибирале на севозможен начин. Интересно е да спомeнеме дека приходите од брошурата "Нѣколку думи за борбите въ Македоно–Одринската организация", отпечатена во Ќустендил 1901 год., биле наменети за издржување на заточениците во Подрум–Кале.

[132] С. Тошев, По кървав пътъ..., 121.

[133] Хр. Матовъ, за своята революционна дейностъ..., 47.

Хр. Матов, зборувајќи за тоа, овде го именува Ников, притоа без да го прецизира името (види: стр. 46 – 47). Доколку мисли на Александар Ников – секретар на ЦК на ТМОРО, прави грешка, зашто тој во време на Солунската афера се самоубива (види: Хр. Силянов, цит. дело, 112). Можеби се работи за друга личност со тоа презиме, или пак мисли на Х. Николов или Татарчев.

[134] Исто.

Таквите собранија и взаемни разбирања во затворот биле краткорочни. Разногласијата од идејно–политички и стратегиско–тактички карактер за ослободителното дело во Македонија биле причина за брзо заладување на меѓусебните односи. Поларизацијата меѓу најистакнатите раководители на ТМОРО во Подрум–Кале била сосема евидентна по пристигнувањето на Даме Груев во затворот.[135] Христо Поп Коцев, во врска со тоа, вели: "Тоа било среќа во несреќата – да бидат на едно место, Даме со своите први другари; но радоста му била наскоро отруена; своите другари ги нашол раскарани и во многу неубави односи. На една страна: Матов, Татарчев, Развигоров и други, а на друга: Поп Арсов, Мирасчиев, Х. Николов и други".[136] Во таква атмосфера не можел да остане настрана ниту Даме. А како да остане настрана, кога Матов и Татарчев сосема поинаку гледале на работите во Македонија. Ѓорче Петров во врска со тоа пишува: "Тие во Подрум се беа зајале меѓу себе, Пере и докторот (Х. Татарчев б.н.) оттогаш веќе не можеа да се трпат. Даме и со Матов и со докторот беше оладен до голем степен... во затворот нема веќе општо дело и таму се раздробуваат".[137] Овие разидувања во затворот постепено се пренеле во целата Организација и особено до израз дошле по нивното излегување од затвор по прашањето за востание во 1903 год., а својата кулминација ќе ја достигнат по востанието.

Во ваква атмосфера Петар Поп Арсов останал во затворот се до 19.08.1902 год. (ст. стил) кога Абдул Хамид II, по повод денот на стапување на престол[138] решил да амнестира 36 македонски затвореници.[139] Со амнестијата, покрај Петар Поп Арсов, биле опфатени и останатите седуммина обвинети по Виничката афера за организирање востание.[140] Истовремено биле амнестирани членовите на ЦК на ТМОРО и другите револуционери осудени по Солунската провала. Групата заточеници на 24.08.1902 год. (ст. стил) се јавила до редакцијата на весникот "Право" известувајќи ја за нивното скорешно заминување во Солун.[141] Според Христо Матов тие во Солун пристигнале на 01.09./14.09.1902 година.[142]

---

[135] Даме Груев паднал во немилост по Поп Ставревата провала [Д. Димески, Аферите..., 33 – 42]. Додека пак, во Подрум–Кале бил спроведен на 22.05. / 04.06.1902 (исто, 64); Д. Константинов прави грешка кога тврди дека тој таму бил спроведен на денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј, т.е. на 24.05.1902 год. (Душан Хр. Константинов, Даме Груев..., 98).

[136] Хр. Коцевъ, Раздорницитѣ на македонското освободително дело, "Устрем" бр. 25, София 1925, 2.

[137] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција... 162.

[138] АМ, "Скопска бугарска митрополија", ("СБМ"), МФ 400, вх. 1575.

[139] М. Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, Т. II, Скопје 1987, 67.

[140] АМ, "СБМ", МФ 400, вх. 1575.

[141] Подрумскитѣ заточеници на пѫтъ, Право II/28 (36), София 30.08.1902, 3.

[142] Хр. Матовъ, цит. дело, 51.

# VI

# БУРИ И ПРЕВИРАЊА

1. Во времето кога Петар Поп Арсов се вратил од заточение, состојбите во ТМОРО значително биле видоизменети. Организацијата веќе не е тесен конспиративен заговор од определен број интелектуалци и активисти. Таа сега е масовна организација, со силно изграден апарат, со сопствени боеви сили, полиција, судство, со изграден систем за комуникација итн. ТМОРО едноставно функционирала како "држава во држава". Таа претставувала сериозен фактор пред балканските и европските земји кој, во евентуално погодни меѓународни политички услови, можел да изврши силно влијание врз решавањето на македонското прашање.

Меѓутоа, таквиот од на македонското ослободително дело не и одел во прилог на официјална Бугарија, која никако не можела да си дозволи расплетот на македонското прашање да се случи во нејзино отсуство. Затоа, таа повторно се послужила со својот проверен метод и инструмент – Врховниот комитет. Нејзината цел била да се испровоцира востание во Македонија, "а кога огнот пламне, тешко би можело пожарот да се згасне пред да согори македонското ослободително дело во сопствениот пламен".[1]

Во почетокот на септември 1902 год. во Загоричани пристигнал врховистичкиот провокатор полковник Јанков, со намера да испровоцира востание во југозападниот дел на Македонија и да ја разнебити Организацијата во тој крај. Благодарение на навреме преземените мерки од совесните окружни и месни раководители, катастрофата била избегната.[2] За разлика од оваа бледа акција, врховистите многу поголема врева кренале со таканареченото "Горноџумајско востание" кое започнало на 23.09.1902 година.[3] Во предвечерјето на овие врховистички провокации во Македонија, на 01.09./14.09.1902 год., во Солун пристигнале заточениците од Подрум-Кале. Меѓу нив бил и Петар Поп Арсов.[4] Наредниот ден, по се изгледа на иницијатива на актуелниот претседател на ЦК – Иван Гарванов, се одржало советување.[5] Покрај останатите членови на ЦК, на советувањето присуствувале и Христо Матов и Пере Тошев. Советувањето било иницирано од врховистичките напливи во Македонија како главен проблем. Петар Поп

---

[1] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 468.

[2] Исто, 467 – 472.

[3] И. Катарџиев, Борба до победа..., Т. I. 516.

[4] Хр. Матовъ за своята революционна дейностъ..., 51.

[5] Матов тоа го нарекува конгрес (Хр. Матовъ, цит. дело, 51.).

Арсов, иако бил поканет да земе учество во советувањето, одбил.[6] Најверојатно одбивањето било поради неговите принципиелни разидувања со политиката на Иван Гарванов и поголем број членови на Организацијата кои биле под негово влијание.

На 23.09./05.10.1902 год. Петар Поп Арсов и Христо Матов биле повикани на сослушување од страна на полицијата во Солун.[7] Наредниот ден полицијата и на двајцата им сугерирала во рок од три дена да го напуштат Солун и да заминат во своите родни места.[8] Тоа е резултат и последица на врховистичките провокации во Македонија, зашто османлиите сметале дека со тоа непосредно се поврзани и овие дејци. Расположивите материјали не дозволуваат да утврдиме дали Петар Поп Арсов првин заминал за Богомила или директно за Бугарија. Како и да е, тој, во почетокот на наредната година се наоѓал во Бугарија.[9]

Во такви околности, ослободен од авторитетите на Петар Поп Арсов, Пере Тошев, Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Даме Груев и на други истакнати дејци, Иван Гарванов со окружно од 24.12.1902 год., т.е. 06.01.1903 год.,[10] поканил делегати за конгрес во Солун со намера да го претресе и разреши прашањето за востание во Македонија пролетта 1903 година. Конгресот, чии делегати биле строго одбрани и однапред сондирани од страна на Иван Гарванов, на 04./17.01.1903 год., донесол судбоносна одлука за кревање востание. За нас остануваат непознати ставовите на Петар Поп Арсов за тоа прашање во времето на полемиките околу востанието.

2. Пролетта 1903 год., кога прашањето за востание било решено, а подготовките биле во полн ек, започнало враќањето на сите родољуби Македонци во татковината за да го дадат својот придонес за нејзиното ослободување. Во тоа време, Петар Поп Арсов се вратил во Македонија и почнал да дејствува во Велешко.

Општиот предвостанички амбиент во пролетта 1903 год. бил надополнет со надалеку прочуените Солунски атентати.[11] Тоа им дало повод на османските власти да започнат со нови масовни апсења[12] на сите побудни

---

[6] Исто.

[7] АМ, Ф "Гоце Делчев", МФ 4263, № 12.

[8] Исто, № 13. Во истото писмо се најавува и брзото заминување на Матов од Солун за Софија. Хр. Матов за тоа сослушување вели: "На сите новопристигнати заточеници од власта ни беше заповедано да не се вртиме во Солун, туку веднаш да заминеме за своите родни места" (Хр. Матовъ, цит. дело, 51.).

[9] Во еден документ од 06.01.1903 год. стои дека сите заточеници одамна се наоѓале во Софија [Шалев Христо, Спомени, АО ИНИ, сл. IV, 159]; Хр. Коцевъ, Пред прага на 1903 г., Сб. Илинденъ, София 1921, 42.

[10] Хр. Силяновъ, Освободителните борби..., Т. I, 197.

[11] К. Битоски, Солунските атентати, Скопје 1985.

[12] Во врска со Солунските атентати во Солунскиот вилает биле уапсени околу 900 души, во Битолскиот околу 850, а во Скопскиот околу 500 души [К. Битоски, Солунските атентати..., 159].

Македонци и на веќе докажаните организатори на ТМОРО. Тогаш по велешките села бил уапсен и Петар Поп Арсов.[13] Тој, на 09.05.1903 год., окован во пранги, со воз бил префрлен од Велес во Скопје и сместен в затвор. Заедно со него во Скопје била доведена поголема група велешани и штипјани.[14] Во отсуство на докази за вмешаноста на Петар Поп Арсов во атентатите, а и на другите осомничени за тоа, османската власт до 19.07./01.08.1903 год. ги ослободила сите притворени во врска со овој настан со исклучок на двајца.[15]

Ослободувањето на Петар Поп Арсов само еден ден пред почетокот на Илинденското востание го оневозможило неговото активно вклучување во него затоа што бил сосема жигосан од власта.

Во почетокот на новата учебна 1903/1904 год. тој работи како професор во Скопје[16] истовремено раководејќи ги и комитетските работи.[17] Во меѓувреме востаничкиот полет во Македонија постепено почнал да спласнува пред османската контраофанзива, а востаничките сили се наоѓале во дефанзива. Таквиот негативен развој на настаните за ослободителното дело во Македонија се обиделе за себе да го искористат претставниците на српската пропаганда. Тие, преку Задграничното претставништво на ТМОРО, и понудиле на Организацијата "секакви морални и материјални олеснувања".[18] Христо Татарчев, согледувајќи ја разнишаната положба на Организацијата, ја прифатил понудата за преговарање со Србите. Затоа, во едно писмо до Христо Матов од 20.08.1903 год., ја истакнува неопходноста од заминување на еден од нив во Србија за да се постигне разбирање, но "врз основа на нашите (ТМОРО б.н.) принципи".[19] Во врска со преговорите меѓу ТМОРО и српската пропаганда, бугарскиот трговски агент во Солун А. Шопов забележал: "Во последно време во некои кругови на овдешната Внатрешна организација се почесто и посериозно почнува да се зборува дека некои од началниците на таа Организација

---

[13] Извештаи од 1903 год. на српските конзули митрополити и училишни инспектори во Македонија, редакција и коментар Љубен Лапе, Скопје 1954, 231.

[14] Меѓу велешани биле: Бано Кушев – директор на егзархиските училишта, Ванчо Котев – поранешен учител, а тогашен трговец, Раде Раштанец – поранешен бакал во Скопје, во моментот невработен, Миле Дерманџиев – богат велешки трговец и Ѓорѓиев – писар во Бугарската егзархиска митрополија.

Меѓу штипјаните биле: Томе Панајот – коџобашија (кмет во Штип), Коце Гоџев, Михаил Ефендија – сопственик на чифлик во околината на Штип, Арсо Лазов – трговец, Хаџи Јован – коџобашија во Ново Село [Извештаи од 1903..., 231].

[15] Тоа биле: скопскиот трговец Самарџиев и Јане Жежов од с. Драчево – скопско [Извештаи од 1903..., 277].

[16] Централен държавен исторически архив (ЦДИА), София, Ф. 248, оп. 1, ае 49.

[17] АМ, "БТА" Скопје, к. 3, № 114, Скопје 28.11.1911.

[18] АМ, Ф. "ВМРО", Поединечни документи, к. 1, а. е. 7.

[19] Исто.

влегувале во преговори со српската влада, или со некои кругови во Белград, за здружено дејствување во Македонија. За таа цел беше патувал од Софија во Белград Ив. Х. Николов, а од Белград доаѓале во Скопје некои српски дејци по македонските работи".[20]

Тврдењето на Шопов дека во Скопје доаѓале "српски дејци" го потврдува искажувањето на Василие Трбиќ дека во октомври 1903 год. во Скопје била одржана средба меѓу претставници на ТМОРО и претставници на српската пропаганда. Според Трбиќ од страна на ТМОРО учествувале 15 души, меѓу кои и сите членови на месниот комитет од Скопје, потоа Х. Матов, Милан Војницалиев и Петар Поп Арсов,[21] а од српска страна учевствувале: Светозар Томиќ, Михајло Манчиќ и Василие Трбиќ.[22] Според последниот, на средбата се расправало за причините за неуспехот на Востанието и изнаоѓање можности за нивна заедничка соработка. На собирот не биле постигнати никакви конкретни договори за соработка. В. Трбиќ причините за тоа ги сведува на спорот за прашањето на кој јазик да се издава револуционерна литература.

Петар Поп Арсов во Скопје ќе остане до средината на учебната година – Божиќ, кога бил преместен за професор во Солун.[23]

3. Доагајќи во Солун кон крајот на првата декада на јануари 1904 год.,[24] Петар Поп Арсов веднаш бил кооптиран во ЦК на ТМОРО.[25] Тогаш, во ЦК освен него биле и Христо Поп Коцев, Борис Мончев, Александар Димитраков, Иван Сапунаров, Димитар Влахов и Кирил Прличев.[26] Со исклучок на Петар Поп Арсов, во ЦК "се нашле второстепени личности кои немале ни способности ни авторитет за да го предводат движењето",[27] во мошне комплицираните услови кои биле продукт на Востанието. Во тоа време

---

[20] АМ, "БТА", Солун, мф. 100, № 904, Солун 26.11.1903; М. Пандевски, Илинденското востание во Македонија, Скопје 1978, 451.

[21] Неприфатлив е податок дека на оваа средба учествувал и Даме Груев. Во тоа време тој требало да се наоѓа длабоко во територијата на Битолскиот револуционерен округ зафатен со Востанието. Во веродостојноста на Трбиќ се посомневал и Б. Ристовски кој претпоставува дека оваа средба била во 1904 година [Б. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник во Софија во 1905 година. Даме Груев (1871–1906), Истражувања и материјали, Битола 1981, 43.

[22] Мемоари Василија Трбића, Војводе Велешког (1898–1918), Каиро 1944, део I, (ракопис во АО ИНИ), 40.

[23] "ЦДИА", Ф. 248, оп. 1, а.е. 49; Додека пак, според Влахов, Петар Поп Арсов во Солун се наоѓал уште од ноември–декември 1903 год. како учител и член на ЦК [Д. Влахов, Спомени, I дел (ракопис), 85.

[24] Според Г. Кандиларов, Петар Поп Арсов во Солунската гимназија професорувал во текот на целата 1903/1904 год. (Г. Кандиларовъ, Българскиотѣ гимназии..., 61).

[25] "ЦДИА", Софија Ф. 248, оп. 1, а.е. 49.

[26] Д. Влахов, Спомени I..., 84–85; Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина од 1904 година, ГИНИ V/2, Скопје 1961, 285, 262.

[27] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., Т. III, 81.

работата на ЦК била парализирана од повеќе причини. Првин, прекинатите врски за време на Востанието не биле обновени со сите окрузи, а некои од нив и немале раководства во полн состав.[28] Како голема бариера за работата на ЦК се покажала и идејната подвоеност меѓу неговите членови, потоа непотчинувањето на одделни реони и чети кон ЦК, и сè поизразениот окружен партикуларизам кој бил промовиран со формирањето на Главниот штаб за Битолскиот округ и неговото доцно растурање.[29]

Кон сето тоа треба да се придодаде и недоразбирањето со Задграничното претставништво кое било осудувано од сите поради своето политиканство и отворено се најавувало неговото скоро сменување.[30] Севкупната анархична состојба во целата Организација и во самиот ЦК била констатирана од самиот него.[31]

Во овие отежнати услови за работа, активноста на ЦК била насочена кон подржување на духот на македонскиот народ за продолжување на борбата, пропагирање на идејата за политичка автономија за Македонија, ширење меѓу народот, а по можност и во странство, на идејата за слободна Македонија и ликвидирање на одделни непријатели на Организацијата.[32] Во тоа време, Централниот комитет истакнувал дека "Организацијата за напред донекаде ќе се држи за друга тактика, како месни востанија, атентати, партизански акции, и сл., какви сега ние не можеме да ги определиме, зашто тие се решаваат од конгреси на Внатрешната организација, за каков се надеваме да се свика во скоро време".[33] Како што се гледа оттука, ЦК успеал да извлече корисни поуки од минатогодишното востание и за во иднина го осудува масовното востание "кое би довело до опустошување на цели области".[34]

ЦК се нашол во мошне незавидна ситуација во тоа време. Против неговата активност и неговиот состав искажале незадоволство привржаниците на веќе двете јасно издиференцирани групации, опортунистичко конзервативната – предводена од Матов и Татарчев, и реформистичко демократската – олицетворена во лицето на Ј. Сандански, Хр. Чрнопеев,

---

[28] Д. Влахов, Спомени..., 85.

[29] Љ. Лапе, Документи за положбата..., 268; Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден (во пресрет на окружните конгреси), Годишен зборник на филозофскиот факултет, кн. 19, Скопје 1992, 87.

[30] Писмо од Св. Гора, 26.03.1904, Шалдев Хр., Спомени, АО ИНИ, сл.IV (ракопис), 268.

[31] Љ. Лапе, Документи за положбата..., 268.

[32] Д. Влахов, Спомени..., 86–87.

[33] Писмо од Св. Гора, Шалдев Хр., Спомени...,127.

[34] Исто; Во врска со тактиката, Димитар Влахов истакнува: "Тактиката на револуционерната организација по однос на индивидуалните терористички акции си остана таква каква беше и во времето кога Организацијата се раководеше од Гоце Делчев. Во тоа време ние продолжувавме да мислиме дека одделни терористички акции, извршување на атентати по железниците, ќе не доведат до реализирање на идејата за нашето ослободување" [Д. Влахов, Спомени..., 88].

Ѓ. Петров и П. Тошев. Имено, уште во јануари 1904 год.[35] Задграничните претставници Матов и Татарчев, во договор со Димитар Стефанов, Димитар Мирасчиев и Георги П. Христов, предлагале формирање на Привремен раководен центар во состав: Даме Груев, Пере Тошев и Ѓорче Петров. Ова тело, според нив, би имало право да издава директиви и упатства, всушност да има улога на централен комитет, а постојниот ЦК да се трансформира во Централно биро и да го заменува раководниот центар.[36] Во почетокот на февруари 1904 година битолскиот окружен комитет по неколку консултации со поистакнати револуционери и по едно окружно советување во Битола, одговорил на писмата на задграничното претставништво.[37]

Притоа била прифатена идејата за одржување на конгрес во Македонија и неопходноста од преуредување на ЦК во Солун. Едновремено се изјаснил за формирање на подвижен ЦК, откако ќе се формират ревизиони чети.[38]

Меѓутоа, битолскиот окружен комитет во почетокот на март, го корегирал својот став истакнувајќи дека ЦК и понатаму треба да продолжи да функционира во истиот состав, привремено на чело со Христо П. Коцев, се додека не се конституира конгрес што ќе го разреши прашањето.[39]

Од друга страна пак, Христо Чрнопеев, не само што не се покорувал пред ЦК, туку на тоа ги поттикнувал и другите.[40] Тој ја осудувал работата на ЦК и отворено ги проповедал "новите струења" и го минирал проектираниот конгрес за струмичкиот округ од страна на ЦК, истовремено агитирајќи за сопствен конгрес.[41] Речиси во истиот дух работел и Јане Сандански.[42]

Самиот Централен комитет не ја одобрувал работата на Задграничното претставништво и заговарал негово сменување.[43] Во една таква затегната

---

[35] Љ. Лапе, Документи за положбата..., 247.

[36] Исто, 253 – 254; Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 88–89.

[37] Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 89.

[38] Исто, 89.

[39] Љ. Лапе, Документи за положбата..., 257; Д. Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден..., 89. Ѓорче Петров во врска со тоа истакнува дека самонаречениот ЦК се состоел од Христо Поп Коцев кому Даме му го признал правото да распоредува се [Ѓ. Петров, Спомени. Коресподенција..., 207].

[40] Љ. Лапе, Документи за положбата..., 262.

[41] Исто, 268–269.

[42] Исто.

[43] Писмо од Св. Гора..., Хр. Шалдев, Спомени...,127; Овде е интересно да го спомнеме и ставот на ЦК по однос на Мирцштегските реформи за кои се вели: Никакви суштесвени реформи нема. Цивилните агенти на Русија и Австрија се само кукли... пред Хилми–Паша... (тие б.н.) самите признавале дека сите барања на населението биле справедливи и законити, но дека немаат сила да решаваат такви прашања... [Исто, 128].

состојба, помеѓу ЦК од една страна, окружните раководства од друга, Задграничното претставништво од трета страна, и на крајот, разидувањата меѓу самите членови на ЦК, неминовно било неговото брзо распаѓање. Тој процес започнал со повлекувањето на Александар Димитраков и Иван Сапунаров кои категорично одбиле да земат учество во работата на ЦК.[44] Додека пак, Кирил Прличев своето повлекување го образложил со "некакви принципиелни разлики".[45] Впрочем, тој "одвај случајно ја разбрал разликата меѓу врховистите и централистите... последните ич не му се по негов ќеф".[46]

Петар Поп Арсов се повлекол од работата на ЦК во почетокот на март 1904 година.[47] Но тој, сепак, не ги прекинал целосно контактите со останатите членови на ЦК. Борис Мончев, во едно писмо до Задграничното претставништво, во врска со тоа пишува: "За Поп Арсов во дополнение ќе ви кажеме дека тој, макар и да не избегнува, нема ништо против нас, готов е секогаш да ни помага и ни помага во многу работи; ние не го осудуваме него".[48] После сето тоа, активни во ЦК останале само Борис Мончев и Димитар Влахов.[49] Тие, согледувајќи ја сопствената немоќ за продолжување на работата, на 13.04./26.04.1904 год. соопштиле дека ЦК се саморастурил.[50]

Оставката на Петар Поп Арсов во ЦК била поради неговите недоразбирања со Даме Груев и Христо Матов, а во договор со Ѓорче Петров.[51] Имено, самиот Ѓорче во Велес се произнесувал дека тој направил да се растури ЦК. Тој му пишувал на Поп Арсов да си поднесе оставка со што би се растурил ЦК па така отпосле постепено да се агитира за избор на нов централен комитет.[52] По се изгледа дека во директна врска со тоа биле плановите на Ѓорче Петров и Христо Чрнопеев да заминат во Солун и таму да се советуваат со Петар Поп Арсов и Христо Поп Коцев за новонастанатите состојби. Нивниот план не се реализирал зашто во тоа време Поп Арсов и Поп Коцев биле интернирани по своите родни места од страна на власта.[53]

4. ЦК, со чинот на саморастурањето, објавил дека ќе продолжи да функционира како окружен комитет за Солунскиот револуционерен округ.[54] Петар Поп Арсов во тоа време ја продолжува професорската работа во

---

[44] Д. Влахов, Спомени..., 88.
[45] Љ. Лапе, Документи за положбата..., 258.
[46] Исто, 263.
[47] Исто, 258.
[48] Исто, 263.
[49] Д. Влахов, Спомени..., 87.
[50] Љ. Лапе, Документи за положбата..., 267–270.
[51] "ЦДИА", София, Ф. 248, оп. 1, а.е. 49, л. 2.
[52] Исто.
[53] Ѓ. Петров, Спомени. Коресподенција..., 215.
[54] Љ. Лапе, Документи за положбата..., 268.

Солунската гимназија, а во исто време останал да се смета за еден од водачите на Округот.[55]

Во тоа време, Ѓончевите врховисти, согледувајќи ја кризната состојба на македонското националноослободително движење, помислиле дека настапил последниот час за преземање на Внатрешната организација и ставање на истата под нивна зависност. Во средината на мај 1904 год. во Солун пристигнал касиерот на ВК – Георги Белев,[56] со задача да преговара со претставници на Организацијата.[57] За време на својот престој во Солун, тој преку Васил Мончев, стапил во контакт со Димитар Мирчев, Хр. Поп Коцев, Петар Поп Арсов и други.[58]

Според тврдењата на Белев, тој во Солун дошол да постигне спогодба и координација на активностите меѓу двете организации,[59] и тоа врз следниве начела: 1. Двете организации се автономни и независни една од друга со своето внатрешно уредување; 2. Границата меѓу Бугарија и Турција е граница меѓу двете организации; 3. Секој работник во Македонија е внатрешен и се потчинува на Внатрешната организација; 4. Секој македонски борец во Бугарија е надворешен и се потчинува на ВК; 5. ВК, по договор со ЦК, материјално да ја помага Внатрешната организација; 6. Раководителите на двете организации контактираат директно без посредници и претставништво; 7. Тие тела имаат свои делегати кои секоја година ќе се собираат на советувања во време и место определени од ЦК; 8. Привремено да се сопре секоја активна револуционерна дејност за да им се даде полна слобода на големите сили да ги оделотворат своите реформи во Македонија.[60]

Овие предлози на ВК биле едноставно одбиени од страна на Димитар Мирчев и Христо Поп Коцев со образложение дека за тоа е потребна согласност на окружните раководители "еден референдум".[61] По отфрлувањето на предлозите на Белев во Солун, тој својата агитација ја пренел во Битолскиот револуционерен округ каде што веќе се наоѓале и други емисари од Ѓончевиот комитет.[62] Австрискиот конзул во Битола Аугуст Крал, во врска со оваа врховистичка мисија, во својот извештај од 20 јуни

---

[55] Извештаи од 1903–1904 година на Австриските претставници во Македонија, Превод, редакција и коментар Данчо Зографски, Скопје 1955, 212.

[56] Г. Ив. Бѣлевъ, До Солунъ, Битоля и Охридъ презъ 1904 година, Ил. Илинденъ, III/9 (29), София 1930, 9.

[57] Белев постојано зборува за контакти и преговори со членови на ЦК. Меѓутоа, тоа не одговара на тогашната фактичка состојба зашто ЦК бил распуштен еден месец пред тоа. Овде всушност станува збор за членови на моменталниот окружен комитет.

[58] Исто, 11.

[59] Исто, X (30), 15.

[60] Исто.

[61] Исто.

[62] Извештаи од 1903–1904 година на Австриските претставници..., 212–215.

1904, забележал дека тие "развиваат упорна агитација и се стремат да воспостават модус вивенди" и дека "сакаат да ги подведат под влијание на кнезот Фердинанд, нивната дејност построго да ја контролираат, а тие акции што не им конвенираат да ги парализираат".[63] Таквата врховистичка активност била подржувана и од бугарскиот трговски агент во Битола – А. Тошев, кој настојувал да ги "доближи централистите кон желбите на врховистите... Овдешниот комитет да го направи играчка во свои раце и во таа смисла не жали помошти и дарови. Ова сигурно е дел од преземената акција од страна на бугарската влада, Внатрешната организација да ја доведе во извесна зависност од себе",[64] заклучува А. Крал.

Во исто време, со намера да ги зацврсти своите разнишани позиции во Македонија и во Организацијата, силна агитаторска дејност развил и Борис Сарафов[65] преку своите емисари во Скопскиот, Битолскиот и Солунскиот револуционерен округ.[66] Во комбинациите на Борис Сарафов се нашол и Петар Поп Арсов "кој не е мала сила", зашто "тој е чесен човек и џентлмен... доста разбран... тој се разликува од другите централни водачи и се одликува имено по својата чесност и кавалерштина".[67] Сарафов претпоставувал дека лесно може да се спечали Поп Арсов доколку тој е во недоразбирање со Даме Груев и другите раководители на Организацијата. Освен тоа, Сарафов добро бил информиран дека во тоа време Д. Груев и Ѓ. Петров држат едно "кокетливо" поведение кон него и набргу ќе ги симнат своите маски па затоа требало "да се внимава и да се внимава добро".[68] Меѓутоа, сите овие планови на Борис Сарафов останале само нереализиран сон.

Петар Поп Арсов останал во Солун некаде до средината на јули 1904 година. Според Ѓорче Петров, поради некакви гласини дека од Бугарија пристигнале атентатори во Солун, тој бил интерниран во своето родно место.[69] Најверојатно е дека тоа се случило по диверзијата на возот што сообраќал на релацијата Скопје–Солун, која непланирано се случила пред станицата на Гевгелија, а била извршена од страна на Ристоман Василев.[70]

[63] Исто, 214.

[64] Исто; Мишев Радосав, Австро–Унгарија и Българското националноосвободително движение в Македония и Одринско 1893–1912, София 1993, 124.

[65] Извештаи од 1903–1904 година на Австриските претставници... 215.

[66] М. Пандевски, Внатрешната македонска револуционерна организација и неоврховизмот (1904–1908), Скопје 1983, 145.

[67] "ЦДИА", София, Ф. 248, оп. 1, а.е. 49, л. 2 – 3.

[68] Исто, л. 3.

[69] Ѓ. Петров, Спомени. Коресподенција..., 215.

[70] Атентатот бил организиран од Струмичкиот окружен комитет. Пеколната машина била предадена како пакет на станицата во Удово од Ристоман Василев (од с. Попчево – Струмичко), а истата требало да се активира на железничкиот мост на реката Вардар. По атентатот Ристоман набрзо бил фатен и јавно обесен во Гевгелија на 25 јули 1904 година [М. Пандевски и Ѓорѓи С. Трнката, Струмица и струмичко низ историјата, Струмица 1969, 265.

Овој обид за диверзија им дал повод на османските власт за нови масовни апсења и интернирања на голем број Македонци во Солун.[71] Тоа му овозможило на Хилми–паша уште еднаш да се нафрли врз учителите, меѓу кои бил и Петар Поп Арсов. Притоа, тој наредил на сите учители, кои порано, праведно или не, биле обвинувани за комитаџиство, осудувани, затворани и амнестирани, да им се забрани учителствувањето низ Македонија.[72] Претседателот на Солунската црковно–училишна општина, Неофит, поднел писмен протест до солунскиот валија против арестувањето на Петар Поп Арсов и Христо Поп Коцев. Но валијата, не само што не го зел тоа предвид, туку рекол: "Се чудам како така вашиот Егзарх да ги назначи најкомпромитираните учители во најкомпромитираната гимназија, од каде излегоа бомби и динамит!...".[73] Веднаш потоа, полицијата ги распратила по родните места сите компромитирани учители, а оттаму пак, потајно ги поканувала да ја напуштат земјата.

"На секој што сака да замина зад границата, веднаш без сите формалности, а тие се многу, при првото барање му се издава пасош... Одете каде сакате, само тука, во Турција немој да седите!"[74] бил советот на власта. Токму поради таквиот став на полицијата кон учителите, Петар Поп Арсов во наредната учебна година не добил работа во Солунската гимназија.[75] За лошиот однос на полицијата кон македонските учители и за последиците што би произлегле од тоа, "Револуционерен лист" пишува: "Таа не знае (османската власт б.н.) кога им ја одзема можноста на учителите да работат во училиштата дека им дава можност да го посветат сето свое време на револуционерната дејност, таа не знае дека штом го принудува и му го прави невозможен легалниот живот, го тера да влезе во некоја чета; таа мисли дека гаси, а не гледа дека распалува".[76]

Османското Министерство за просвета, на 07.10.1904 год., ја известило Портата дека од страна на Хилми–паша биле преземени сите мерки да се спречи учителствувањето и свештенодејствувањето на сите учители и свештеници припадници на револуционерната организација.[77] Во такви околности Петар Поп Арсов, не само што бил принуден да ја прекине својата просветителска дејност, туку морал одново да ја напушти својата родна земја и да замине за Бугарија.

---

[71] "ЦДИА", София, Ф. 248, оп. 1, а.е. 49, л. 4.

[72] Скомпромитиранитѣ учители и правителството, Революционненъ листъ, № 2, 30.08.1904, 1–2.

[73] Евтим Спространов, Дневник (1901–1907), Т. I, София 1994, 389.

[74] Скомпромитиранитѣ учители..., 2.

[75] При нашите истражувања во фондот ВМРО – поединечни документи во Архивот на Македонија [к. I/1] наидовме на трага за постоење на документ со кој од Егзархијата се барало во учебната 1904/05 год. во Солун за учители да се назначат Петар Поп Арсов и Христо Поп Коцев, а да се ослободи Христо Тенчеев. За жал, документот е загубен.

[76] Скомпромитиранитѣ учители..., 3.

[77] Документи за българската история, Т. IV (подбралъ Панчо Доревъ), София 1942, 245, 251.

5. Во втората половина на август 1904 год. Поп Арсов се нашол во Софија.[78] Нешто порано во Софија пристигнал и Ѓорче Петров. Според српскиот дипломатски претставник во Софија – Јован Јовановиќ, Ѓорче дошол во Бугарија да ги собере сите македонски револуционери и да се посоветува со нив за следните прашања: 1. Кој треба да ги претставува македонските револуционери пред Европа; 2. Да побара сметка за работата на Татарчев и Матов од која во Македонија биле незадоволни; 3. Како да се поткрепи македонското револуционерно дело?.[79]

Ѓорче во тоа време истакнувал дека Даме Груев веќе бил уморен и потребна му е замена и дека на револуционерната организација во Македонија и е потребно освежување доколку "мисли да ја продолжи и доврши започнатата работа".[80] Затоа, тој неколку пати имал средби со Борис Сарафов, со луѓе од таборот на И. Цончев и со претставници на Внатрешната организација. Тогаш ситуацијата била таква што "помеѓу Македонците и таму (во Македонија б.н.) и овде (Бугарија б.н.) владеело незадоволство против Бугарија и дека наскоро треба да се очекуваат крупни промени, како во личностите, така и во работите на ослободителното дело".[81]

Разногласијата од идејно–тактички карактер што владееле во Организацијата се уште било тешко да се надминат и покрај тоа што биле вложувани усилби од повеќе страни. Напротив, јазот се продлабочувал. Додека Татарчев, Матов и Груев сметале дека работата треба да продолжи во дотогашниот дух, дотогаш Ѓ. Петров, П. Тошев, П. П. Арсов, Јане Сандански и други се залагале за значајни промени во организационен поглед.[82] Оваа т.н. "нова струја" главно се залагала да се укине дотогашното званично претставништво на Внатрешната организација и да се прекине секаква врска со било која бугарска влада. Наместо тоа, предлагале едно "тајно" претставништво во состав од четири члена од кои по еден во Србија, Бугарија, Турција и Швајцарија, или воопшто во странство.[83]

По се изгледа дека токму под нивен притисок, на 30.08./12.09.1904 год., бил затворен домот каде што било сместено задграничното претставништво. Пред неговиот влез се наоѓал човек кој ги враќал назад

---

[78] На тој податок упатува Ѓорче Петров кој во своите спомени, во врска со префрлувањето на србоманската чета на Григор Љамев преку Азот во Поречието истакнува дека во Софија било одржано некое советување на кое во врска со настанот се барало и мислење од Поп Арсов за тоа каков бил распоредот на Борис за да понатаму се прими и препрати Григор [Ѓ. Петров, Спомени. Коресподенција..., 174]; Инаку, Григор Љамев ја минал српскотурската граница кон крајот на август 1904 год. [М. Пандевски, ВМРО и неоврховозмот..., 130; Хр. Силянов, Освободителните борби..., Т. II, 190–191].

[79] АМ, МИП. ПП, мф 708, пов. бр. 330, Софија 30.08.1904.

[80] Исто.

[81] Исто.

[82] Исто, пов. бр. 332, Софија 31.08.1904.

[83] Исто.

сите кои доаѓале за било каква помош, а четниците ги упатувал на работа.[84] Во тоа време на превирање и преструктуирање помеѓу раководните сили на Организацијата, Петар Поп Арсов бил во спрега со Михаил Герџиков, Васил Пасков, Димитар Мирчев и Лазар Димитров, собрани околу "Революционерен лист".[85]

6. Првите практични чекори за консолидирање на Организацијата во поилинденскиот период биле преземени од страна на Битолскиот окружен комитет со одржувањето на Прилепскиот – подвижен конгрес во мај 1904 година.[86] Во јануари 1905 год. бил одржан конгрес на Скопскиот револуционерен округ.[87] Слично на овие два округа, и Солунскиот округ кон крајот на мај или во првата половина на јуни 1905 година го одржал својот прв конгрес.[88]

Првиот Солунски окружен конгрес тргнал по стапките на скопскиот и наименувал двајца задгранични претставници: Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов.[89] Истовремено, за началници на организационо–агитаторските чети за Солунскиот округ биле избрани Борис Сарафов и Ѓорче Петров.[90] Веднаш по одржувањето на конгресот, Петар Поп Арсов изјавувал во Софија дека "измирувањето во начело речиси било постигнато, дека се избрани делегати за (општиот б.н.) конгрес кој требало да се одржи набргу, по своја прилика некаде во Неврокопскиот реон".[91] Програмските определби на Петар Поп Арсов, како и неговите видувања на работите, според српските дипломатски извори, во тоа време изгледале вака: "Врховистите си ја одиграа својата улога, исто како и српската пропаганда. Внатрешната организација која се потпира врз народот, е единствен фактор на кој во Македонија мора да се смета. Но, заради тоа, народот треба подобро да се организира за борба. Основата на Организацијата е федеративна, целта – сепаратизмот. Тој се противи на востание и веќе мисли дека сета работа треба да се прилагодува така што ќе се доведе до меѓународна воена

---

[84] Исто.

[85] АМ, МИП. ПО, мф 456, Ф IV, пов. бр. 163, Софија 22.12.1904.

[86] За тоа види: Хр. Силянов, цит. дело, Т. II, 62 – 72; М. Пандевски, ВМРО и неоврховизмот..., 74–76; Љ. Лапе, Проект – правилници на Прилепскиот конгрес 1904 година и дополнителните забелешки на Ѓорче Петров, ГИНИ XVII/1, Скопје 1973; Д. Димески, Прилепскиот окружен конгрес на Вториот округ на МРО (1904), Историја XXIII/1–2, Скопје 1978.

[87] Хр. Силянов, цит. дело, Т. II, 362–366; М. Пандевски, цит. дело, 76–77; Протоколъ на I–вия редовенъ революционненъ конгрес въ скопдкия окрѫгъ, откритъ на 2 януарий 1905 година, (сообщава Боянъ Мирчевъ, Ил. Илинденъ, г. 5/4 (44), София 1933, 12–13; Д. Димески, Конгресот на Скопскиот округ на МРО (јануари 1905), Историја, XVIII/1–2, Скопје 1992, 63–71.

[88] Протоколот од овој конгрес засега е непознат, но според други извори се чини дека со одделни точки од своите решенија не отишол подалеку од оние на Скопскиот округ.

[89] АМ, МИП. ПП, мф 737, пов. бр. 249, Софија 16.06.1905 и пов. бр. 280, Софија 05.07.1905.

[90] Исто, пов. бр. 249.

[91] Исто, пов. бр. 280.

интервенција, па спрема тоа да се изберат и средствата. Малите терористички чети и работите со бомби веќе се покажале како најдобро средство за таква работа".[92]

Изборот на личностите за Задграничното претставништво и за военото началство што бил направен на Првиот окружен солунски конгрес покажал дека во овој округ сосема било слабо влијанието на групацијата околу Даме Груев и покрај неговата обиколка на Округот во текот на 1904 година. Токму оттука дошле и првите реакции против решенијата на конгресот. Имено, Даме Груев и Иван Гарванов, незадоволни од составот на военото началство за солунскиот округ, а во договор со Христо Поп Коцев и Димитар Мирчев, пишувале во Солун дека "тие таквиот избор не можат да го признаат, бидејќи на конгресот овој пат не биле застапени сите нелегални членови".[93] Меѓутоа, вистинската причина била таа што Ѓорче Петров и Борис Сарафов стоеле на чело на групации што не ја одобрувале работата на Иван Гарванов и Даме Груев "сега шеф–началник на Скопскиот округ".[94]

Легитимноста на првиот окружен Солунски конгрес била оспорена и од страна на Струмичкиот револуционерен округ[95] кој затоа бил подржан од серчани.[96] Најверојатно е дека зад тоа се криело "незадоволството на Струмичани а веројатно и на Серчани од некои ставови на споменатиот Конгрес, а посебно од благиот однос кон Борис Сарафов, со изразена резерва во поглед на иницијативата на некои окрузи за покренување обвинение против Сарафов".[97]

Притиснат од повеќе страни, Солунскиот револуционерен округ, и покрај своето формално спротивставување,[98] морал да прифати одржување на нов конгрес кој траел од 10 до 12 август 1905 година.[99]

Несомнено е дека Вториот окружен солунски конгрес минал под големо влијание на Петар Поп Арсов и "директивата за идната дејност".[100] Освен тоа, во протоколот биле вградени голем дел од ставовите изнесени во "проектот за внатрешното уредување на Организацијата" од Д.Х. Димов.[101]

---

[92] Исто, пов. бр. 249.

[93] Исто.

[94] Исто.

[95] Солунски конгресъ, писмо 29 май 1905 г. /Съобщава Сандо, Революционненъ листъ, № 16/5 юли 1905, 13.

[96] И. Катарџиев, Прилог кон проучувањето на положбата на ВМРО по Илинденското востание, – Записник на Вториот конгрес на Солунскиот револуционерен округ, ГИНИ IX/1, Скопје 1965, 235.

[97] Д. Димески, Вториот окружен солунски конгрес на МРО (август 1905 г.), Историја XXIV/ 1–2, Скопје 1985, 21.

[98] Солунскиятъ окрѫженъ конгресъ, Революционненъ листъ, № 18, 9 августъ 1905.

[99] И. Катарџиев, Прилог..., Записник од Вториот конгрес..., 234.

[100] М. Пандевски, ВМРО и неоврховозмот..., 78.

[101] И. Катарџиев, Борба до победа..., Т. I, 649.

Конгресот ги претресол следните прашања: – меѓународните аспекти на македонското прашање, – гарантирање на автономијата на Македонија, како од големите сили, така и од балканските држави, – пропагирање во странство за вистината во Македонија преку еден независен орган, – идната тактика на Организацијата, – реорганизација на четничкиот институт, – односот кон странските пропаганди, – односот кон Егзархијата, – самостојноста на македонските општини, – задолжително основно образование, – устројство на Организацијата, – агитација за македонско народно осознавање и – судење на Борис Сарафов од општиот конгрес.[102]

Влијанието на Петар Поп Арсов особено се чувствува во деловите од протоколот што се однесуваат кон Егзархијата и македонските општини. Изнесените ставови во тој поглед речиси коинцидираат со брошурата "Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници". Во врска со тоа, во записникот, меѓу другото стои: "Меѓу нас се малку, оние што ги издвојуваат интересите на Организацијата од интересите на Егзархијата".[103] Токму поради тоа, во записникот се предлага: "Ако Организацијата искрено е предана на својата девиза, таа во Егзархијата треба да гледа непријател, исто толку опасен, колку што се за нашата самостојност патријаршијата, српската пропаганда и разните други пропаганди".[104] Понатаму, се истакнува дека "Организацијата треба да се погрижи да го ограничи влијанието на Егзархијата во Македонија и да ги замени сите егзархиски институции со чисто народни".[105] За црковно–училишните општини се бара тие да се заземат од интелигентни и самостојни луѓе кои нема да зависат од егзархиската каса, а ќе го ограничат нејзиното влијание. "Општините треба да постанат народни институции а не егзархиски".[106]

Вториот окружен солунски конгрес со своите решенија "фасцинира со својата искристализирана македонска национална опција, без примеси и недоречености".[107] Бугарскиот трговски агент во Солун А. Шопов, во врска со Конгресот истакнува: "Протоколот во исто време е едно подробно и прекрасно изложување за досегашната дејност на Организацијата, напишан е умесно, со голема последователност, праведливост и силна логика".[108] Додека пак, генералниот инспектор за Македонија Хусеин Хилми–паша истакнал дека "никогаш не би верувал дека помеѓу тие невозрасни селски

---

[102] И. Катарџиев, Прилог..., Записник од Вториот конгрес..., 240–251; Д. Димески, Вториот окружен солунски конгрес..., 22.

[103] Исто, 247.

[104] Исто.

[105] Исто, 248.

[106] Исто.

[107] Д. Димески, Вториот окружен солунски конгрес..., 25.

[108] АМ, Ф. "Бугарски генерален конзулат – Солун (1896–1915)", мф 4297, № 1893, Солун 31.10.1905.

учители, во чии раце се наоѓа сеопштата Внатрешна организација, се наоѓаат луѓе со такви здрави мисли и начела".[109]

Со одржувањето на конгресите за Струмичкиот[110] и Серскиот[111] револуционерен округ бил отворен патот кон идниот општ конгрес на Организацијата. На сите овие конгреси, освен на Скопскиот, победа извојувале реформско–демократските сили во македонското национално–ослободително движење во чии редови спаѓал и Петар Поп Арсов. Разликата меѓу нив и конзервативно–опортунистичкото крило била во тоа што првите се залагале за "зачувување на принципите на Внатрешната организација во чистота", а вторите постепено ја подготвувале земјата за анексија од Бугарија.[112] Во времето до одржувањето на Рилскиот конгрес Петар Поп Арсов останал во Софија како претставник на Струмичкиот и на Серскиот револуционерен округ.[113]

---

[109] Исто.

[110] М. Пандевски – Ѓ. Стоев, Струмица и струмичко..., 240–243.

[111] И. Катарџиев, Борба до победа..., Т. I, 657–662.

[112] АМ, МИП. ПП, мф 737, пов. бр. 329, Софија 12.08.1905.

[113] Исто.

# VII

# ЗАД ГРАНИЦАТА

1. Во октомври 1905 год. започнал со работа Општиот конгрес на Организацијата познат како Рилски.[1] На Конгресот биле разгледани следните прашања: 1. Минатата дејност и моменталните состојби во Организацијата по окрузи и околии; 2. Идната дејност на Организацијата; 3. Устројство и управување на Организацијата; 4. Литература и печат; 5. Односот и поведението на Организацијата спрема разните струења; 6. Тактика на Организацијата; 7. Отчет за дејноста на Централниот комитет и Задграничното претставништво.[2]

По едномесечната работа конгресистите усвоиле нов Устав и Правилник на ВМОРО, а биле избрани и нови членови во раководните тела. Во составот на ЦК влегле: Даме Груев, Пере Тошев и Тодор Поп Антов, додека пак, во Задграничното претставништво (ЗП) биле избрани: Ѓорче Петров, Димитар Стефанов и Петар Поп Арсов. Истовремено, за редактор на "Революционерен лист" бил избран Димо Хаџи Димов.[3] Судејќи според содржината на усвоените документи, како и според составот на раководните тела, ако се изземе Даме Груев, неспорно е дека Конгресот минал во целосна доминација и победа на реформско-демократските сили на Организацијата.

Петар Поп Арсов, иако не учевствувал во работата на Конгресот, од истиот за првпат бил избран за член на Претставничкото тело на ВМОРО (поранешно Задгранично претставништво б.н). Поучени од горчливото искуство "на самоволните надворешно-политички ангажмани особено во текот на 1902 и 1903 година, на претставниците Х. Матов и д-р Х. Татарчев",[4] конгресистите овој пат стриктно ги определиле правата и обврските на Претставничкото тело (ПТ) во седмата глава од правилникот на ВМОРО.[5] Според него, ПТ е орган на ЦК во состав од три избрани лица од Општиот конгрес со едногодишен мандат (чл. 94, 95). ПТ е орган и посредник на ЦК со надворешниот свет, тоа ги следи јавните и други истапувања во врска

---

[1] Повеќе за тоа види: Хр. Силяновъ, Освободителните борби..., Т. II, 373-438; М. Пандевски, ВМРО и неоврховозмот..., 82-88, 107-121; А. Христов, Програмските декларации на Рилскиот конгрес на ВМРО, Погледи II/4-5, Скопје 1965, 93-107.

[2] Хр. Силяновъ, цит. дело, 374-375.

[3] Исто, 317.

[4] М. Пандевски, ВМРО и неоврховозмот..., 114.

[5] Правилникъ на вѫтрѣшната Македоно-Одринска Революционна Организация, (изработенъ отъ общия конгресъ на организацията, прѣзъ 1905 год.) 24-31.

со македонското прашање и за тоа го известува ЦК на ВМОРО (чл. 97). Тоа се стреми да ги придобие симпатиите на надворешниот свет во корист на ослободителното дело (чл. 98). На претставниците им се забранува земање на секакво учество во политичкиот живот во нивното местопребивалиште (чл. 99).Тие можат да упатуваат соопштенија,декларации и сл. добиени само од ЦК, а самите го немаат тоа право (чл. 101). На претставниците им се забранува влегување во дипломатски односи со други држави од името на Организацијата.Тие можат да воспостават односи со туѓи револуционерни организации исклучиво со специјално полномошно од ЦК (чл. 100). Тие се грижат за изнаоѓање средства за вооружување и регрутирање борци (чл. 103, 104).

2. Од страна на рилските конгресисти не било заобиколено ниту прашањето за односот на ВМОРО кон врховистите.[6] Конгресот испратил ултимативно "соопштение до групата македонски дејци наречени ,врховисти'",[7] со кое се барало Иван Цончев да ја распушти својата група и да ја прекине својата дејност во Македонија. Во соопштението, меѓу другото, се истакнува: "Организацијата за напред по никаков начин не може да трпи на својата територија никакви други групи и корпорации... Таа ќе ги проследува по секоја цена и со сите сили активните дејци на таквите групи и корпорации ќе ги проследува како опасни непријатели на ослободителното дело".[8] Иако Организацијата тука е многу категорична, сепак, со подетална анализа на соопштението се доаѓа до заклучок дека била оставена доволно проодна патека за инкорпорирање на споменатата група во нејзините редови. Во прилог на оваа наша констатација е делот од соопштението каде се вели: "Организацијата со своите нови наредби дава широка слобода за членување во неа... Конгресот наоѓа дека гореизложеното решение му отвора пристап во Организацијата на секого, и со него се надева да ги види во своите редови обединети силите на сите искрени и вистински приврзеници на ослободителната революционерна борба против турскиот режим во Македонија..."[9]

Таквиот двосмислен став на ВМОРО кон врховистите бил дело на Даме Груев. Тој, пред генерал Цончев, дури искажал жалење поради испратениот ултиматум, бидејќи очекувал дека новиот ЦК "ќе постигне спогодба (со врховистите) за искористување на нивните сили од страна на Организацијата".[10] Нашата констатација ја потврдуваат и изворите од српска

---

[6] Види: Крсте Битоски, Ставот на рилските конгресисти спрема врховостите и другите пропаганди, Зб. Борбата на македонскиот народ за самоопределување во Пиринска и Егејска Македонија, Делчево 1986, 54–56.

[7] Хр. Силяновъ, цит. дело, 389.

[8] Исто. 390.

[9] Исто.

[10] Исто, 392.

провениенција според кои тоа било дело на взаемно разбирање меѓу Иван Цончев и Даме Груев.[11] Сигурно е дека Даме со таа постапка сакал да ја зацврсти својата позиција во Организацијата, зашто почувствувал дека неговото влијание на Конгресот ослабнало во "корист на Сандански од една, и Сарафов од друга страна".[12] Меѓутоа, Даме со тоа не ја постигнал целта. Неговиот став предизвикал незадоволство кај врховистите, но и кај радикалните претставници во ВМОРО кои не можеле да прифатат никакво помирување со врховистите.[13] Против него категорички се изјаснил и Петар Поп Арсов, објаснувајќи го тоа како работа "во ветер".[14] Светослав Симиќ, во врска со соопштението до Иван Цончев, меѓу другото, истакнува дека "меѓу Македонците оваа вест не предизвика радост. Напротив, многу го осудуваат Даме Груев".[15]

Петар Поп Арсов револтиран од таквата постапка на својот некогашен близок другар Даме Груев, во почетокот одбивал дури и да ја прими должноста претставник.[16] Во меѓувреме, поради отсуство на Димитар Стефанов, единствен претставник на ВМОРО бил Ѓорче Петров, против кого исто така имало големо незадоволство "и меѓу Македонците и меѓу Бугарите".[17] Дури во почетокот на декември, после извесни натегања, Петар Поп Арсов ја примил должноста, а тогаш во Софија пристигнал и Димитар Стефанов. Така, ПТ се комплетирало и почнало да функционира во полн состав.[18]

3. Претставничкото тело уште на стартот се соочило со финанскискиот проблем[19] од чие успешно решавање зависело реализирањето на поставените задачи пред Претставништвото. Петар П. Арсов, Д. Стефанов и Ѓ. Петров имале единствен став во поглед на финансирањето на Организацијата. Тие останале "доследни на конгресните решенија да не се

---

[11] АМ, МИП. ПП, мф 737, пов. бр. 540, Софија 08.12.1905.

[12] Исто, пов. бр. 487, Софија 11.11.1905; Христо Матов, во врска со тоа, пишува: Ѓорче ги здружи во гласањето објавените противници Сарафов и Сандански и на тој начин со еден глас (Ѓорчевиот) пропадна Груевата страна [Хр. Матовъ, За своята революционна дейностъ..., 57].

[13] АМ, МИП. ПП, мф 737, пов. бр. 540.

[14] Исто, пов. бр. 487.

[15] Исто.

[16] Според Е. Спространов, Даме Груев, откако го насетил тоа, се обидел истото да го искористи за свои цели, велејќи му на Поп Арсов: "Не го прифаќај изборот, Мончев (Борис б.н.) не прифати да биде член во Централниот, јас (Даме б.н.) исто, кога ќе се откажеш и ти од Претставништвото, не ќе се наредат тие две тела и на тој начин решенијата на Конгресот ќе паднат". Меѓутоа, Поп Арсов ја сетил лукавоста на Даме Груев и ги разбрал целите што ги гони. Зато ја прифатил должноста со убедување дека на Вториот општ конгрес треба да се мисли повеќе за евентуални измени и дополнувања на правилникот. Е. Спространов, Дневник..., 398.

[17] АМ, МИП. ПП, мф 737, пов. бр. 487.

[18] Исто, пов. бр. 540.

[19] Революционната борба въ Битолския окрѫгъ, Спомени отъ Георги П. Христов, София 1953, 117.

земаат никакви средства од бугарската влада за потребите на Организацијата".[20] Предвидените средства за сеопштата каса што требало да ги уплатуваат окружните организации не ги уплатувале сите, ами само некои окрузи.[21] Поради недостиг од средства, Претставништвото не било во состојба да ги реализира конгресните одлуки. Така, на пример, останало нереализирано основањето на посебна комисија како орган на Претставништвото која требало да се грижи за издавање и препраќање на револуционерна литература во Македонија, а стагнирало и излегувањето на Револуционерен лист".[22]

Крајно неповолната финансиска состојба ги натерала претставниците да прибегнат кон примена на точката д од член 15 од Уставот на ВМОРО каде што се допушта стекнување со "непредвидени приходи добиени со силата на оружјето".[23] Одлуката требало да се спроведе со поднесување на расписки до поимотните Македонци во Бугарија, а од оние кои ќе се спротивставеле средствата да се извлечат со силата на оружјето.[24] Така, на пример, кон крајот на јуни 1906 година, терористи на Организацијата физички го нападнеле лихварот Маринов во неговата канцеларија во Софија, зашто одбил да ја внесе определената сума.[25] Речиси во исто време, друга терористичка група го посетила бакалинот Блаже Јосифов, зашто од определената сума внесол само една десетина. Затоа, тој бил испретепан и му било наредено да го подготви остатокот од расписката за наредниот ден. Меѓутоа, Јосифов, наместо со пари, наредниот ден ги пречекал со истрели од револвер, притоа ранувајќи двајца членови на Организацијата. Овој инцидент дал повод за вмешување на бугарската полиција која се задоволила само со протерување на еден од терористите.[26]

Во тоа време ПТ се обратило со циркулар и до раководствата на македонските братства во Бугарија повикувајќи ги да ја забрзаат акцијата околу прибирањето на распишаните суми.[27] Против таквото однесување на ПТ и воопшто против ВМОРО се произнел претседателот на Прилепското братство претприемачот Оклев. Револтирано од тоа, Претставништвото, на 01.07./14.07.1906 година, испратило десетина свои терористи во Павлово каде што Прилепското братство организирало излет. Терористите, од насобраната толпа, насилно го извлекле Оклев и на мртво го испретепале.

---

[20] Исто, 117.

[21] Хр. Силяновъ, цит. дело. 440.

[22] Исто.

[23] Види: Уставъ на вѫтрешната Македоно–Одринска революционна организација (Преработрнь отъ общия конгресъ прѣзъ 1905 г.) чл. 15.

[24] АМ, МИП. ПП, мф 768, Ф. VII, пов. бр. 209, Софија 04.07.1906.

[25] Исто.

[26] Исто.

[27] Исто.

Во општата мешаница биле повредени и две деца, а Оклев потоа морал да лежи в болница.[28] По овој инцидент, полицијата успеала да фати двајца терористи кои признале дека за оваа акција биле поттикнати од Петар Поп Арсов, Димитар Стефанов и Ѓорче Петров.[29]

Овие насилнички акции на ВМОРО предизвикале вознемиреност и бранување меѓу бугарското општество и општа омраза кон македонското ослободително дело и неговите претставници.[30] Печатот во Бугарија по тој повод Организацијата ја нарекол "организирана мафија", а во исто време заговарал дека "изнудувачите треба да се поставaт на местото што им прилега... со сила и средства на власта".[31] До почетокот на јули 1906 година пристигнале околу 25 пријави во полицијата за слични постапки направени од ВМОРО. Под притисок на јавноста, бугарската полиција ги привела и притворила П.П. Арсов, Д. Стефанов и Ѓ. Петров како "интелектуални виновници".[32] Но, само по неколку дена, Поп Арсов и неговите соработници биле ослободени откако за нив била приложена парична гаранција од страна на П. Михајлов и С. Наумов, сопственициte на "Вечерна пошта", и од браќата Иванови.[33]

Во потрага по финансиски средства, Петар Поп Арсов на 08.09.1906 год. (ст. стил) со писмо се обратил и до Македонското друштво во Киев, барајќи од него собраните средства за постраданите во Македонија да се внесат преку ПТ.[34]

Финансискиот проблем не бил единствениот фактор што негативно влијаел врз функционирањето на Претставништвото. Врз неговата работа големо влијание имале и севкупните состојби во Организацијата кои биле плод на продлабочувањето на јазот меѓу разните групации. Таквата состојба ја констатира и "Револуционерен лист" кој вели: "Денешната состојба на Организацијата не е многу поинаква од онаа од пред Општиот конгрес".[35]

Што се однесува до ПТ, Христо Силјанов истакнува дека "поради својот хомоген состав тоа беше пресретнато со непријателство од спротивната

---

[28] Исто.

[29] Исто. Во извештајот како поттикнувач на акцијата се спомнува и Петар Ацев.

[30] АМ, МИП. ПП, мф 458, Ф. VI, пп 2925, Софија 09.07.1906.

[31] Исто.

[32] Исто.

[33] Исто.

[34] Хр. Шалдев, Спомени..., 150.

[35] Вътрешното състояние на Организацията (II), Революционненъ лист, № 6, 14.10.1906, 2; Е. Спространов, во врска со поделобите во Организацијата, во својот Дневник, на 2 јули 1906 год. констатира: "Сите се делат на три партии: Ѓорче – Сарафов, Даме – Хр. Матов, Пере – останатите двајца претставници (Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов). Првите се за интереси и сакаат да се држат за да јадат; вторите се за стариот ред во управувањето на Организацијата, а последните – за новиот Правилник". Е. Спространов, Дневник..., 397.

струја и уште на самиот почеток беше попречено во својата дејност".[36] Меѓутоа, тој подолу забележува дека подоцна работата на претставништвото била парализирана и поради "личните односи помеѓу неговите членови",[37] без да наведе аргументи за тоа. Иако доволно неаргументирани, во овие констатации на Силјанов има вистина.

Обединувачка алка помеѓу тројцата претставници биле нивните реорганизаторско-децентралистички погледи за Организацијата и второ, нивниот заеднички став во поглед на самостојниот карактер на македонското ослободително движење од надворешните влијанија, а пред се од Бугарија.

Причините за разидувањата помеѓу Петар П. Арсов и Д. Стефанов на една, и Ѓорче Петров, на друга страна, лежат во слабостите на Ѓорче Петров кон Борис Сарафов. Имено, Ѓорче, уште на Рилскиот конгрес се покажал како заштитник на Сарафов, успевајќи[38] да го извлече само со "условна смртна пресуда".[39] Во врска со припадноста на претставниците кон поедините групации, Св. Симиќ во својот извештај од 03.11.1905 год. соопштува дека Поп Арсов и Димитар Стефанов припаѓаат на т.н. "слободномисливи" и се "приврзаници на Сандански". Додека пак, за Ѓорче Петров вели дека е приврзаник на Сарафов.[40] Веќе во извештајот од 30.05.1906 год. се истакнува дека Борис Сарафов и Ѓ. Петров "нерадо се сретнуваат" со Поп Арсов, Груев, Гарванов и другите и дека меѓу нив се поголем замав зема старата недоверба па секоја група работи сама за себе.[41] Така на пример, Ѓорче Петров добил две илјади лева од Варна, но не ги внел во касата. Парите ги задржал кај себе велејќи: "Нека се трошат преку мене". Петар Поп Арсов од оваа постапка бил крајно револтиран па кон средината на август и престанал да оди во канцеларијата на Претставништвото. Запрашан од страна на Е. Спространов зошто не оди во канцеларијата, Поп Арсов одговорил: "Нема пари, ...да одиш само јадови да собираш".[42]

Незадоволни од пактирањето на Ѓорче со Сарафов, Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов се повеќе се свртуваат кон серчани и струмичани со кои идејно биле блиски и ја зацврстуваат својата соработка со Јане Сандански. Поп Арсов почнал да ги избегнува сите манифестации што биле организирани од Борис Сарафов. Така на пример, кога во мај 1906 год. во

---

[36] Хр. Силяновъ, цит. дело, 440.

[37] Исто.

[38] За заложбите на Ѓорче да го извлече Б. Сарафов на Рилскиот конгрес види: Хр. Силяновъ, цит. дело, 379–381.

[39] М. Пандевски, ВМРО и неоврховозмот..., 86.

[40] АМ, МИП. ПП, мф 737, пов. бр. 470, Софија 03.11.1905.

[41] Исто, мф 768, пов. бр. 164, Софија 30.05.1906.

[42] Е. Спространов, Дневник..., 403.

софиската соборна црква се одржувал парастос за четворица македонски революционери кои се сметале за приврзеници на Сарафов, Петар Поп Арсов одбил да присуствува.[43] За разлика од поранешните слични собири, овој пат во црквата одвај имало околу двестотини души. За време на одржувањето на парастосот, Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов седеле во најблиската кафеана. На прашањето зошто не отишле в црква тие со подбивничка насмевка одговориле дека сето тоа е дело и фанфардија на Сарафов и неговата компанија.[44]

До средината на 1906 година, работата на Петар Поп Арсов главно се сведувала на организирање состаноци со останатите македонски революционери. На нив, редовно присуствувал и Даме Груев. Притоа се разгледувала состојбата во Македонија, се расправало за состојбите во Организацијата и за начелата врз кои треба да се изведе поставената задача на ослободителното дело.[45]

Претставничкото тело, покрај споменатите активности, се залагало за организирање, вооружување и препраќање на редовни чети во Македонија. Покрај испраќањето на такви организационоагитаторски чети, тие екипирале и посебни чети кои требало да се борат против врховистичките претставници. Така на пример, тие во договор со Јане Сандански, планирале конституирање на една специјална чета која требало да замине во Серскиот револуционерен округ за да го очисти Кресненско и Џумајско од врховистичките следбеници на Иван Цончев, зашто и нанесувале големи пакости на Организацијата во овој крај.[46]

Во септември 1906 год., Поп Арсов имал средба со албанскиот претендент принцот Дон Алардо Кастриоти.[47] Средбата била по барање на принцот Кастриоти кој за тоа специјално дошол во Софија. Инаку, тој потекнувал од видно албанско семејство и бил голем патриот поради што "албанското племе во мнозинство го има за свој претендент".[48] Тој изнел предлог пред Петар Поп Арсов за заедничка борба на Албанците и Македонците против нивниот заеднички непријател – султанот. Кастриоти бил длабоко проникнат во идејата за "заедништво меѓу Македонија и Албанија во нивната борба против турската тиранија поради еднаквоста на интересите и на двете земји".[49] Меѓу другото, тој истакнал дека "Австријците

---

[43] АМ, МИП. ПП, мф 768, пов. бр. 164, Софија 30.05.1906.

[44] Исто.

[45] Исто; Види: Е. Спространов, цит. дело, 396 – 405.

[46] Мерсия Макдермот, За свобода и съвршенство – Биография на Яне Сандански (превел од английски Веселин Измирлиев), София 1987, 205.

[47] Албанския претендентъ, Революционненъ листъ, II, № 3, 21.09.1906, 5; Изявленията на принцъ Кастриотий, Революционненъ листъ, II, № 4 – 5, 07.10.1906, 13.

[48] Албанския претендентъ..., 5.

[49] Изявленията на принцъ Кастриотий..., 13.

и Грците се наши и ваши непријатели... а не е помала и за вас опасноста од Италија, која јавно се стреми да ја обезличи Албанија".[50] Во исто време Кастриоти укажал и на опасноста од Србија. Тој имал сфатено дека социјалните разлики помеѓу Македонците и Албанците се големи и дека поради феудалните остатоци во Албанија таму не е можно формирање на организација слична на ВМОРО. Затоа, тој сметал дека во Албанија треба да се делува одозгора надолу, т.е. да се обединат племенските водачи чија обединувачка алка претендирал да биде самиот тој. Тој истакнал дека Албанците треба да ја помогнат ослободителната борба во Македонија, зашто со тоа Албанија "ќе си помогне сама на себе".[51] Иако на оваа средба не биле постигнати конкретни договори, "Революционерен лист" забележува дека тоа може да биде "едно важно прашање за Организацијата" кое во овој момент било само поставено.[52]

4. Летото 1906 год. започнале подготовките за Вториот редовен конгрес на ВМОРО кој требало да се одржи до крајот на тековната година. Во рамките на општите подготовки, Серскиот округ го одржал својот Втор редовен конгрес во с. Ловча. На конгресот, како делегат за претстојниот општ конгрес, бил избран и Петар Поп Арсов.[53] Кон крајот на ноември во Софија почнале да пристигнуваат делегати од цела Македонија за одржување на неопходните претконгресни средби.[54] За време на Советувањата дошло до зближување и целосно слевање меѓу следбениците на веќе покојниот Д. Груев, на И. Гарванов и Б. Сарафов, кои взаемно си ги признале своите делегати.[55] Имено, Б. Сарафов и И. Гарванов, Х. Матов, Х. Татарчев и П. Пенчев го имале изгубено правото да бидат конгресни делегати, зашто долго време биле надвор од територијата на Организацијата.[56] Иако во претходниот период меѓу конзервативните групации постоела извесна нетрпеливост и ривалство, во овој момент нив ги обединила заедничката омраза кон Јане Сандански.[57]

За време на претконгресните советувања во Софија, Серчани го наметнале прашањето за местото на одржување на претстојниот конгрес, притоа инсистирајќи тој да биде во Македонија.[58] Од друга страна пак, конзервативните сили побарале да се предаде оружјето и муницијата од крајграничните пунктови, што биле под контрола на Јане Сандански, на

---

[50] Исто.

[51] Исто.

[52] Албанския претендентъ..., 5.

[53] Ю, Анастасов, Яне Сандански, Биографичен очерк, София 1966, 140 – 141.

[54] И. Харизанов, Вторият Рилски Конгрес – 1906 г., "Македонска мисль" I/1 – 2, София 1945, 44.

[55] АМ, МИП. ПП, мф 778, пов. бр. 447, Софија 02.01.1907.

[56] Революционната борба въ Битолския окръгъ, Спомени отъ Георги П. Христов..., 118.

[57] М. Пандевски, ВМРО и неоврховозмот..., 236 – 237.

[58] Хр. Силяновъ, Освободителните борби..., Т. II, 479 – 480.

една комисија од мешовит состав. Но предлогот бил одбиен.[59] Петар Поп Арсов и Јане Сандански биле непопустливи пред барањата на конзервативната група, додека, пак, Пере Тошев се држел резервирано.[60]

За време на советувањето во Софија спорни биле три прашања: 1. местото на одржување на Конгресот; 2. предавање на оружјето во крајграничните пунктови и 3. верификување на делегатските мандати како најспорно прашање. Во изострените дискусии токму по последното прашање, на едно собрание околу полноќ, дошло до демонстративно напуштање на седницата од страна на Петар Поп Арсов, Хр. Чрнопеев, К. Б'лгаријата, С. Хаџиев, А. Станоев, Д. Икономов и други.[61] Компромисната формула, се чини, на крајот била најдена во решението за одржување на Конгресот по втор пат во Рилскиот манастир. Првиот ден од Коледе, Претставништвото испратило покани до сите делегати повикувајќи ги да заминат за Рилскиот манастир, но многумина делегати од конзервативно–опортунистичкото крило ги вратиле назад поканите.[62]

Сепак, и покрај таквиот гест на конзервативците, припадниците на реформско–демократското крило, на чело со Сандански, се упатиле кон Рилскиот манастир. Непосредно пред манастирот, полупијаниот Михаил Даев предизвикал инцидент во кој биле убиени двајца месни врховисти, а третиот бил ранет.[63] Тоа, на бугарската полиција и послужило како повод да го блокира Рилскиот манастир. Јане Сандански и останатите делегати, согледувајќи ја оваа стапица, го напуштиле местото и ја преминале границата.[64] Наредниот ден (02.01.1907 год.) во селото Рила пристигнал Петар Поп Арсов и тука дознал за инцидентот. Затоа, веднаш се вратил назад во Софија.[65] Впрочем, Б. Сарафов и М. Даев уште во Софија планирале да направат некоја провокација со што би се спречило одржувањето на Конгресот, зашто нивното мнозинство на Конгресот не било сигурно.[66] Сепак, "наместо во Софија, тоа се случило во Рила".[67]

---

[59] АМ, МИП. ПП, мф 778, пов. бр. 9, Софија 09.01.1907.

[60] Исто, пов. бр. 447; Сепак Силјанов, во врска со тоа, забележува: "П. Тошев молчеливо ја подржа акцијата на серчани" [Хр. Силянов, цит. дело, 488].

[61] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 228.

[62] Исто, 229.

[63] И. Харизанов, Вторият Рилски Конгрес..., 46.

[64] Исто.

[65] Исто.

[66] Революционната борба въ Битолския окрѫгъ, Спомени отъ Георги П. Христов..., 118. Христо Силјанов сосема тенденциозно тврди дека левицата била во малцинство и се состоела од 12 делегати па затоа го напуштила местото [Х. Силянов, цит. дело, 481]; Меѓутоа, акад. М. Пандевски го докажа спротивното, дека во малцинство биле конзервативците [М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., Т. III, 274 – 275].

[67] М. Пандевски, ВМРО и неоврховозмот..., 243.



*Петар Поп Арсов во друштво со Стојо Хаџиев и Тасната Серски*

Заминувањето на Јане Сандански и неговите следбеници од Рила го искористиле конзервативците за да ги обвинат дека првите го провалиле Конгресот. Меѓутоа, провалувањето дошло од самите конзервативци. Тие дури и не се појавиле на местото закажано за одржување на Конгресот.[68] Предизвиканиот инцидент од страна на М. Даев, враќањето на поканите за учество на Конгресот, непојавувањето на местото на одржување на Конгресот, и секако, појавата на бугарската полиција кај Рилскиот манастир, не биле случајни. Тоа била смислена саботажа од страна на конзервативците со цел да го прикријат своето отсуство од Конгресот. Тие набргу потоа се собрале во ќустендилско и се конституирале во "советодавно собрание" и во своето "изложение"[69] ги прогласиле за "непрактични и неприменливи"[70] нормативните акти на ВМОРО од Рилскиот конгрес 1905 година. На крајот, избрале свои задгранични претставници, и тоа: И. Гарванов, Б. Сарафов и Х. Матов за Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот револуционерен округ.[71]

Наспроти нив, реформско–демократското крило на ВМОРО, во почетокот на февруари 1907 година, организирало сопствено еднонеделно советување на чифликот на браќата Башавелови во Големо Село – Дупничко.[72] На ова Советување присуствувале: Петар Поп Арсов, Димитар Стефанов, Пере Тошев, Јане Сандански, Христо Чернопеев, Чудото, К. Б'лгаријата, А. Станоев, С. Хаџиев, М. Даев, П. Китанов, Д. Икономов и Л. Томов. На Советувањето се разгледувале три генерални прашања: 1. Како да се попречи врховистичкото влијание? 2. што да се преземе во Скопскиот, Солунскиот и Битолскиот округ што биле зафатени од српската и грчката пропаганда и 3. Внатрешните разногласија.[73] На советувањето се појавиле два предлога. Првиот бил од Јане Сандански кој барал серчани да испратат свои чети во Скопско, затоа што таму имале луѓе кои биле пријателски наклонети кон нив и оттаму да се изврши влијание во Битолско и Солунско. Додека пак, Христо Чрнопеев поаѓал од фактот дека тие се дејци на целата Организација, а не само на одделни окрузи, па затоа предлагал самиот тој да замине за Битолско, а Јане, по сопствен избор, да замине за Солунско или Скопско, и лично да ја поведе борбата против надворешните влијанија.[74] Предлогот на Чернопеев бил подржан од страна на Петар Поп Арсов и уште од шестмина учесници. Сепак, на крајот не се дошло до единствено решение.

---

[68] АМ, МИП. ПП, мф 778, пов. бр. 9, Софија 09.01.1907.

[69] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 645 – 647.

[70] Исто, 647.

[71] Хр. Силяновъ, цит. дело, 487.

[72] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 232.

[73] Исто.

[74] Исто.

Нешто повеќе во тој правец било постигнато пролетта 1907 год. на едно советување во Софија каде присуствувале: Петар Поп Арсов, Јане Сандански, Стоју Хаџиев, Крсто Б'лгаријата, Петар Ангелов, Лазар Плавев и Алексо Мартулков.[75] Тука се решило да се вооружаат две чети и да се испратат во Скопскиот округ. Притоа, Крсто Б'лгаријата и Петар Ангелов да останат во Скопско, а Алексо Мартулков и Лазар Плавев да одат во Велешко и таму да го подржат реонскиот војвода Дачо Јотов.[76] Тогаш се поаѓало од становиштето дека од Велешко лесно може да се изврши влијание во Втората револуционерна област на Македонија.

Неодржувањето на Вториот општ конгрес на ВМОРО, како и постапките и одлуките на двете јасно издиференцирани крила кои меѓусебно се нарекле "лево" и "десно", претставува почеток на крајот на постоењето на единствена македонска револуционерна ослободителна организација на единствената и цела македонска територија.

5. По провалувањето на Вториот општ конгрес, Петар Поп Арсов и натаму останал легитимен претставник[77] заедно со Димитар Стефанов и Ѓорче Петров.[78] Во сета работа Поп Арсов имал целосна подршка од Димитар Стефанов. Додека пак, третиот легитимен претставник – Ѓорче Петров, поради својата колебливост во тоа време, бил игнориран од двете крила во Организацијата.[79] Во тој период, Петар Поп Арсов, не само што ги исполнувал задграничните потреби на крилото што му припаѓал,туку станал и негов вистински политички водач во Бугарија, а во Македонија за свои приврзаници ги имал главно следбениците на Јане Сандански и Христо Чернопеев.[80] Тие заедно биле најдоследни борци за "независност на Македонија".[81] Конзервативците, пак, "македонското прашање го гледале исклучиво како бугарско", затоа биле спремни "директиви за работа, парична помош и друго да примаат од Софија".[82]

Согледувајќи ја опасноста што и се заканувала на Македонија од таквиот став на конзервативно–опортунистичкото крило, Петар Поп Арсов

---

[75] А. Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје 1954, 154.

[76] Исто.

[77] И. Харизановъ, По повод изложението на Петъръ п. Арсовъ, Прядставителъ на Вѫтрѣшната М. Р. Организация, в. "Демократъ" (орган на Радикално–демократическата партия) бр. 61, София 12 июлий, 1907, 3.

[78] Меѓутоа, со оглед на фактот што конзервативно–опортунистичкото крило, на своето "советодавно собрание" ополномоштило свои претставници за Скопскиот, Солунскиот и Битолскиот округ, Петар Поп Арсов фактички останал претставник за Серскиот и Струмичкиот округ (АМ, МИП, ПП мф. 777, пов. бр. 442, Софија 09.11.1907.

[79] Исто, мф. 778, пов. бр. 233, Софија 29.05.1907; АМ, Rumeli mufetiçliği tasnifi müeferrik eurak, TFR, 1M 161550.

[80] Исто.

[81] АМ, МИП. ПП, мф 778, пов. бр. 434, Софија 31.10.1907.

[82] Исто, пов. бр. 233, Софија 29.05.1907.



Факсимил од еден извештај на турскиот комесаријат во Софија за состојбите во ВМОРО од јуни 1907 година

и Јане Сандански постојано инсистирале на тоа дека "Македонците треба да имаат своја ,самостојна политика'".[83] Петар Поп Арсов бил против испраќање на чети во Македонија од страна на конзервативно–опортунистичкото крило кои наводно би претставувале "некој поттикнувач" за проширување на реформскиот процес во Македонија, зашто знаел дека испраќањето на такви чети не може да биде без директна помош од бугарската влада.[84] Тој од тоа и најмногу се плашел. Петар Поп Арсов останал доследен на принципите на Внатрешната организација и барал нивно почитување од сите.[85] Во тој момент, тој сметал дека за Организацијата е најважно да ја зачува својата независност кон Бугарија и останатите балкански држави. Потоа, тој сметал дека народот треба систематски да се подготвува за мирен живот во идната автономна Македонија и дека за тоа е потребно заедништво помеѓу сите национални групации во Македонија, со цел да се обезбеди потребниот мир. Тој не сакал активноста на Внатрешната организација да се потчини на бугарската политика и бил против востанички дејствија.[86]

Петар Поп Арсов, за раздорот и расцепот во ВМОРО, на страниците на "Балканска Трибуна" го обвинува нелегитимното претставништво и бугарската влада.[87] Тој прво истакнува дека легитимно претставништво "има само едно, тоа е она кое е избрано од Општиот конгрес на ВМОРО".[88] Во продолжение тој пишува дека "новите претставници" не се ништо друго освен полномошници на некои окрузи и околии. Поп Арсов истакнува дека појавата на тоа претставништво е "една аномалија која се должи на политиката на Бугарија спрема Организацијата од една страна, и од друга на кризата во Организацијата од пребрзаното востание, кое ја раздели Организацијата на два лагери".[89] Тој забележува дека оваа криза произлегла поради отстапувањата на некои "видни дејци" од основните начела на ВМОРО и дека таквите "ренегати–револуционери" биле подржувани од страна на Бугарија. Во исто време, истакнува дека "Владата (бугарска б.н.) ги прогонува луѓето на легитимното претставништво на Организацијата и ги фаворизира оние на ,новото' кое е создадено благодарение на нејзината поддршка на еден чисто поткупувачки начин".[90]

---

[83] АМ, МИП. ПО, мф 459, ф. VI, п.п. 66266, Софија 13.12.1907.

[84] АМ, МИП. ПП, мф 778, пов. бр. 338, Софија 19.08.1907.

[85] АМ, Rumeli mufetiçliği..., TFR, 1m 161550.

[86] Исто; АМ, МИП. ПП, мф 778, пов. бр. 233, Софија 29.05.1907.

[87] П. п. Арсовъ, Раздорите въ вѫтрешната организацийа, "Балканска трибуна" бр. 180, АМ, МИП, ПП, мф 778, пов. бр. 251, Софийа 7 йуни 1907. Од овој напис дознаваме дека Петар Поп Арсов објавил напис со слична содржина и во весникот "Ден" бр. 1212 што, за жал, не успеавме да го обезбедиме.

[88] Исто.

[89] Исто.

[90] Исто.

Критикувајќи ги нелегитимните претставници поради нивните врски со бугарската влада, Петар Поп Арсов вели дека тие ги прифатиле оние односи што "грчката влада – грчката официјална власт ги има кон андардите и српската влада кон српските чети во Македонија. Разлика во суштина нема". Во врска со таквата политика на бугарската влада, тој констатира дека тоа може да предизвика "крвави судири". Понатаму, дека Бугарија, во текот на 1907 година, во поглед на Организацијата, ја води истата политика од 1895 година и дека владата го претворила тоа Претставништво во свое орудие со кое си прават взаемни отстапки. На крајот тој сепак заклучува: "Се крои нешто, но не се знае кој ќе му го види лезетот – дали само Македонија, или и слободните бугарски граѓани. Не е мала политика да се зацврстиш тука (Бугарија б.н.) предизвикај бура таму (Македонија б.н.)".[91]

Таквите погледи на Поп Арсов биле високо оценети од страна на Радикално–демократската партија на Бугарија во нејзиниот орган "Демократ". Во врска со тоа "Демократ" пишува: "Во сите негови мисли има сила, и ние знаевме дека тие ќе предизвикаат потресен впечаток на своето место, зашто надвор од своите јасни и смели изрази кои доаѓаат да засегнат една ‚декларирана традиција' во нашата политика спрема македонското прашање воопшто, и Организацијата делумно, тие уште се важни поради тоа што произлегуваат од човек со авторитет и силно влијание во македонските средини".[92] "Демократ", во исто време, ја осудува бугарската завојувачка политика спрема Македонија и ги изнесува своите ставови: "Војната за нас е политичко безумие... без која се би било подобро".[93]

6. Конфронтираноста меѓу конзервативно–опортунистичкото и реформаторско–демократско крило на ВМОРО во почетокот на 1907 год. добива нови димензии и ја достигнува својата кулминација кон крајот на годината. Времето на взаемни отстапки и компромиси веќе било само минато. Сега решенијата почнале да се бараат преку нишанот на оружјето. Првите вооружени инциденти биле предизвикани од страна на конзервативните сили. Така, Мише Развигоров, на 26.01.1907 год., го нападнал пунктовиот началник во Ќустендил Петар Ангелов кој бил приврзеник на Поп Арсов и Сандански.[94]

Во меѓувреме, Борис Сарафов и Иван Гарванов почнале отворено да го поттикнуваат војводскиот кадар во Македонија од типот на воденскиот

---

[91] Исто.

[92] И. Харизановъ, По повод изложението на Петъръ п. Арсовъ..., 3.

[93] Исто.

[94] АМ, МИП. ПП, мф 778, пов. бр. 70, 05.02.1907. и пов. бр. 233, 29.05.1907.

војвода Тодор Иванов "да се удри со куршум по сите душмани".[95] Како такви се именуваат: Петар Поп Арсов, Александар Станоев, Стефан Димитров, и особено, Јане Сандански и Христо Чернопеев.[96] Во мај 1907 година, приврзаниците на Б. Сарафов и И. Гарванов, во содејство со бугарската полиција, во ќустендилско го разоружале Крсто Б'лгаријата и го спровеле во Софија.[97] Таквите провокации биле прифатени од страна на Јане Сандански, само што тие во своите планови предвидувале ликвидирање на самите инспиратори на судирите. За тоа дознаваме од едно писмо на П. Христов до П. Ацев од 26.05.1907 година.[98] Во него, меѓу другото, се истакнува дека Јане Сандански и Христо Чернопеев во тоа време јавно биле поттикнувани од Петар Поп Арсов, а потајно од Пере Тошев и Ѓорче Петров, да донесат решение за ликвидирање на Гарванов и Сарафов.[99]

Официјалните бугарски фактори, согледувајќи ги непријателствата меѓу двете крила на ВМОРО и последиците што можеле да произлезат од тоа, а со цел да не ја испуштат севкупната контрола врз македонското ослободително движење, во март 1907 год. презеле чекори за помирување помеѓу сите групации на ВМОРО, но тоа било безуспешно.[100] Во октомври 1907 година, за да ги придобијат автономистите на Петар Поп Арсов на своја страна, властите во Софија вработиле неколкумина од нив како "државни чиновници".[101] Претседателот на народното собрание Добри Петков, во договор со Петар Поп Арсов, вработил неколку Македонци дури во Народното собрание со 60 лева месечна плата.[102] Бугарските власти сметале дека со таквите гестови постепено ќе ги придобијат овие луѓе за своите интереси и дека ќе го елиминираат постојниот страв од оваа, за нив "сепаратистичка струја".[103] Овие лицемерни постапки на бугарските власти, за некакво наводно измирување, не предизвикале никаква промена во меѓусебните односи на двете крајно спротивставени групации. Напротив, односите меѓу нив се повеќе се заострувале. Така, Борис Сарафов и Иван Гарванов, преку Михаил Даев, направиле неуспешен обид за ликвидирање

---

[95] Г. Тодоровски, Неколку нови документи од активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, ГИНИ XV/3, Скопје 1971, 218.

[96] Исто.

[97] АМ, МИП. ПП, мф 778, пов. бр. 233; А. Мартулков, цит. дело, 155.

[98] АМ, мф 4314, № 492, Солун 25.05.1908. Писмото било откриено од локалните османски власти во Прилеп при случајно разоткривање на тамошната комитетска архива што се наоѓала во христијанските гробишта. Хилми–паша го информирал бугарскиот трговски агент во Солун за содржината на писмото по убиството на Борис Сарафов и Иван Гарванов, со намера писмото да послужи во истрагата за споменатиот настан.

[99] Исто.

[100] АМ, МИП, ПП, мф 778, пов. бр. 173, Софија 30.03.1907.

[101] Исто, пов. бр. 434, 31.10.1907.

[102] А. Мартуков, цит. дело, 165.

[103] АМ, МИП, ПП, мф 778, пов. бр. 434.

на Јане Сандански.[104] Серчани, откривајќи го заговорот, го ликвидираат Михаил Даев и својата офанзива ја насочуваат во Софија кон директните поттикнувачи на заговорот. Во почетокот на ноември, Сандански доаѓа во Софија и со своите сомисленици одржува неколку советувања на кои главно се разгледувало прашањето за односот кон Сарафов и неговите приврзеници.[105] На советувањата учествувале: Петар Поп Арсов, Ѓорче Петров и Димитар Стефанов (тројцата легитимни задгранични претставници), Пере Тошев (член на ЦК), Христо Чернопеев, Димо Хаџи Димов, Иван Харизанов и други.[106] Советувањата минале под доминација на Сандански. Тој, според Ќемилев, истакнал дека "треба да се работи за пробудување на сознанието на масите, дека тие се самостоен народ, дека имаат право на слободен живот и дека за извојување на својата слобода треба да се борат без да се потпираат на туѓа помош, зашто тие кои би дошле да ги ослободуваат, всушност ќе дојдат да ги поробат".[107] Поаѓајќи од тоа гледиште, Сандански истакнал дека "сите што агитираат било во Македонија, било надвор од неа на база: ослободување и обединување на Бугарите, од ВМОРО треба да бидат дочекани непријателски, така како што се дочекуваат од Организацијата српските и грчките агитации и чети".[108] Секако оваа алузија се однесува на Б. Сарафов и И. Гарванов. Покрај одделните предлози за помирување,[109] Сандански не се откажал од своите намери. Така, на 28.11.1907 година Тодор Паница ги ликвидирал Борис Сарафов и Иван Гарванов.[110]

Таквиот расплет на настаните силно ја вознемирил јавноста, а особено бугарските власти кои жестоко се нафрлиле врз протагонистите за автономна и самостојна Македонија. Во општата хајка против македонските револуционери бил уапсен и Петар Поп Арсов[111]. Со овој потег бугарската влада сметала дека ќе ја сопре натамошната активност на сите македонски водачи кои спроведувале "автонимистичка политика".[112] Веднаш по двојното убиство, Сандански и Паница официјално биле прогласени за разбојници, а слична судбина го очекувала и Христо Чернопеев. Главните интелектуални дејци на ова крило од ВМОРО, Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов, биле

---

[104] М. Пандевски, ВМРО и неоврхизмот..., 253 – 254; Х. Силянов, Освободителните борби..., Т. II, 492 – 493.

[105] АМ, МИП, ПП, мф 777, пов. бр. 442, Софија 09.11.1907.

[106] Хр. Силянов, цит. дело, 497 – 498.

[107] Исто, 498; Д. Димески, Кашина – симбол на непомирливата антиврховистичка борба на Јане Сандански, Зб. "Јане Сандански и македонското национално ослободителнно движење", Скопје 1976, 143.

[108] Хр. Силянов, цит. дело, 498.

[109] Исто, 498 – 499.

[110] Исто, 500.

[111] АМ, МИП, ПП, мф 777, пов. бр.779, 07.12.1907; АМ, МИП, ПО, мф 459, ф. VI, п.п. 6626, 13.12.1907.

[112] АМ, МИП, ПП, мф 777, пов. бр.493, 20.12.1907.

прогласени за носители на анархистички идеи, а следствено на тоа и за "опасни за државниот (бугарски б.н.) поредок".[113]

Во отсуство на материјални докази за директната вмешаност на Поп Арсов во двојното убиство, власта била принудена да го ослободи. Според еден извештај од српска провениенција од 16./29. 01.1908 година, тој сеуште се наоѓал в затвор.[114] Во извештајот од 09./22.02.1908 година се истакнува дека, со исклучок на Чернопеев, сите други уапсени во врска со двојното убиство биле ослободени.[115] Следствено на тоа, може да се заклучи дека Петар Поп Арсов бил ослободен во текот на февруари 1908 година, но не подоцна од 22.II (нов стил).

Самиот чин на ослободувањето, бугарската влада се обидела уште еднаш да го искористи за себе. Таа предлагала воспоставување на единство во Организацијата со намера да ја употреби нејзината сила за бугарската "државна политика".[116] Меѓутоа, Петар Поп Арсов и Јане Сандански биле "непомирливи". Тие не престанувале да гледаат на "автономијата на Македонија како credo на својата политика".[117] Во меѓувреме, тие почнале да размислуваат за отворање свое претставништво во Женева, а во Бугарија да оставаат свои пунктови началници само во поважните гранични места.[118]

7. Кон средината на 1907 година, пред реформско–демократското крило на ВМОРО, императивно се наметнала потребата од издавање на сопствен весник што ќе ја пропагира идејата за автономна и самостојна Македонија.[119] Првата иницијатива во тој правец била дадена на Третиот редовен конгрес на Серскиот округ каде било решено да се поткрепи издавањето на весник на Организацијата. За тоа била изгласана и потребната парична сума.[120] Задачата за реализирање на оваа одлука серчани му ја доделиле на Петар Поп Арсов. Тие писмено го известиле Петар Поп Арсов за тоа, задолжувајќи го да пронајде и соодветна личност за редактор на весникот.[121] Поп Арсов, во прво време, сакал да го довери редактирањето на весникот на Димитар Влахов и затоа со писмо го повикал во Софија.Тие двајцата воделе неколкудневни разговори за овој проблем, но резултатот изостанал.[122]

---

[113] Исто.

[114] АМ, МИП, ПП, мф 460, пов. бр.27, 16.01.1908.

[115] Исто, мф 476, пов. бр. 70, 09.02.1908.

[116] Исто.

[117] Исто.

[118] Исто.

[119] Види: В. Ѓорѓиев, Улогата на Петар Поп Арсов во покренувањето на весникот "Македонија" – орган на комитетот "Автономна Македонија", ГИНИ, XXXIV/1 – 2, Скопје 1990, 77 – 82.

[120] И. Катарџиев, Борба до победа, Т. I, 698.

[121] Д. Влахов, Спомени..., 133.

[122] Исто.

Ова значајно прашање било разгледувано и за време на ноемвриските советувања во Софија. Според Христо Силјанов, тогаш се разгледала можноста за формирање на посебно задгранично претставништво и избор на редактор за "Револуционерен преглед". Според истиот, задачата на весникот требала да биде "да се спечали општественото мнение за идејата Автономна и Самостојна Македонија". Тогаш, Сандански за можен редактор го предложил Антон Страшимиров, но предлогот бил одбиен.[123] Сепак, сета работа за иницирање на весникот му била препуштена на Петар Поп Арсов. Тој сметал дека "како Македонци... интересите на нивната татковина не се поклопуваат со интересите на Кнежевството".[124] Поаѓајќи од реалната ситуација на разновидната поделеност во Македонија која била резултат од делувањето на странските пропаганди, Петар Поп Арсов сметал на тоа да ги собере околу себе и околу "Македонија" сите Македонци, без разлика дали се бугарофили,србофили,гркофили, туркофили, австрофили итн.,а нивна заедничка цел да биде "автономија на Македонија".[125]

Плашејќи се дека поради таквиот карактер весникот "Македонија" тешко ќе може да се печати во Софија, Петар Поп Арсов размислувал тоа да го прави во Белград, Букурешт па евентуално и во Атина каде што шансите биле најмали.[126] Плановите на Поп Арсов биле прекинати со неговото апсење кое било во врска со убиството на Сарафов и Гарванов.[127] И покрај тоа, првиот број на "Македонија" излегол на 14.01.1908 год. како месечно списание. Во отсуство на Поп Арсов, на неговото издавање работеле: Коста Шахов, Пере Тошев, Георги Баласчев и други. Вклучувањето на Поп Арсов во списанието се очекувало по неговото ослободување.[128] Веднаш по излегувањето на првиот број на "Македонија", српскиот дипломатски застапник во Софија за тоа ја известил својата влада и изразил сомневање дека списанието нема да се одржи без владина поддршка, а неа нема ни да ја добие поради своето застапување за автономија на Македонија.[129] Во првиот број на "Македонија" е промовиран "Комитетот Автономна Македонија" за чијашто активност немаме податоци. Се чини дека тоа е само една преодна фаза во обидите за трансформирање на реформско-демократското крило на ВМОРО во посебна револуционерна организација. Инаку, самиот Комитет за задача си поставил собирање на парична и секаков друг вид на помош од "сите што сакале да се постигне неговата цел - Автономија на Македонија".[130] Во апелот до македонското

---

[123] Хр. Силянов, Освободителните борби..., Т.II, 499
[124] АМ, МИП, ПО, мф 459, ф. VI; пов. бр. 1774, Софија 22.11.1907.
[125] Исто.
[126] В. Ѓорѓиев, Улогата на Петар Поп Арсов во покренувањето... 80.
[127] АМ, МИП, ПО, мф. 459, п.п. 6626, Софија 13.12.1907.
[128] Исто, мф 460, пов. бр. 27, Софија 16.01.1908.
[129] Исто.
[130] "Македония", Органъ на комитета автономна Македония, София 14 януарий 1908, 1.

население објавен на страниците на "Македонија" се прави анализа на постигнатиот успех од дотогашната борба на Организацијата и се констатира дека резултатите се недоволни затоа што "борбата била започната пребрзано без строго обмислен план, без доволно вештина и под лоши надворешни услови".[131] Понатаму, се обвинуваат поединци кои се обиделе да ја злоупотребат Организацијата за лични задоволства, а тоа довело до недоразбирања и меѓусебни пресметки. За своја задача Комитетот го поставува искористувањето на условите создадени од вмешувањето на европските сили во Македонија и отстранување на Хилми-паша. "Тоа ни се налага како прва задача за чие разрешување сме должни да ги искористиме сите можни средства. Почетокот на автономијата во Македонија ќе настапи тогаш кога за губернатор, или барем за главен инспектор ќе се назначи, на местото на Хилми-паша еден Европеец, кој ќе воспостави ред и закон во земјата за сите."[132]

[131] Исто.

[132] Исто.

# VIII

# НОВИ НАДЕЖИ

1. Во првата половина на 1908 год. македонското прашање одново станува предмет на разгледување меѓу големите европски сили, а особено меѓу Русија и Англија. Овој пат, како причина за неговото придвижување биле дадените концесии од страна на Абдул Хамид II на Австро–Унгарија за нејзино поврзување со Солунската железница. Тоа всушност значело понатамошно зголемување на австро–унгарското влијание во Македонија.[1] Втора причина е понудата од султанот за воена соработка помеѓу Османската империја и Австро–Унгарија.[2]

Рускиот цар Никола II и англискиот крал Едвард VII, гледајќи загрозување на своите економски и политички интереси од таквата Австро–Унгарска експанзија на Балканот, во јуни 1908 год. се среќаваат во Ревал со цел да го попречат овој австриски продор на југ. Меѓу другото, на средбата била разгледувана и можноста за нов реформски проект во Македонија.[3] Проектот предвидувал ставање на Македонија под меѓународна контрола, воведување на меѓународен воен контингент во Македонија и назначување на меѓународен губернатор, исто така под меѓународна контрола. Со тоа, откинувањето на Македонија од Османската империја станало реален политички проблем.[4]

Младотурскиот комитет "Единство и напредок", согледувајќи ги реалните политички околности, како и можните последици по територијалниот интегритет за Империјата што можеле да произлезат од новата Англо–Руска иницијатива за реформи во Македонија, ги забрзале подготовките за враќање на уставноста во земјата со цел да се направи излишно меѓународното вмешување во внатрешните работи на Империјата. Насетувајќи го тоа, Битолскиот огранок на "Единство и напредок", во мај 1908 година, испратил Меморандум до големите сили (со исклучок на Русија). Во него, меѓу другото, се истакнува: "...Ве известуваме дека од сите аспекти Македонија е составен дел на Османската империја... Ако Европа сака да ни помогне и нам и на човештвото, тогаш треба да се откаже

---

[1] Ю. А. Петросян, Младотурцкое движение (вторая половина XIX – начало XX в.), Москва 1971, 280; Ј. Хамза, Заемните односи меѓу прогресивните османски кругови и македонското револуционерно движење во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје 1988, 161.

[2] Ј. Хамза, Заемните односи..., 161.

[3] Ю. А. Петросян, Младотурцкое движение..., 280 – 281.

[4] Исто, 180 – 181.

од секаква иницијатива...Таа треба да изврши притисок врз султанот Абдул Хамид II и врз владите во Софија, Атина и Белград. Еве тоа е патот по кој може да се обезбеди мир и безбедност во Македонија..."[5] Меморандум со слична содржина бил испратен и до австриското и до францускиот конзул во Скопје, од тамошниот младотурски комитет.[6] Протесни ноти до странските дипломатски претставници во Македонија биле испратени и по средбата во Ревал.[7]

Сето тоа било само наговестување на Младотурската револуција која започнала на 3 јули 1908 година. Масовниот одзив и брзиот револуционерен подем го принудиле султанот Абдул Хамид II да издаде указ со кој се прогласува конституцијата во целата Османска империја. Указот бил даден ноќта меѓу 23 и 24 јули.[8]

2. Со воведувањето на уставниот парламентаризам во Империјата се создале реални претпоставки за легализирање на сите претставници од македонското националноослободително движење и нивно вклучување во јавниот и општествено–политичкиот живот во земјата. Тоа пак, неопходно барало адекватни трансформации, не само од организационен, туку и од идејно тактички карактер. Реформскодемократското крило во ВМОРО, чиј припадник бил и Петар Поп Арсов, во мај 1908 год. одржало конгрес во чија работа учествувале: Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ.[9] Со цел да се оградат и дистанцираат од конзервативно–опортунистичкото крило на Организацијата, тие се конституираат во посебна организација под името "Македоно–Одринска револуционерна организација". На конгресот било разгледано и прашањето за односот на МОРО кон Младотурците.[10] МОРО, под тоа име ќе опстојува до јануари 1909 година,[11] кога од неа ќе израсне Народната федеративна партија.[12]

За време на Уриетот, МОРО постепено започна да се легализира, истовремено изјавувајќи дека е "готова да се реорганизира и трансформира од конспиративна и воена организација во организација за легална политичка дејност т.е. во легална политичка партија".[13] Меѓутоа, во истата декларација МОРО изјавила дека "оружјето не е положено и дека таа во секој момент е готова да го земе в раце и да ја продолжи борбата во соодветните илегални форми".[14]

---

[5] Ј. Хамза, Заемните односи..., 162.

[6] Ю. А. Петросян, цит. дело, 288.

[7] Исто.

[8] Ј. Хамза, цит. дело, 165.

[9] И. Катарџиев, Борба до победа..., Т. I, 697.

[10] Исто, 701.

[11] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., Т. IV, 138.

[12] Опширно за НФП види: М. Пандевски, цит. дело, 128 – 229.

[13] Проекто – Програма на М. Одр. Рев. Организация, 1908, 18.

[14] Исто.

Петар Поп Арсов, кој за време на Уриетот се настанил во Скопје, повторно се активирал во редовите на МОРО.[15] Таа, иако ги прифатила претстојните парламентарни избори, по тоа прашање во своите редови немала целосно единство. Така на пример, групата околу "Конституцина зора", чиј истакнат претставник бил Јане Сандански, првобитно била за бојкотирање на изборите поради реакционерниот изборен закон. Впрочем, оваа група во моментот не допуштала никаква соработка со Младотурците доколку не се промени изборниот систем.[16] Меѓутоа, под притисок на групата околу "Единство", групата околу "Конституциона зора" ги прифатила изборите, притоа истакнувајќи ги кандидатурите на: Јане Сандански, Петар Поп Арсов и Христо Далчев.[17] На изборите во 1908 год. МОРО излегла со следните кандидати: Јане Сандански и Христо Далчев за Серскиот изборен санџак; Димитар Влахов за Солунскиот и Петар Поп Арсов за Скопскиот санџак.[18]

Скопскиот изборен санџак, според официјалната статистика на Хилми–паша, броел нешто повеќе од 190.000 машко население, од кое 85.000 биле муслимани, а 105 000 биле христијани (од нив 93.0000 биле егзархисти и 12.000 биле србомани).[19] Тоа гласачко тело, според изборниот закон, требало да даде четири пратеници во Османскиот парламент.[20] Во Скопскиот изборен санџак своја кандидатура поднеле двајца младотурци, еден србоман, двајца кандидати на бугарските конституциони клубови и Петар Поп Арсов како претставник на МОРО.[21]

Младотурскиот комитет во Скопје првобитно ја прифатил кандидатурата на Петар Поп Арсов која им била наложена од ЦК на "Единство и напредок" во Солун и изјавиле дека ќе гласаат за него.[22] За време на предизборната кампања, па и во самите избори, како големи ривали на Поп Арсов се појавиле претставниците на бугарските конституциони клубови[23] Тодор Павлов и Тома Карајовов.[24] Клубашите, во тоа време, ги застапувале ставовите "дека Македонија е бугарска и дека тие во

---

[15] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., Т. IV, 140.

[16] "Конституционна заря" бр. 2, Солунъ 22.08.1908, 2; "Единство" бр. 1, Солунъ 27.09.1908, 2.

[17] "Единство" бр. 5, Солунъ 11.10.1908, 2.

[18] М. Пандевски, цит. дело, 182.

[19] Депутатскитѣ избори въ Скопския санджакъ, "Вѣсти", г. XIX/28, Цариградъ 28.11.1908, 4.

[20] Според изборниот закон, на 50.000 машко население се бирало еден пратеник. Меѓутоа, оваа бројка можела да варира. Така на пример, можело да се избере еден пратеник и од 25.000 до 75.000 машко население. Потоа, до 125.000 се бирале два пратеника, од 125.000 до 175.000 се бирале тројца пратеници. Види: Изборни закон, "Цариградски гласник", XIV/ 31, Цариград 01.08.1908, 2.

[21] Депутатскитѣ избори..., 5.

[22] Исто.

[23] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., Т. IV, 241 – 280.

[24] Депутатскитѣ избори..., 5.

Македонија се борат за бугарска анексија".[25] И покрај таквите нивни определби, тие сепак успеале да ги изманипулираат Младотурците, убедувајќи ги да го избришат името на Поп Арсов од својата изборна листа и на негово место да се впише Тодор Павлов, и тоа дури откако бил извршен изборот на гласниците (електорите б.н.).[26] Така, во една безскрупулозна и подла игра, смислена од страна на клубашите, а наивно прифатена од страна на младотурците, Петар Поп Арсов бил лишен од можноста да влезе во османскиот парламент и оттаму да ги застапува и брани интересите на македонскиот народ. Сепак, во првиот круг од изборите тој целосно ја добил поддршката и гласовите во Малешевската изборна единица "Царството на Сандански и Чернопеев".[27]

По одминувањето на изборите, Петар Поп Арсов и натаму останал во Скопје, а неговата активност главно била насочена кон изградување на подружници на Народната федеративна партија во Скопскиот вилает, истовремено пропагирајќи ја нејзината програма. Делувајќи во тој правец, Петар Поп Арсов, заедно со Д. Мирчев, на 18.02.1909 (ст. стил) пристигнал во Велес и зел учество во конституирањето на огранокот на НФП во овој град.[28] На 21.02.1909 година (недела), во велешкото училиште "Св. Кирил и Методиј", во присуство на околу 800 граѓани, било одржано основачкото собрание на подружницата.[29] На собирот се расправало за новонастанатата состојба во Империјата, како и за ставовите кон тоа на НФП и Сојузот на бугарските конституциони клубови (СБКК). Прв зборувал Иван Поп Јорданов и ги информирал посетителите за соработката на НФП со Младотурците. Додека пак, Димитар Мирчев ги образложил програмите на НФП и СБКК истакнувајќи дека последната е националшовинистичка и како таква е опасна за македонскиот народ и за Отоманската империја.[30] Завршна реч на собирот имал Петар Поп Арсов. Тој, во едно долго и аргументирано излагање, ги изложил причините за расцепот во поранешната револуционерна организација на две политички партии со две различни програми, тактики и цели.[31] Притоа, тој истакнал дека патиштата кои довеле до тоа биле посакувани и диктирани од надворешните заинтересирани фактори, а за такви ги посочил бугарската династија и другите балкански држави па и големите сили. На крајот истакнал дека тоа е крајно опасно за Македонија.[32]

---

[25] Бугарашко "херојство", "Цариградски гласник" XIV/34, Цариград 22.08.1908, 3.

[26] Депутатскитѣ избори..., 5.

[27] Исто.

[28] Народна партия въ Велесъ, "Народна воля" бр. 11, Солун 28 мартъ 1909, 3.

[29] Исто.

[30] Исто.

[31] Исто.

[32] Исто.

Набргу по собирот, на 24.02.1909 година, бил одржан еден состанок во потесен круг, на кој се расправало за изборот на раководното тело на огранокот на НФП во Велес.[33] Во раководството на огранокот на НФП во Велес влегле: Ризо Ризов, Дачо Јотев и Ангел Коробар. Вкупното членство броело 350 души.[34]

Во мај 1909 година, огранок на НФП бил формиран и во Скопје, а во неговото раководство влегле Петар Поп Арсов и Јордан Шурков.[35] Паралелно со учеството во изградувањето на партиската мрежа на НФП, Петар Поп Арсов работел и за пропагирање на нејзините партиски определби помеѓу македонскиот народ.[36]

3. Пропустите што ги направиле Младотурците при освојувањето на власта и изградувањето на новиот систем во државата, вешто биле искористени од страна на конзервативно–клерикалните сили во земјата кои биле лојални на султанот и се залагале за рушење на уставниот поредок. Првиот обид за тоа датира од крајот на јули 1908 год. во Одринскиот гарнизон.[37] Младотурскиот режим повторно бил доведен во искушение во октомври 1908 год. Тогаш, антиуставните сили се обиделе да организираат преврат со образложение дека Младотурската револуција била причина за целосното откинување на Бугарија, Босна и Херцеговина и Крит од Османската империја.[38]

Во почетокот на 1909 год. антиуставните сили во парламентот истапиле како организирана група "Ахрар ф'ркаси".[39] Така организирани, тие, на 16.01.1909 година, се обиделе да организираат заговор и укинување на сите уставно–парламентарни институции, враќање на власта во рацете на султанот и на исламската вероисповест и шеријатот, за што особена подршка имале во Анадолското духовенство.[40]

---

[33] Исто.

[34] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., Т. IV, 152.

[35] Исто.

[36] Доказ за тоа е и програмата на Солунската организација на НФП што ја пронајдовме во скромната оставштина на Петар Поп Арсов кај неговиот близок потомок Раде Поп Арсов од Куманово. Полниот наслов на Програмата гласи "Програма на групираните вь Народната органиизация граждани на Солунь". Програмата за своја основа ги има определбите на проект–програмата на МОРО од август 1908 година. Инаку, самата програма ги разработува своите политички барања во 14 точки, а во посебно поглавје од шест точки ги изнесува економските барања.

[37] Повод за овој обид биле гласините дека Младотурците го убиле султанот Абдул Хамид II. Поради оваа вест се побуниле војниците на Одринскиот гарнизон. Во почетокот на август тие се упатиле кон Цариград каде што биле разоружани од Младотурците. Бунтовниците се вратиле назад дури откако продефилирале покрај султанскиот дворец и низ прозорите виделе дека султанот е жив [В. И. Шпильакова, Младотурецкая революция 1908 – 1909, Москва 1977, 128].

[38] Ј. Хамза, цит. дело, 181.

[39] М. Пандевски, Контрареволуцијата во Цариград и Македонија, ГИНИ Х/2 – 3, Скопје 1966, 85.

[40] В. И. Шпильакова, Младотурецкая революция..., 207.

Сите овие безуспешни обиди биле само вовед кон настаните од 13 април 1909 година, кога против младотурскиот режим во Цариград се кренале 3.000 војници[41] на кои им се придружила бројна маса од оџи и софти.[42] Нивните барања за сменување на претседателот на владата Хусеин Хилми–паша, за сменување на претседателот на парламентот Ахмед Риза–беј, и за враќање на шеријатот, султанот Абдул Хамид II, на 14.04.1909 година, во потполност ги прифатил.[43] На тој начин, само за два дена "господар на ситуацијата во Цариград станала реакцијата под политичко водство на ахрарците и султанот Абдул Хамид II".[44]

Централниот комитет на "Единство и напредок" реагирал брзо и ефикасно во овие околности. Уште на вториот ден од настаните бил испратен повик за задушување на контрареволуцијата и воспоставување на уставниот режим.[45] Во овие критични моменти, Младотурците за помош се обратиле и до Народната федеративна партија во Македонија.

Дејствувајќи во таа насока, претставници на младотурскиот комитет во Скопје се обратиле за помош на Петар Поп Арсов, кој во тоа време бил настанет во хотелот "Балкан".[46] Имено, една ноќ, Петар Поп Арсов и Јордан Шурков (двајцата во раководството на НФП), во присуство на Алексо Мартулков, биле посетени од тројца истакнати претставници на младотурскиот комитет во Скопје и тоа: жандармериските поручници Азис и Кемал, и Асад Азис – член на Окружниот суд во Скопје.[47] Притоа, Младотурците го известиле Петар Поп Арсов за настаните во Цариград и од него побарале содејство за организирање и испраќање на македонски доброволци во Цариград, истакнувајќи дека од многу поголема важност ќе биде политичката, отколку воената поддршка. Во исто време, Младотурците ја искажале и својата недоверба кон клубашите, Албанците, Грците и Србите.[48] На оваа средба, од страна на Поп Арсов, на Младотурците им била ветена целосна морална поткрепа. Веднаш по нивното заминување било решено А. Мартулков и Ј. Шурков да заминат за Велес и таму да ја организираат акцијата за испраќање на македонски доброволци против реакционерите во Цариград.[49] Петар Поп Арсов тоа требало да го направи во Скопје. Тој учествувал на сите состаноци што биле организирани со таква цел и настојувал да предизвика помасовно движење за одбрана на

---

41 Ј. Хамза, цит. дело, 183.

42 М. Пандевски, Контрареволуцијата..., 86.

43 Ј. Хамза, цит. дело, 184.

44 М. Пандевски, Контрареволуцијата..., 86.

45 В. И. Шпильакова, цит. дело, 226.

46 А. Мартулков, Моето учество..., 206.

47 Исто, 207.

48 Исто, 207 – 208.

49 Исто, 208 – 209.

Уставот.[50] Против неговата активност, подмолна дејност развиле припадниците на бугарските конституциони клубови во Скопје.[51]

Без оглед на фактот што НФП и македонскиот народ не биле задоволни од младотурскиот режим, кај нив се уште преовладувало мислењето дека со враќањето на уставноста ќе се подобри нивната социјално–политичка состојба и ќе се здобијат со административно–политичка автономија во рамките на Империјата, па затоа и ја подржале акцијата за задушување на реакционерите во Цариград. Меѓутоа, натамошниот развој на настаните, особено по зацврстувањето на младотурското владеење, ќе покаже дека во тоа наполно се излагале.

4. По револуционерните превирања од средината на 1908 и првата половина на 1909 година, Поп Арсов одново и се враќа на својата просветно–педагошка дејност и ја продолжува борбата за македонската самобитност во Скопје. Во учебната 1909/10 год. тој работи како учител во егзархиското педагошко училиште.

Тоа е времето кога владите на соседните балкански држави трошеле огромна енергија и средства за придобивање на што поголем број "сонародници" во Македонија кои потоа требало да послужат при нивните сметки за завојување на Македонија. Работејќи во тој правец, официјална Бугарија и натаму продолжила финансиски да ја подржува четничката активност на приврзаниците на Христо Матов која остро била осудувана од скопското граѓанство.[52] Од бугарската влада било финансиски подржувано и женското друштво "Екатерина Симитчиева" кое имало за цел да го буди и поддржува "националното сознание кај Македонката во корист на бугаризмот".[53] Затоа, од Софија доаѓале во Скопје специјални мисионерки со намера да ја "зближат Скопјанката со Софијанката и да ги фиксираат нејзините погледи кон Софија".[54] Додека пак, за остварување на влијание врз македонските занаетчии, трговци и останати ситни сопственици, било предвидено отворање на бугарска банка со хипотека која преку своите заеми требало "економски да го зароби" и овој дел од македонското граѓанство и така врз нив да се оствари големо влијание и во "национален однос".[55] Во тоа време, бугарската влада за своите емисари во Македонија, кои работеле во согласност со државната бугарска политика, имала издвоено 500.000 лева.[56]

---

[50] М. Пандевски, Контрареволуцијата..., 92 – 93.

[51] Исто, 105.

[52] АМ, "БТА" – Скопје, к. 3, № 114, 28.11.1911.

[53] АМ, ф. "Генерални конзулат краљевине Србије у Скопљу", година неозначена, а.е. бр. 20, л. 2.

[54] Исто.

[55] Исто.

[56] М. Макдермот, За свобода и съвършенство..., 314.

Оваа силна експанзија на бугарската пропаганда во Македонија, чии што најистакнати претставници биле егзархиските чиновници, придонела да настане хомогенизирање меѓу Македонците во Скопје кои не клонеле ниту кон една од постојните пропаганди за да преземат противмерки што ќе ја заштитат нивната самобитност. На чело на ова антибугарско и антиегзархиско движење во Скопје застанал Петар Поп Арсов. Тој уживал голем авторитет меѓу народот, а неговиот патриотизам, чесност и интелект, во голема мера придонеле "сите да се согласат во едно, дека тој има манија да критикува секаква власт и дека фанатички е уверен во можноста: Македонија да постои одделно од Бугарија под форма на автономно или друго управување".[57] Впрочем, во Скопје биле свежи спомените за него од времето на Организацијата кога тој оставил впечаток на "скромен и чесен работник, кому ум не му недостасува и дека е идеолог на револуцијата".[58] Авторитетот што го уживал Поп Арсов меѓу скопјаните му овозможил да застане на челото на антиегзархиското движење и истото да го координира за време на изборите за мирски советници и владика на Скопската митрополија во 1910 година. Имено, тој во тоа време развил широка кампања против Бугарската егзархија и нејзината антимакедонска политика.[59] Поп Арсов, заедно со скопјани, се залагал Егзархијата "од една ненародна и агентурска институција, да се претвори во широка народна демократска институција, потчинета исклучиво на народните интереси".[60] За парализирање на оваа дејност на Поп Арсов, Егзархијата, од своја страна, побрзала да ги среди состојбите во Скопската епархија. Затоа, биле распишани избори за скопски владика со намера официјално да го устоличат тогашниот в.д. управник архимандритот Неофит кој требало да воведе "ред и дисциплина" во епархијата.[61]

За антиегзархиската дејност на Поп Арсов во тоа време, егзархот Јосиф, во едно писмо до Министерството за надворешни работи на Бугарија, пишува: "Редот и дисциплината што во последните години во Светата Скопска епархија не е на висина, ни наложува да превземеме соодветни мерки. Од извесно време една прилично настојчива компанија работи против Егзархијата лично, со цел да предизвика едно движење меѓу населението за свикување народен собир во Цариград, на кој да се преработи егзархискиот устав во таа смисла, што Егзархијата да остане само за македонските епархии. Таа компанија водена од Петар Поп Арсов, се залага да ја ограничи власта на високиот клер, обвинувајќи го за пречки во развојот

---

[57] АМ, "БТА" – Скопје, к. 3, № 114.

[58] Исто.

[59] Исто.

[60] Д. Митрев, Минато и литература, Скопје 1958, 99.

[61] С. Димески, Присуството на Теодосиј Гологанов во развитокот на македонската нациионална мисла во епохата на национално–револуционерното движење, ГИНИ XX/2, Скопје 1976, 101.

на школството".[62] Во продолжение на писмото, егзархот уште истакнува: "За да ги запреме таквите непријателски тенденции одлучивме најнапред да ја пополниме епархијата со редовен епархиски архиерej. Нашата доверба ја поклонуваме на сегашниот в.д. управувач со епархијата Н.В. г. Неофит".[63]

Против наметнатата кандидатура на Неофит од страна на Егзархијата, силна агитација помеѓу скопското граѓанство извршил Поп Арсов,[64] едновремено предлагајќи го за скопски митрополит Теодосиј Гологанов во чијшто прилог дури испратил писмо до егзархот.[65] Влијанието на Петар Поп Арсов против Неофит особено било силно меѓу еснафските средини во Скопје. За тоа, во едно писмо од страна на Скопската митрополија, се вели: "Ако епархискиот совет има такви здравомислечки луѓе, (тоа б.н.) не е случај и со некои еснафски средини што се под влијание на г. учител Петар Поп Арсов, кој си внушил во главата дека е водач на народот. Тој постојано зборува против Егзархијата и нејзиното началство, вклучувајќи ме и мене (Неофит б.н.), и ги поттикнува еснафите да ја подржат кандидатурата на митрополитот Теодосиј, зашто тој своевремено пострадал бранејќи ги интересите на Македонците".[66]

Поранешната дејност на Теодосиј Гологанов за обнова на автокефалноста на Охридската архиепископија, како и популарноста на Поп Арсов кој важел за политички водач на сета оваа акција, придонеле да биде прифатена кандидатурата на Теодосиј во седум архиерејски наместништва, а само во две наместништва алтернативно биле прифатени кандидатурите и на Теодосиј и на Неофит.[67] Сепак, главната улога во изборот на скопски митрополит требало да ја одигра Скопската епархија.[68] Поради тоа, овде бил и најсилен притисокот од Егзархијата врз Теодосиј за да се откаже од својата кандидатура.[69] Во одбрана на Теодосиј застанал Петар Поп Арсов. Затоа, организирал голем народен собир во дворот на скопската црква Св. Богородица каде, освен за изборот на скопски владика, бил разгледан и проблемот за организирање и независно високо школство во Македонија.[70] Поради истапите против кандидатурата на Неофит, и поради неговата подршка на Теодосиј, Поп Арсов, од страна на Егзархијата,

---

[62] Исто, 101, белешка 82.

[63] Исто, 101 – 102.

[64] Исто, 102.

[65] П. Стојанов, Петар Поп Арсов..., 135.

[66] С. Димески, Дискусија, Крсте Петков Мисирков и национално културниот развој на македонскиот народ до ослободувањето, Реферати на симпозиумот во Скопје на 22 и 23 април 1975, Скопје 1976, 338.

[67] С. Димески, Присуството на Теодосиј Гологанов..., 102.

[68] АМ, "Генерални конзулат краљевине Србије у Скопљу", 1910, к. I, а.е. бр. 67, л.1.

[69] С. Димески, Присуството на Теодосиј Гологанов..., 102.

[70] Исто, 103.

бил отсликан како "човек на когошто бугарштината не му е при срце одамна, од времето на стамболовштината".[71]

За време на народниот собир во црквата Св. Богородица во Скопје, Петар Поп Арсов го обелоденил својот план за отворање на Висока педагошка школа во Скопје со статус на државен факултет.[72] Како добар познавач на денационализаторската просветна политика во Македонија, Петар Поп Арсов сметал дека со отворањето на Високата педагошка школа во Скопје под покровителство на Османската држава, би се отстранила опасноста од понатамошното национално разнебитување на македонскиот народ. Учесниците на народниот собир неговиот предлог "без многу размислување го прифатиле со аплауз".[73] Тогаш настапила полемика меѓу Петар Поп Арсов и секретарот на Скопската митрополија Тодоров. Во оваа прилика, Тодоров забележал дека просветата спаѓа во доменот на "Светата бугарска егзархија", а не на османските власти. Поп Арсов на тоа со иронија одговорил: "Ако Егзархијата е заинтересирана за народната просвета, таа можела од поодамна да земе иницијатива за отворање на училишта од повисок ранг. штом тоа не го сторила, народот ќе се обрати до државата!"[74] Тогаш Тодоров уште еднаш забележал дека за таквите институции е потребен и високообразован кадар. На тоа Петар Поп Арсов одговорил: "Македонија располага со таков кадар, стига да ги собере распрснатите по другите земји".[75]

За остварување на оваа задача, Петар Поп Арсов бил во преписка со Крсте Петков Мисирков.[76] Нивната соработка се одвивала под претекстот на собирање песни за Крале Марко од страна на Петар Поп Арсов во скопската околија.[77] По се изгледа, Поп Арсов, Мисирков и Теодосиј, за тоа прашање разговарале во Софија за време на Општословенскиот собир.[78] Архимандритот Неофит, во еден извештај до егзархот Јосиф, во врска со сето тоа вели: "...Разбрав дека Поп Арсов бил запознат со преписката меѓу Крсте П. Мисирков,... и некои личности од скопската црковно-училишна општина, во која именуваниот Мисирков се предлагал за еден од професорите, доколку во Скопје се отвори Висока педагошка школа. Длабоко сум уверен дека Поп Арсов е замешан во оваа работа и верувам

---

[71] С. Димески, Дискусија..., 337.

[72] С. Димески, Присуството на Теодосиј Гологанов..., 103.

[73] Исто.

[74] Исто.

[75] Исто.

[76] Б. Ристовски, Петроградската група и програмата на Теодосиј. Обидот на К. П. Мисирков, П. Поп Арсов и Т. Гологанов за отворање на Висока педагошка школа во Скопје во 1910 год., "Нова Македонија", г. XXXV, бр. 11582, Скопје 29.04.1979, 5.

[77] С. Димески, Дискусија..., 338.

[78] Б. Ристовски, Портрети и процеси, Т. III, 102 – 103.

дека со Мисирков се има сретнато неодамна во Софија".[79] Соработката помеѓу Поп Арсов, Мисирков и Теодосиј, која се темелела врз кристално јасна македонска основа, од страна на Неофит била сфатена како оживување на "расколнички сили".[80] Неофит, свесен за улогата што може да ја одигра овој значаен интелектуален триаголник меѓу македонскиот народ, на егзархот Јосиф алармантно му пишува: "...тогаш сам заклучете каква опасност и претстои на бугарштината во овие историски времиња. Замислете си да се здружат заедно ,Мисирковштината' на господинот Крсте, ,сепаратизмот' на Неговото Високопреосвенштенство Теодосиј, и ,автономиштината' на господинот Петар Поп Арсов!".[81] Заклучокот на Неофит е праведен и луциден кога вели "дека станува збор за еден комплот усмерен против бугарштината во Македонија. Не случајно за митрополит се предлага Н. П. Теодосиј, за професор познатиот автор на памфлетот ,За македонцките работи' – К. Мисирков, а за политички водач авторот на антиегзархискиот памфлет ,Стамболовштината во Македонија и нејзините претставители', Петар Поп Арсов. Соединувањето на овој триаголник во Скопје би имало огромна штета за бугарштината во Македонија, ако не и трагедија."[82]

Додека се одвивале овие настани, во Скопската митрополија паралелно течеле и изборите за мирски советници. Петар Поп Арсов, иако сам не се кандидирал за тоа, од граѓаните бил впишан во сите изборни листи, вклучувајќи ги и оние на Скопската епархија кои минувале за егзархиски.[83] Тој го добил потребниот број на гласови доволен за избор. Меѓутоа, поради својата дејност која била насочена против Егзархијата, тој, не само што не бил потврден за мирски советник, туку и бил отпуштен од работа во педагошкото училиште.[84]

5. а) Во учебната 1910/11 год. Петар Поп Арсов станал директор на меарифските училишта во Скопје. Како меарифски инспектор тој работел и во наредната 1911/12 година.[85] Меарифските училишта биле со посебен статус во Османската империја, а нивното финансирање било на товар на државниот буџет, т.е. од средствата добиени на име данок за просвета.[86] Според некои податоци, само два насто од вкупниот државен буџет се издвојувало за меарифските училиште, пред се за муслиманските.[87] Така

---

[79] С. Димески, Присуството на Теодосиј Гологанов..., 103 – 104.

[80] С. Димески, Дискусија..., 338.

[81] Исто.

[82] С. Димески, Присуството на Теодосиј Гологанов..., 104.

[83] АМ, "БТА" – Скопје, к. III, № 114, 28.11.1911.

[84] Исто.

[85] Исто; Д. Влахов, Спомени..., 243; Д. Влахов, Ликови македонских револуционара, Београд 1949, 58.

[86] Д. Влахов, Ликови..., 58.

[87] М. Пандевски, Учителското дижење во Македонија 1893 – 1912, Скопје 1962, 51.

на пример, во Косовскиот (Скопскиот) вилает, од бруто средствата определени за меарифските училишта, 63% оделе за турските училишта; 18% за српските; 16% за бугарските; 2% за католичките и 1% за еврејските училишта.[88]

Поп Арсов и поголемиот број припадници на НФП, согледувајќи ја предноста на меарифските училишта, пред се поради нивната економска независност од пропагандите на соседните држави, повеле широка акција за отворање на повеќе такви училишта. Под нивно влијание, голем број учители и училишта поднесувале барања до вилаетските власти за нивно буџетско финансирање.[89] Со тоа се сакало да се елиминира влијанието на официјална Бугарија во Македонија што систематски се спроведувало преку учителите и епархиите.[90]

По барање на НФП, османските власти зеле на издршка определен број на училишта, и тоа првенствено во оние области каде што НФП имала поширока народна поткрепа.[91] Како голем противник за ширењето на мрежата на меарифските училишта сред македонскиот народ се појавила Егзархијата. Таа, во оваа појава гледала губење на сопствената контрола врз овој дел од македонскиот народ, па затоа се нафрлила врз нив преку својот печат, истовремено поднесувајќи протести пред османското Министерство за правосудство и вероисповест.[92] Петар Поп Арсов, како инспектор на меарифските училишта, бил целосно предан на развојот на училишното дело. Во своите редовни месечни извештаи до Меарифот ги доставувал проблемите и барањата кои биле прифатени од страна на училишниот оддел при Митрополијата.[93]

б) Младотурското владеење во текот на 1911 година сериозно било разнишано од страна на опозицијата. За зацврстување на своите позиции, во почетокот на 1912 год. Младотурците презеле иницијатива за распишување на нови парламентарни избори. Под нивен притисок, а во согласност со Сенатот, со султанско ираде од 05.01.1912 година, било наредено распуштање на Народното собрание и распишување на парламентарни избори во наредните три месеци.[94]

---

[88] АМ, МИП, ПП, мф 853, п.п. 732, 28.03.1910.

[89] Г. Тодоровски, Јане Сандански низ документите од српските извори (1908 – 1910), ГИНИ XVI/3, Скопје 1972, 122.

[90] Исто, 123.

[91] Така на пример, во Мелник од меарифискиот данок се издржувале 17 училишта, во Неврокоп 13, Демир Капија 11 итн., додека пак, 17 училишта во Гевгелија, Воден и Струмица, првобитно биле меарифски, но подоцна ја откажале оваа помош (АМ, МИП, ПП, мф 853, п.п. 266, Солун 21.03.1910).

[92] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., Т. IV, 187 – 188.

[93] АМ, "БТА" – Скопје, к. III, № 114.

[94] Растурянето на камарата, "Вести" бр. 50, Цариград 07.01.1912, 1.

Во такви околности, опозицијата, со намера да добие што поголем број привrзеници помеѓу нетурските народи во Империјата, "демагошки ветувала децентрализација во државната управа врз етничка основа, проширување на правата на црковните институции и слично".[95]

Секако дека тоа била една од причините Поп Арсов да се кандидира за претстојните избори на опозиционата листа во Скопје заедно со Салих-беј (скопски првенец), Саид-хоџа (поранешен народен претставник од Скопје) и Тодор Павлов.[96] Како втора причина за неговото кандидирање на опозиционата листа била отсуството на политичка толерантност кај Младотурците. Тие, во текот на своето владеење, донеле низа реакционерни закони, меѓу кои и законот за политичките здруженија според чиј член 4 "се забранувало образување на политички здруженија врз основа на национални и расни разлики и имиња".[97] Сигурно дека овде не треба да го испуштиме предвид разидувањето во НФП и нејзиното распаѓање.[98] Во меѓувреме дошло до разидување помеѓу Јане Сандански, Христо Чрнопеев и Петар Поп Арсов.[99] Овие причини придонеле поранешните дејци на НФП, за време на изборите од 1912 год. да се најдат на спротивни страни. Така, Димитар Влахов се нашол на опозиционата листа за Солунскиот вилает, Јане Сандански бил на владината листа, Димитар Мирчев својата кандидатура ја поднел како независен во Солунско, а Поп Арсов се нашол на опозиционата листа во Скопје.[100]

Градот Скопје за време на изборите бил поделен на 1[illegible] изборни секции кои требало да исфрлат 23 гласници (избирачи од втор степен).[101] Кандидатурата на Поп Арсов во Скопје била истакната и подржана од повеќе истакнати велешки општествени дејци.[102] Во предизборната кампања во Скопје тој имал средба со Димитар Влахов кој, од своја страна, го заштитил Поп Арсова пред Скопскиот изборен комитет.[103] Конечно, кандидатурата на Поп Арсов била потврдена на собирот на изборните комисии за Македонија и Одринско што се одржал во Солун на 06.03.1912 година.[104]

Изборите во Скопскиот санџак конечно завршиле на 12.04.1912 година кога се завршиле изборите во самиот град. Според официјалните резултати, Младотурците повторно ги добиле изборите со 115 гласови, наспроти

---

[95] М. Пандевски, Македснското ослободително дело..., Т. IV, 391.

[96] АМ, "БТА" – Скопје, к. III, № 249, 20.03.1912.

[97] М. Пандевски, цит. дело, 53.

[98] Исто, 196 – 221.

[99] АМ, "БТА" – Скопје, к. III, № 114.

[100] Изборната борба, Гласъ бр. 54, Цариградъ 29.03.1912, 1.

[101] АМ, "БТА" – Скопје, к. III, № 249.

[102] Д. Влахов, Спомени..., 243.

[103] Исто.

[104] Изборната борба, Гласъ бр. 49, Цариградъ 15.03.1912, 1.

опозицијата која имала освоено 85 гласови.[105] Владината листа во Скопскиот изборен санџак ја сочинувале: Јусуф-беј, Али–Шефки–беј, Т. Паскалов и Спиро Ристиќ. Според официјалните податоци, од опозиционата листа најголем број гласови освоил Петар Поп Арсов (вкупно 88).[106] Распоредот на гласовите што ги освоил Петар Поп Арсов по кази изгледа вака: Скопје – 40, Штип – 2, Пехчево – 3, Кочани – 0, Велес – 10, Радовиш – 0, К. Паланка – 3, Кратово – 8, Качаник – 9 и Куманово – 13.[107]

Ако се има предвид дека владеачката партија во свои раце го имала сиот апарат за принуда и сите можности за лажирање на изборите, тогаш сосема е јасно зашто Петар Поп Арсов и овој пат не успеал да стане народен пратеник. Самиот факт што тој освоил најголем број гласови на опозиционата листа доволно зборува за неговиот углед во Скопскиот изборен санџак кој бил на мошне завидно ниво.

---

[105] Исто, бр. 63, 19.04.1912, 2.

[106] Исто. Распоредот на гласовите за сите кандидати во Скопскиот изборен санџак бил следниот:

Владина листа: Јусуф–беј – 119; Али–Шефки–беј – 116; Т. Паскалов – 115; С. Ристиќ – 109.

Опозициона листа: Петар Поп Арсов – 88; Саид–хоџа – 86; Т. Павлов – 85 и Сали–беј – 82.

[107] Исто.

# IX

# НИЗ МАКЕДОНСКИТЕ СУДБИНИ

1. Додека Петар Поп Арсов во времето на младотурското владеење вложувал напори за црковно–просветна, културна и политичка еманципација на македонскиот народ, соседните балкански аспиранти кон Македонија ги забрзале подготовките за поделба на отоманското наследство на Балканот, и обврзувајќи се со меѓусебни договори го создадоа т.н. "Балкански сојуз".[1]

По формално упатениот ултиматум од страна на сојузниците до Високата порта за воведување реформи во корист на христијанското население во европскиот дел на Империјата[2] и прекинувањето на дипломатските односи меѓу сојузниците од една, и Османската империја од друга страна,[3] сојузниците, на 18.10.1912 год. ја објавија војната.

Во виорот на Првата балканска војна Поп Арсов го напушта Скопје и се повлекува во Велес[4] кој веќе бил окупиран од српските војски[5] и каде што била воспоставена привремена српска власт додека не се организира вистинскиот српски државен апарат.[6] Уште првата вечер по влегувањето на српската војска во Велес, истакнатиот велешанец д–р Панче Васков поканил на вечера една група српски офицери и неколку видни сограѓани, меѓу кои: Петар Поп Арсов, Ризо Ризов, Иван Поп Јорданов, Алексо Мартулков и други.[7] Во оваа пригода А. Мартулков одржал поздравен говор за српските гости и притоа рекол: "Балканскиот сојуз во време на војната нека прерасне во иднина во Балканска федерација – единствена гаранција за заштита на интересите на балканските народи и нивно независно и самостојно постоење".[8] Таквиот истап на Мартулков не ги задоволил српските офицери, па затоа веднаш по нивното заминување, Р. Ризов и

---

[1] И. Е. Гешовъ, Балканскиятъ съюзъ, Спомени и документи, София 1915, 73 – 89; С. Скоко, Други Балкански рат 1913, Т. I. Београд 1968, 365 – 399; П. Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна 1912 – 1918, Скопје 1969, 24 – 36; П. Стојанов, Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912 – 1913, Скопје 1979, 61 – 82.

[2] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II, 745 – 755.

[3] П. Стојанов, Македонија во политиката на големите сили..., 144.

[4] Б. Ристовски, Педесет години од смртта на Петар Поп Арсов – идеолог на револуцијата, "Нова Македонија", Скопје 04. 01. 1991, 9.

[5] А. Мартулков, Моето учество..., 244.

[6] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II, 771– 773.

[7] А. Мартулков, Моето учество..., 244–245.

[8] Исто, 245.

Ј.П. Јорданов му забележале на Мартулков дека во такви ситуации треба "подипломатски да се зборува".[9] На сето ова Петар Поп Арсов остро реагирал и рекол: "Во вакви сублимни моменти какви што сега ги преживуваме не треба да си ги закопаме главите во песок и да не гледаме од каде иде бурата. Нека ја имаме смелоста да го кажеме она што треба да го кажеме а ,Бисмарк' (А. Мартулков б.н.) сега го рече тоа што треба да се рече".[10]

Набргу по воспоставувањето на привремената српска власт, во Велес бил направен обид и за воспоставување на бугарска администрација во управата на градот и околијата.[11] Таквата бугарска постапка во голем степен придонела за заострување на српскиот режим во градот, а особено кон поранешните македонски револуционери. Бугарскиот обид за воспоставување на сопствена администрација во Велес, од друга страна, дури и пред најнеупатените сосема јасно ги обелоденил нивните "ослободителни планови". Сега сите почнале да "сфаќаат дека македонскиот народ е излаган, бидејќи се спрема ново и потешко ропство".[12]

Србите по секоја цена настојувале да го убијат Поп Арсов зашто тој своевремено се спротивставил на нивната пропаганда во Азот.[13] За да се избегне евентуалниот ризик по неговиот живот се погрижил Ризо Ризов кој тајно го спровел во куќата на Ангел Коробар каде што отседнал 15 дена.[14] Оттука, Петар Поп Арсов се зафатил со организирање на еден семакедонски собир[15] на кој требало да се разгледа новонастанатата ситуација во Македонија и да се преземат соодветни активности, а во најмала рака да се бара автономија на Македонија.[16] За полесно остварување на целта, Петар Поп Арсов сметал дека начелно е потребно да се обезбеди консензус помеѓу припадниците на сите идејно–политички групации и струења во Македонија, па отпосле заеднички да се истапи. За тоа му биле потребни 15 дена.[17]

Во тие трагични денови за македонскиот народ, специјално од Русија, кон Македонија тргнал Димитрија Чуповски. Тој, преку Софија–Ниш–Скопје[18]

---

[9] Исто, 246.

[10] Исто.

[11] Исто, 254–256.

[12] Р. Ризов, Страници от миналото. "Ние езици ще режим", "Македонско дело" I/9, 10. 01. 1926, 5.

[13] Според искажувањето на Марија Коробар од март 1971, Б. Ристовски, Димитерија Чуповски 1878 – 1940, Т. II, Скопје 1978, 48.

[14] Исто, 45.

[15] "Нова Македонија" XX/5998, Скопје 30. 06. 1963, 2.

[16] Р. Ризов во врска со тоа вели: "Тие мисли беа созреани во нас и го бараа својот израз" [Р. Ризов, Страници от миналото..., 5–6].

[17] Б. Ристовски, Д. Чуповски..., Т. II, 45.

[18] Р. Ризов, цит. напис, 5.

пристигнал во Велес и најпрвин го побарал Петар Поп Арсов. По неговото пристигање во Велес, на 21.11.1912 година, се одржал планираниот собир од страна на Петар Поп Арсов.[19] Тоа се случило во куќата на Ангел Коробар, а празникот "Свети Архангел" и именденот на домаќинот Ангел послужиле како одлична камуфлажа за да се одбегне секаков сомнеж на српските власти за таквото собирање.[20] Собирот бил отворен и раководен од страна на Петар Поп Арсов.[21] На него присуствувале и: Иван П. Јорданов, Р. Ризов, Д. Чуповски,[22] врховистот Крум Зографов кој бил придружен уште од двајца врховистички претставници од штипско или кочанско, еден приврзаник на П.П. Арсов и Чуповски од костурско,[23] Алексо Мартулков и други.[24] Претставниците од Серес и Драма кои биле планирани за присуство, не можеле да дојдат поради воените дејствија во нивниот регион.[25] По воведното излагање на Петар Поп Арсов, збор зел Димитрија Чуповски. Тој ги запознал присутните дека "поделбата на Македонија е решена"[26] од страна на сојузниците и затоа инсистирал да се преземат мерки таа да остане самостојна.[27] Воедно, предложил да се поднесе еден меморандум до големите сили во кој ќе се изнесат барањата на македонскиот народ за самостојна Македонија[28] и да се испрати една македонска делегација во Лондон која, пред големите европски сили, ќе пледира за автономија на Македонија под протекторат на големите сили.[29]

Оваа концепција уште на стартот на собирот наишла на остро спротивставување кај врховистичките претставници. Нивниот предводник Крум Зографов заканувачки рекол: "Јазиците ќе ви ги исечеме, само ако некој да рече самостојна Македонија". Слично на него, другите двајца врховистички претставници изјавиле: "Нема да дозволиме самостојна Македонија".[30] После таквото нивно истапување Петар Поп Арсов им се обратил со зборовите: "секогаш сте биле гробари на Македонија и сега вие сте гробари нејзини".[31] По вербалниот дуел, врховистите го напуштиле собирот. Нивната активност всушност била координирана од велешанецот Димитрија Кушев кој живеел во Софија, а во моментот дошол во Велес за

---

[19] Б. Ристовски, Педесет години од смртта на Петар Поп Арсов..., 9.
[20] Б. Ристовски, Д. Чуповски..., Т. II, 45.
[21] Исто, 46.
[22] Р. Ризов, цит. напис, 5–6.
[23] Б. Ристовски, Д. Чуповски..., Т. II, 46.
[24] А. Мартулков, Моето учество..., 265 – 266.
[25] Б. Ристовски, цит. дело, 266.
[26] Р. Ризов, цит. напис, 5.
[27] Б. Ристовски, цит. дело, 46.
[28] Исто.
[29] А. Мартулков, цит. дело, 265.
[30] Б. Ристовски, цит. дело, 46.
[31] Исто.

да ја следи и попречи дејноста на Димитрија Чуповски, а со тоа да се "зачува Македонија за Бугарија".[32] Поради можноста од предавство на врховистите што го напуштиле собирот, останатите учесници биле принудени да ја напуштат куќата на Ангел Коробар. Тие сите, во текот на ноќта, еден по еден, а Петар Поп Арсов дури наредниот ден, биле префрлени од Ризо Ризов во куќата на Јован Чуповски (братучед на Д. Чуповски).[33] Тука се одлучило да се прошири започнатата акција на територијата на цела Македонија. За таа цел било решено Ризов да замине за Солун, а потоа и во Битола[34] за да ги запознае тамошните револуционери со предлогот за испраќање на една македонска делегација на Мировната конференција во Лондон.[35] Собирот истовремено одлучил во составот на делегацијата да влезат Димитрија Чуповски и Петар Поп Арсов и дека тие треба да отпатуваат за Лондон и Париз.[36]

Согласно со решенијата од собирот, Ризов отпатувал за Солун. Меѓутоа, таму не успеал да се сретне ниту со еден од серските револуционери. Единствено за таа цел разговарал со некогашниот гемиџија Павел Шатев. Нему му ги изложил плановите, а тој од своја страна ветил дека за идејата ќе привлече и други луѓе.[37] Преку него, Ризов се сретнал и со професорот Јордан Иванов. Тој, откако ги ислушал плановите на Ризов, одговорил во познатиот стил дека за зборот "автономија" ќе се сечат јазици и дека само поради тоа во бугарската армија биле пуштени 20.000 детективи.[38] Тоа сосема го поразило Ризов зашто знаел чии мисли и зборови пренесува професорот Јордан Иванов. Поради тие причини тој го напуштил Солун[39] и се вратил во Велес "како што се враќа човек од погреб на најсаканото суштество".[40] Во меѓувреме Димитрија Чуповски насетил дека е следен и се вратил назад во Русија.[41]

---

[32] Р. Ризов, цит. напис, 6.

[33] Српските окупациони власти, откако разбрале дека во куќата на поп Јован Чуповски се држел таков собир, набргу потоа го фатиле Јована, го исекле на парчиња и го фрлиле во Вардар [Б. Ристовски, Педесет години од смртта на Петар Поп Арсов..., 9].

[34] Р. Ризов, цит. напис, 6.

[35] А. Мартулков, цит. дело, 266.

[36] Македонија и односите со Грција, Совет за проучување на југоисточна Европа, Скопје 1993, 45.

[37] Р. Ризов, цит. напис, 6.

[38] Исто.

[39] Во тоа време во Солун се наоѓал познатиот руски политичар и државник П. Милјуков. Тој подоцна, во еден напис објавен во в. "Рѣчь" соопштува дека во декември 1912 год., истакнати македонски револуционери предале писмен протест до бугарскиот престолонаследник кој тогаш се наоѓал во Солун, со кое барале "единствено автономна Македонија" [Б. Ристовски, Портрети и процеси, Т. III, Скопје 1990, 152; Ризо Ризов, во веќе цитираниот напис потврдува дека бугарскиот престолонаследник Борис во тоа време престојувал во Солун а во негова придружба биле Тодор Александров и проф. Јордан Иванов.

[40] Р. Ризов, цит. напис, 6.

[41] Исто.

2. Ако во Македонија Чуповски немаше поволни услови за широка акција, таа можност му се укажа во Санкт Петербург. Таму, предводејќи ја македонската колонија, ја ширел вистината за Македонија настојувајќи да ја убеди руската и европската јавност и нивните дипломатии во неопходноста од потребата за самостојна и независна Македонија.

Во согласност со одлуките од собирот во Велес, македонската колонија во Санкт Петербург на 01.03.1913 година упати "Меморандум за независноста на Македонија до конференцијата на пратениците на големите држави во Лондон".[42] Со него се бара: 1. Македонија во своите географски, етнографски, историски и економско–политички граници да стане единствена, неделива, независна балканска држава; 2, Во најскоро време, да се свика врз основа на општо гласање македонско народно собрание во Солун, кое подробно ќе го разработи внатрешното устројство на државата и ќе ги определи своите односи со соседите.[43]

Во меморандумот, на големите сили отворено им се дава на знаење дека "Не е далеку оној злокобен час..., кога Македонците отворено ќе му кажат на целиот свет: ,подобро да умреме во борбата за својата слобода, отколку да живееме одново во ропство'".[44]

Во прилог на поднесениот меморандум, Д. Чуповски во својата статија "Македонската држава" објавена во в. "Славянин", меѓу другото пишува: "Македонскиот народ не може да се помири со таа положба што му ја готват ,ослободителите'"[45] и дека мислата искажана во меморандумот "е мисла на целиот македонски народ".[46]

Македонската колонија во Санкт Петербург испратила меморандум со иста содржина и до владите и општественото мнение на сојузените балкански држави.[47] Во него, покрај барањето за независна македонска држава, се изнесува и барањето за воспоставување на автокефалноста на Охридската црква која ќе влезе во канонско единство со другите православни цркви.[48]

Окупаторските власти во Македонија будно ја следеле секоја активност на Македонците во Македонија и во странство, а особено внимание полагале на евентуалните патувања во странство. Македонската колонија во Санкт Петербург била информирана за тие настани и во врска

---

[42] "Македонски глас", Орган на приврзениците на независна Македонија, 1913 – 1914, превод: Павле Бидев, Скопје 1968, 56–58.

[43] Исто, 58.

[44] Исто, 57 – 58.

[45] Документи за борбата на македонскиот народ..., Т. I, 556.

[46] Исто, 555.

[47] "Македонски глас"..., 52 – 55.

[48] Исто, 55.

со тоа во својот меморандум од 01.03.1913 год. пишува: "Сега во Македонија владее ужасен терор ,слободата' на сојузниците нема граници, никој од Македонците нема право да отпатува од Македонија во странство за да протестира кај европските држави. Кој ќе се обиде тоа да го стори, него или го убиваат или го ставаат в затвор".[49]

Поради таквата состојба во земјата, Петар Поп Арсов не можел да ја напушти Македонија и да му се придружи на Д. Чуповски за заеднички настапи низ Европа. Сепак, тие двајцата биле во меѓусебна преписка. Доказ за тоа е една картичка од 19.06.1913 год. испратена од Димитрија Чуповски за Петар Поп Арсов преку виднио руски учен и пријател на Македонците – Василие Василевич Водовозов.[50] Имено, тој требало да пропатува низ Македонија и да се запознае со состојбите во неа. Затоа, Чуповски својата картичка за Поп Арсов ја испратил по него и во неа го замолува Поп Арсов да му укаже секакво содејство на Водовозов. Во исто време, Чуповски го прашува Поп Арсов: "Што правите таму?" и му вели дека се уште го чека и го замолува да излезе надвор од земјата, па макар Поп Арсов и сам да замине. Чуповски, во исто време, го известува Поп Арсов дека не треба да се грижи за пари зашто тој ги прифаќа врз себе сите разноски надвор од границите на Македонија.[51] Водовозов ја посетил Македонија во јули, но не го нашол Поп Арсов. Така, картичката останала во неговата архива.[52] Во тоа време Петар Поп Арсов едвај успеал да си ја спаси главата од српските власти со бегство во Бугарија. Разочаран од состојбите во Македонија, и под притисок на Србите, тој морал да ја напушти својата родна грутка.[53] Таму, во текот на 1914 година, станал учител во прогимназијата во Костенец.[54]

3. Балканските војни и поделбата на Македонија, која беше санкционирана со Букурешкиот мировен договор,[55] не само што го раскина живиот македонски организам во територијален поглед, туку истовремено го разнебити и деморализира македонското национално ослободително движење. Во услови на поделена Македонија, најголемиот број македонски дејци, меѓу кои и Петар Поп Арсов, преминале на територијата на Бугарија. Тој таму морал да ја докажува својата граѓанска лојалност за даденото "гостопримство" за да може да ја обезбеди својата материјална егзистиенција како учител во Костенец. Таму почнал да работи во прогимназаијата од 1914 година.[56] Разочаран од трагичниот расплет на

[49] "Македонски глас"..., 57.

[50] Б. Ристовски, Педесет години од смртта на Петар Поп Арсов..., 9.

[51] Исто.

[52] Исто.

[53] Л. Томовъ, Петъръ попъ Арсовъ, Ил. Илинденъ, XIII/1 (121), София 1941, 7.

[54] Ср. попъ Петровъ, Поменъ за Петъръ п. Арсовъ..., 13.

[55] Документи за борбата на македонскиот народ..., 572 – 574.

[56] Български исторически архив при народната библиотека "Кирил и Методи" – София (БИА), Ф. 808, а.е. 467, л. 494.

македонското прашање и притиснат од полицискиот надзор, Петар Поп Арсов привремено ја пасивизирал својата револуционерна активност и мирно и се оддава на просветната дејност.

Двете балкански војни, пропратени со Лондон и Букурешт, не биле сето разочарување што го доживеал Поп Арсов и сиот македонски народ. Несоземени од овој шок, за само неполна година претстоел друг – почетокот на Првата светска војна. Во тоа време Македонија буквално стана монета за балканско поткусурување меѓу Централните сили и Антантата. Тие, познавајќи ги незаситните бугарски апетити кон Македонија, низ разни варијанти на понуда, се обидувале да ја придобијат Бугарија на своја страна.[57] Во овој подготвителен период на Бугарија за војната, им бил нанесен уште еден сериозен удар на приврзаниците за независна и самостојна Македонија со убиството на Јане Сандански. Со влегувањето на Бугарија во војната, и со создавањето на Македонскиот фронт,[58] Македонија станала арена на крвави судири помеѓу Централните сили и Антантата, во чии рововски позиции меѓусебно се истребувале и самите Македонци.

4. Крајот на Првата светска војна и претстојната мировна конференција претставуваат нов момент на надежи и исчекувања за македонскиот народ во трите делови на Македонија. Во тоа време особена афирмација и актуелизација добила старата идеја на МРО за автономна Македонија. Така на пример, католичката милосрдна сестра во Солун, Августина Бевике, во едно писмо до британскиот дипломат Јан Малколм од 04.01.1919 година, во врска со автономистичкото расположение што владеело во Солун и неговата околија пишува: " – Жителите во Македонија во големо мнозинство се Словени; Тие самите сега се викаат Македонци и имаат желба... за една автономија под европска контрола. И кога и да било Македонија може да биде разделена, но народот секогаш ќе остане незадоволен и ќе се бори против тоа. Неговата единствена надеж,... е колку е можно поскоро да биде во една силна автономија, која ни Грците, ни Бугарите, ни Србите не ќе смеат да ја нападнат".[59]

Слично расположение било констатирано и од Командата на граничните единици на Кралството СХС и во делот на Македонија под српска власт. Во врска со тоа се вели: "Народот во своето мнозинство верува дека сегашната положба нема да остане, туку Македонија сигурно ќе биде автономна". Велешани сметале дека "оваа автономија на Македонија треба да ги опфати целиот српски, грчки и бугарски дел на Македонија – од Качаник и Шар Планина до реката Струма. Центарот би бил Солун. Се

[57] П. Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна..., 273 – 291.

[58] Исто, 291 – 319.

[59] Х. А. Полјански, Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919 година, Скопје 1973, 75.

верува дека Америка сестрано ќе ја помогне оваа акција. Според истото, во автономна Македонија, во спогодба со Америка, три години би требала да биде стационирана американска војска и полиција со своја централа во Солун, потоа Американците би се повлекле, а Македонците би образувале своја војска, полиција и останати власти..."[60]

Македонското автономно знаме, во делот на Македонија под бугарска власт, и воопшто во Бугарија, било кренато од старите дејци на МРО од Серскиот револуционерен округ. Од нивно име, а преку перото на Димо Хаџи Димов, во октомври 1918 год. излезе во јавноста познатата Декларација за разрешување на македонското прашање од дејците на бившата серска револуционерна организација.[61] Во неа се истакнува дека "Македонија треба да се воспостави во соодветните нејзини географски граници и главно врз базата: Солун, Вардарската долина, Скопје и Битола да си имаат свој природен географски и стопанско-економски хитерланд".[62] За така востановената држава во декларацијата се предвидува државно уредување по примерот на Швајцарија.Ставовите на серчани подробно биле елаборирани во брошурата на Хаџи Димов "Назад кон автономијата".[63]

Оваа Декларација послужила како појдовна основа во преговорите на оваа група со останатите живи дејци на поранешната Внатрешна организација во Западна Македонија. Таа истовремено станала платформа за нивна заедничка натамошна активност. Нивното сплотување веројатно било ажурирано од дејноста на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија и ВМРО на Тодор Александров и Александар Протсѓеров, кои со посебни меморандуми се обратиле до Мировната конференција во Париз за присоединување на Македонија кон Бугарија.[64] Во такви околности, обединетите македонски сили, чија главна цел била воспоставување на автономија во Македонија, на 09.03.1919 год. го објавиле својот "апел кон македонското население и кон емиграцијата во Бугарија".[65] Во него остро се осудува политиката на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија и му се оспорува правото да ги изразува желбите, интересите и стремежите на македонската емиграција во Бугарија и на Македонците воопшто.

---

[60] И. Катарџиев, Борба до победа..., Т. II, 22.

[61] Д. Х. Димов, Одбрани дела, книга втора, (избор, предговор и редакција М. Пандевски, Скопје 1984, 139 – 150.

[62] Исто, 139.

[63] Исто, 151 – 234.

[64] Љ. Лапе, Идејните основи на привременото претставништво на бившата обединета внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Париската мировна конференција 1919 година, Историја IX/2, Скопје 1973, 56 –57.

[65] Апелъ къмъ македонското население и къмъ емиграцията въ България, АО ИНИ, Ф. Никола Киров Майски, Документи за делото в строя за Македония, сл. IV, 242/II, док. № 7.

Во апелот, во четири точки, сублимирано се изнесени основните барања на Привременото претставништво на поранешната ВМРО, за целоста, државноста, самостојноста и меѓународната гаранција на Македонија како постојан и рамноправен фактор на Балканот.[66] Во суштина се барало:

1. Македонија да се зачува цела и неделива како самостојна политичка единица на Балканот во нејзините природни и географски граници врз базата: Солун како општ центар на Вардарската долина, и со Скопје и Битола, со нивните стопански и економски позадини.

2. Македонија да добие солидни меѓународни гаранции за својот постојан неутралитет и да биде под меѓународна заштита од секакви завојувачи од надвор, за да може, при така гарантираното постоење, да го заземе своето скромно место во идното семејство на народите, ако и биде одредено такво. Под овие кристално јасни барања се најдоа потписите на повеќе од дваесетина поранешни истакнати раководители на ТМОРО, меѓу кои: Ѓорче Петров, Петар Ацев, Туше Делииванов, Анастас Лозанчев, Таската Спасов–Серски, Д. Х. Димов, М. Герџиков и др. Меѓу нив бил и еден од основоположниците на МРО – Петар Поп Арсов.[67]

Презентирањето на барањата за автономна Македонија на Париската мировна конференција, Привременото претставништво го доверило на Пол Христов – викар во унијата во Тракија.[68] За пропагирање на идејата за автономна и самостојна Македонија, Привременото претставништво од 11.04.1919 год. почнало да го издава својот "Билтен" што во исто време бил и негов официјален орган.

Во четвртиот број на Билтенот се појави статијата на Петар Поп Арсов "Распни ја!".[69] Поп Арсов во оваа статија, откако ја изнесува трагедијата што ја доживеала Македонија за времето на Богомилството и Цар Самоил, изнесува верување дека "културното човештво во лицето на своите корифеи–пороци во Версај, нема да допушти... трагедија... по втор пат врз целата провинција (Македонија б.н.)... само затоа што сите околу неа викаат ,Распни ја!'.[70] Истовремено тој порачува: "– Не распнување, не гробишта, туку престол над престолите – седиште на општеството на народите заслужува да биде таа (Македонија б.н.) прва големомаченица за триумф на европската христијанска правда – ако, се разбира, историјата и заслугите ќе влијаат при изборот на резиденцијата на свеста на народите!!".[71]

---

[66] Исто.

[67] Исто.

[68] Љ. Лапе, Идејните основи на..., 70 – 76.

[69] П. п. Арсовъ, Разпни я! Бюлетинъ..., № 4, 6 –7.

[70] Исто, 6.

[71] Исто.

Петар Поп Арсов гледа само три вистини за Македонија, и тоа:

1. Македонија, каде што навистина се извршија најголемите престапи против цивилизацијата и човештвото, не само што не е виновна за тоа, туку таа е жртва. Престапници се тие коишто го сакаат нејзиното раскинување...

2. Македонија, која граничи со сите балкански држави и го зазема срцето на Полуостровот, претставува наполно заокружена географско–историска целина која не може да се дели врз основа на никаков принцип. Таа има природни граници што ја делат од сите балкански држави – високи до небото: Шар и Пирин, Осоговските планини и Галичица, и широкото Бело Море. Зад тие предели ниту една од балканските држави нема други интереси, освен – амбиции, романтизам и империјализам!

3. Дележот на Македонија е убиство на еден жив организам создаден од природата и вековите... Дележот на Македонија ќе биде срам, укор за дипломатијата, ако таа навистина сака да стави ред на Балканот, во што не треба да има сомнеж. Зашто ред на Балканот може да се стави само при зачувување на целоста и самостојноста на Македонија. Инаку, никогаш.[72]

На крајот, Петар Поп Арсов заклучува дека "Македонија ако ја немаше, би требало дипломатијата да ја создаде – за доброто на Балканот", и дека доколку биде допуштен дележот на Македонија тоа "ќе биде вечна дамка за цивилизацијата и за Версај".[73]

Во 8от број на Билтенот се појави уште една статија на Поп Арсов под наслов "Потеклото на револуционерното движење во Македонија и првите чекори на Солунскиот ,комитет за придобивање политички права на Македонија дадени и од Берлинскиот договор'".[74] Во неа Петар Поп Арсов прави историски преглед на политиката и аспирациите на двете најзаинтересирани големи сили кон Македонија, Австро–Унгарија и Русија, од времето на големата Источна криза, и заклучува дека од нивната политика биле инспирирани аспирациите на соседните балкански држави кон Македонија, наместо македонското прашање "да остане чисто македонско".[75] Затоа, "оние кои беа непосредни сведоци на пеколната состојба во Македонија и водеа сметка за географските, етнографските, стопанските и другите особености на таа земја", со лозунгот "Далеку од Бугарија!"[76] ја формирале Македонската револуционерна организација.

Написите во Билтенот со пропагирањето на идејата за самостојна независна Македонија ја предизвикале бугарската влада да го забрани

[72] Исто.

[73] Исто, 6 – 7.

[74] П. П. Арсов. Произходъ, Бюлетинъ..., № 8, 2 – 3.

[75] Исто, 2.

[76] Исто, 3.

неговото понатамошно излегување по неговиот десетти број од 27.08.1919 година.[77]

Идеалите и желбите на Петар Поп Арсов и на сите сонцељубиви Македонци не биле остварени ниту на Париската мировна конференција, зашто таа се одвивала под диктатот на победниците кои не воделе никаква сметка при распарчувањето на Македонија. Сепак, Привременото претставништво остана со убедување дека "идеалот на еден народ не може да биде згазен за вечни времиња".[78]

Во меѓувреме, поради внатрешните разидувања во самото Претставништво,[79] Петар Поп Арсов ја пасивизирал својата активност во него,[80] како и некои други членови. Набргу потоа уследило и самораспаѓањето на Претставништвото.

---

[77] Љ. Лапе, Идејните основи..., 86.

[78] Исто, 89 – 90.

[79] Исто, 83 – 94.

[80] И. Катарџиев, Борба до победа..., Т. I, 146.

# X

# ВРЕМЕ НА МОЛЧЕЊЕ

По санкционирањето на делбата на Македонија на Париската мировна конференција, кај Петар Поп Арсов настапува период на повлекување од јавниот и политичкиот живот, и затворање во себе. Таквото нагло самоповлекување најверојатно било резултат на неговата разочараност од расплетот на македонската трагедија, потоа, од теророт што завладеал во Бугарија што систематски го спроведувале "десничарските" македонски сили, и можеби поради замор.

Засега немаме поопипливи докази што ќе докажат некоја негова особена активност во овој период, или барем ќе ги дадат причините за неговата пасивност.

Во тоа време, Петар Поп Арсов и натаму останува на работа во Костенец, во нижата прогимназија, наизменично и како наставник, и како инспектор. Костенец е единственото место каде што тој се задржал толку долго (16 години) за време на својот живот т.е. од (1914 до 1930) кога тој се пензионирал.[1]

Во близината на Костенец имал купено мал имот со викендичка. Тоа било единственото место каде што можел душевно да се одмори. Во тоа му помогнале пределот и околната природа, бидејќи многу го потсетувале на родната Богомила.[2]

Иако на работа во Костенец, тој често пати патувал за Софија каде што се среќавал со своите стари познаници. Така, Алексо Мартулков си споменува за една средба со него во 1920 год. во Софија кога Поп Арсов, меѓу другото, рекол: "Ние имаме голема одговорност пред историјата, оти не бевме решителни... за една решителна борба против врховизмот, ами се маткавме во една магловитост, без една прецизна и строго определена принципиелна тактика во однос на нашите национални интереси... (па б.н.) се дојде до оваа катастрофа".[3]

Петар Поп Арсов во Костенец минал повеќегодишен самотнички живот.[4] Меѓутоа, тој не се чувствувал осамен зашто неговиот дом бил широко

---

[1] Български Исторически Архив (БИА) при Народната Библиотека "Кирил и Методи" – София, фонд 808 – Сребрен Поп Петров, а.е. 467, л. 494.

[2] Според искажувањата на Стамен Поп Арсов.

[3] А. Мартулков, Моето учество..., 228.

[4] Л. Томовъ, Петъръ попъ Арсовъ..., 7.

отворен и претставувал еден вид "манастир" каде што сите родољуби и чесни Македонци доаѓале како на "поклонение".[5] Ако се има предвид судбината што ги стигнала неговите стари соборци и сомисленици, тогаш нормално е дека треба да го прифатиме оправданиот страв што владеел кај него, па затоа кон сите се однесувал "внимателно, резервирано, речиси недоверливо".[6]

Се чини дека во овој период на повлеченост тој ја напишал својата алегорична поезија под наслов "Бабуна, Велика македонска планина"[7] за чијашто потрага и проучувања допрва треба да се вложат усилби, особено од нашите историчари на книжевноста.

Во меѓувреме Петар Поп Арсов се оженил со некогашната учителка од Солунската женска егзархиска гимназија, Христина Начева. Тој останал со неа до крајот на животот.[8]

По пензионирањето во 1930 година тој, за последен пат во животот, се преселува, и тоа трајно, во Софија, со стан на улица "Маловица" бр. 3.

Во последните години од животот тој го зема кај себе на живеење неговиот внук Никола и снаата Верка од брат му Андреа Поп Арсов. Пред нив тој постојано зборувал за македонската трагедија, притоа инсистирајќи никој од нив и од неговиот подалечен род да не се занимава со политика.[9]

Поп Арсов останал совршено скромен до крајот на својот живот недозволувајќи некој да го пофали, па дури и ретко излегувал од дома за да не помисли некој дека со расшетувањето сака да се препорачува во некои средини.[10] Сребрен Поп Петров за неговите карактерни особини запишал: "Тоа што го велиме за него по неговата смрт, тој не би дозволил да му се кажува додека беше жив, за да не се протолкува како пофалба, мразеше да го фалат".[11]

Има индиции кои укажуваат дека Петар Поп Арсов кон крајот на својот живот бил во врска со Македонскиот литературен кружок во Софија. Инаку, како би можеле да го објасниме присуството на споменатиот кружок во полн состав на неговиот погреб.[12]

И покрај преголемата скромност и желбата да остане анонимен, неговото име не останало заборавено кај младите македонски генерации.

---

[5] БИА, Ф. 808, а.е. 467, л. 493.
[6] Според искажувањата на Никола Поп Арсов пред Стамен Поп Арсов.
[7] БИА, Ф. 808, а.е. 467, л. 493.
[8] Л. Томовъ, Петъръ попъ Арсовъ..., 7.
[9] Според искажувањата на Стамен Поп Арсов.
[10] БИА, Ф. 808, а.е. 446, л. 493.
[11] С. П. Петров, Поменъ за Петъръ п. Арсовъ..., 13.
[12] Б. Ристовски, Педесет години од смртта на Петар Поп Арсов..., 9.



*Смртниот одар на Петар Поп Арсов*

Така на пример, прилепските ученици, при една побуна во 1922 год. против српскиот денационализаторски режим во училиштата, меѓу другото истакнале: "...Ние децата на Македонија ќе се бориме... па макар нашата родна земја да стане прав и пепел. Зашто ние го чуваме заветот од македонските апостоли... Нашето училиште каде некогаш учители биле Даме Груев, Петар Поп Арсов и Пере Тошев ние нема да дозволиме да се претвори од вас во шеитан".[13]

Животната приказна на Петар Поп Арсов завршува по неговото кратко боледување на 1[ви] јануари 1941 година во 14 часот попладне во неговиот стан.[14] Неговите земни останки биле изложени во црквата "Св. Седмочисленици" во Софија на 02.01.1941 год. од 10 часот претпладне. Опелото се извршило во 16 часот истиот ден[15] во присуство на голем број негови пријатели, познаници и почитувачи.[16] При неговиот погреб прошталнa реч

[13] Македония, Сборник от документи и материяли..., 673.

[14] Скръбна вестъ, АО ИНИ, Ф. II, 1433.

[15] Исто.

[16] Л. Томовъ, Петъръ попъ Арсовъ..., 7.

одржал претседателот на Илинденската организација Лазар Томов[17] нечесно додавајќи му бугарски колорит. Веднаш по него, непредвидливо се појавил Ангел Динев кој притоа рекол дека претходниот говорник се исплашил да ја каже вистината и да го претстави неговиот вистински лик.

Меѓу другото, Ангел Динев рекол: "Ти беше редактор на... "Лоза"... што се бореше за својата македонска народносна свест. Ти имаше голема желба да се работи во правец од простонародниот македонски говор да се создаде литературен македонски говор... Ти работеше да се подигне националната свест на Македонците, и се бореше против бугарските, српските и грчките пропаганди кои во своите стремежи да не асимилираат меѓусебно се караа".[18]

---

[17] Исто.

[18] Ангел Динев, Спомени и силуети из политическия живот на България, Скопие 1950, (ракопис) во Архивот на МАНУ во Скопје, Ф. "Ангел Динев", к. III.

# ЗАКЛУЧОК

1. Името и делото на Петар Поп Арсов длабоко се вткаени во историјата на македонското националноослободително движење. Петар Поп Арсов на македонската историска сцена се појавил во времето кога во Македонија постоеле реални општествено–економски и политички претпоставки за појавување на организирано националноослободително движење. Неговата активност директно била инспирирана и условена од постојните околности.

Во втората половина на XIX век Османската империја се наоѓала во длабока општествено–економска и политичка криза која ги зафатила сите сфери од животот во Македонија како составен дел на Империјата. Во исто време, македонскиот народ бил национално, политички, економски, културно и духовно обесправен. Националното обособување на македонскиот народ било попречувано и од разгранетиот систем на црковно-просветните пропаганди на соседните балкански држави во Македонија.

Во таков сплет на околности се изградувала младата генерација македонски интелектуалци кои длабоко проникнале во желбите и стремежите на сопствениот народ и станале нивни вистински изразители. Во тешката македонска атмосфера, а под влијание на револуционерно-демократските идеи, Петар Поп Арсов ги оформил своите погледи кон светот.

Со севкупната своја активност, која била рапространета на повеќе полиња, Поп Арсов го забрзал процесот кон национално и државно конституирање на македонскиот народ.

2. Првото бунтовно истапување кај Петар датира од неговата рана младост и е насочено против бугарската просветна политика во Македонија. Имено, тоа се случило за време на нередите во Солунската егзархиска гимназија од 1887/88 учебна година. Првобитно, настанало подвојување меѓу наставниот кадар во гимназијата, кое според нашите сознанија било директен одраз на политичката ситуација во Бугарија и претставувало пресметка помеѓу приврзаниците и противниците на бугарскиот премиер Стефан Стамболов.

Настанот вешто бил искористен од македонските ученици кои се побуниле и го поставиле прашањето за отфрлање на бугарскиот јазик од наставата и негова замена со македонски народен говор. Со бунтот раководел конспиративен ученички кружок, кој бил управуван од Петар Поп Арсов и Даме Груев. Како резултат на бунтот, од гимназијата биле исклучени 38 ученици, меѓу кои и нивниот организатор Петар Поп Арсов.

Желбата за наобразба и примамливите ветувања од српските пропагандисти го одвеле Поп Арсова на школување во Белград. Таму, во учебната 1888/89 година, се запишал како вонреден студент во првата година на Филозофскиот факултет–оддел филологија. Меѓутоа, тој и неговите другари, уште на самиот старт се соочиле со српската денационализаторска политика кон нив. Оттука резултираат и судирите со претпоставените во пансионот и повторните бунтувања. Поп Арсов во Белград ги убедувал своите сонародници дека тие не се Срби и дека треба да се спротивставаат на секој обид од нив да се прават Срби. Токму поради таквото однесување тој прв бил исклучен од Високата школа во Белград во почетокот на 1890 година.

3. Нов квалитативен момент во образовниот процес на Поп Арсов претставува неговиот студиски престој во Софија. Здобиен со горчливо искуство од српската и бугарската денационализаторска и асимилаторска политика кон Македонците, Петар, во тоа време, како зрела личност размислува и бара начини за организирано спротивставување на странските пропаганди во Македонија. Во исто време, се кројат планови и за ослободување на Македонија и од османско ропство.

